# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 01.01/2012 - 31.12/2012

*Почитувани,*

*Годишниот извештај за работата на Собранието на Република Македонија за 2012 година го опфаќа периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година, период интензивен според динамиката на работата. И овој извештај претставува своевидна синтеза на детални информации за пленарните седници, за активностите на работните тела, за интензивната меѓународна соработка, како и повеќе методолошки уредени податоци за активностите кои се одвиваат во Собранието.*

*Исто така, тука може да се сретнат и информации за работата на парламентарните групи и делегации на Собранието и заедничките активности со невладиниот сектор и меѓународните организации, како и информации поврзани со проектите на Собранието и програмските активности на пратениците и службениците.*

*Би сакал да го искажам моето задоволство од добиените оценки од Европската унија во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија од 10 октомври, за почеток со преговори. Верувам дека во периодот што претстои ќе ги исполниме нашите очекувања на полето на евоинтеграциите во ЕУ и НАТО.*

***Претседател на Собранието***
***на Република Македонија***
***Трајко Вељаноски***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1. Промени во пратеничкиот состав 5
2.2. Промени во структурата на пратеничкиот состав 9
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 9
**3. Пленарни седници на Собранието на Република Македонија** **10**
3.1. Пленарни седници 11
3.1.1. Посебни седници 12
3.1.2 Присуство и учество на седниците 13
3.1.3. Одлучување и гласање 15
3.2 Разгледувани акти 16
3.2.1. Поставени акти на седница 16
3.2.2. Разгледани акти на седница 17
3.3. Закони 18
3.3.1. Донесени закони 23
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 32
3.3.3. Закони по редовна постапка 34
3.3.4. Донесени ратификации 43
3.3.5. Неприфатливи предлог закони 46
3.3.6. Недонесени закони 48
3.3.7. Повлечени закони 48
3.4. Одлуки 49
3.5. Други акти 55
3.5.1. Усвоени акти 55
3.5.2. Акти за усвојување 59
3.5.3. Неусвоени и повлечени акти 60
3.6. Амандмани 63
3.7. Пратенички прашања 72
**4. Работни тела на Собранието на Република Македонија** 74
4.1. Постојани работни тела **75**
4.2. Посебни работни тела 135
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 135
4.3. Совети 137
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 137
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 139
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 141
**5. Претседател и потпретседатели** **160**
5.1. Претседател 161
5.2. Потпретседатели 170
**6. Меѓународна соработка** **176**
6.1. Мултилатерална соработка 179
6.2. Билатерална соработка 188
6.3. Други меѓународни активности 188
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието на РМ** **192**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 193
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 193
7.3. Свечени изјави 195
**8. Јавност во работата на Собранието** **196**
8.1. Собраниски ТВ канал 197
8.2. Електронска комуникација 199
8.3. Средства за јавно информирање 203
**9. Клуб на жени пратеници** **206**
**10. Активности на невладини организации во Собранието на РМ** **211**
10.1. Вестминстер фондација за демократија 212
10.2. Национален демократски институт НДИ 214
10.3. МОСТ 216
**11. Служба на Собранието на Република Македонија** **218**
11.1. Внатрешна организација 219
11.1.1. Одделение за внатрешна ревизија 223
11.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси 226
11.2. Податоци од стручно-административен карактер 232
**12. Прилози** **236**
Прилог 1 Одржани седници 237
Прилог 2 Дневни редови на седници 240
Прилог 3 Меѓународни активности 263

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1. ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Алиу Имер | ДПА | |
| 4. | Алији Газменд | ДПА | |
| 5. | Анастасова Станка | СДСМ | |
| 6. | Ангелов Голупчо | СДСМ | |
| 7. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 8. | Апостолов Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 9. | Ацевски Николче | НСДП | |
| 10. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 11. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 12. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 13. | Бишевац Сафет | независен | |
| 14. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 15. | Величковски Ивон | ЛП | |
| 16. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 17. | Велјановски Митре | СДСМ | |
| 18. | Гошев Славе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Георгиев Гордан | СДСМ | |
| 20. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 21. | Диневски Менде | СДСМ | |
| 22. | Деари Ирфан | ДУИ | |
| 23. | Дурмиши Рејхан | ПЕИ | |
| 24. | Додевски Милорад | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 25. | Демири Креци Фламуре | НДП | |
| 26. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Ѓорѓиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Зекири Изет | НДП | |
| 32. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 33. | Исмаиљи Реџаил | ДУИ | |
| 34. | Ибраимовски Самка | ПЦЕР | |
| 35. | Ибраими Орхан | ДПА | |
| 36. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 37. | Имери Дешира | ДУИ | |
| 38. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | оставка,<br>заменет со Марија Рашковска |
| 39. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Јовковска Ефтимова Дивна | СДСМ | |
| 41. | Јакупи Неџати | ДУИ | |
| 42. | Казанџиска Билјана | СДСМ | |
| 43. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 45. | Карапетрова Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **46.** | Кузмановска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **47.** | Коџобашиев Ѓорѓи | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **48.** | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **49.** | Љабеништа Арбен | ДУИ | |
| **50.** | Макрадули Јани | СДСМ | |
| **51.** | Мехмети Ермира | ДУИ | |
| **52.** | Мехмети Нуредини Вјолца | ДУИ | |
| **53.** | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **54.** | Матевска Дуза Цена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **55.** | Мисини Хајрула | ДУИ | |
| **56.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **57.** | Минчев Горан | СДСМ | |
| **58.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **59.** | Муминовиќ Рафет | ДЛБМ | |
| **60.** | Марачков Саве | СДСМ | |
| **61.** | Мазгалоска Вучетиќ Светлана | СДСМ | |
| **62.** | Мицевски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **63.** | Манчев Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **64.** | Милетиќ Драгиша | СНС | |
| **65.** | Николиќ Мазнева Косана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **66.** | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| **67.** | Николовска Ленче | независен | |
| **68.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **69.** | Орцев Панче | СДСМ | |
| **70.** | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| **71.** | Петковски Тито | НСДП | |
| **72.** | Пачков Јордан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **73.** | Пепиќ Авдија | СДА | |
| **74.** | Павловска Данева Ана | СДСМ | |
| **75.** | Пашовски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **76.** | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **77.** | Павлова Елена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **78.** | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **79.** | Пауновски Стојко | СДСМ | |
| **80.** | Петров Андреј | СДСМ | |
| **81.** | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **82.** | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Стојменов Борислав | ВМРО-Мак. | |
| **84.** | Салиу Сузана | ДУИ | |
| **85.** | Савова Салковска Наташа | СДСМ | |
| **86.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **87.** | Спасовски Оливер | СДСМ | |
| **88.** | Стојановски Благоја | СДСМ | |
| **89.** | Станковиќ Емилијан | СДСМ | |
| **90.** | Стеванаџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **91.** | Ставров Борче | СДСМ | |
| **92.** | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| **93.** | Села Зијадин | ДПА | |
| **94.** | Сарач Ердоган | ДНЕТ | |
| **95.** | Саздов Павле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **96.** | Станковиќ Малиша | СПМ | |
| **97.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **98.** | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 99. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 100. | Тушева Маринела | СДСМ | |
| 101. | Томиќ Тања | СДСМ | |
| 102. | Тренов Ромео | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 103. | Узеири Ферати Мерал | ДПА | |
| 104. | Фазлиу Беким | ДПА | |
| 105. | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| 106. | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| 107. | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 109. | Џолонга Михајло | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 110. | Џемајловски Мевмет | ПЕИ | |
| 111. | Џафери Арбен | ДПА | 10.09.2012, починат<br>заменет со Садије Илјази |
| 112. | Џафери Талат | ДУИ | |
| 113. | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| 114. | Шокаровски Харалампие | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 115. | Шехаби Бехиџудин | ДУИ | |
| 116. | Анова Сузана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 117. | Трпковски Стефче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 118. | Мисими Хајрије | ДУИ | |
| 119. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 120. | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 121. | Маџовски Диме | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 122. | Трајановски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 123. | Настевски Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 124. | Илјази Садије | ДПА | 25.09.2012,<br>наместо Арбен Џафери |
| 125. | Рашковска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 29.11.2012,<br>наместо Љубисав Иванов Зинго |

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 01.01.2012 | 31.12.2012 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 46 | 47 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 2 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ВМРО-Македонска | ВМРО-Македонска | 1 | 1 |
| 6. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 7. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 8. | ПЦЕР | Партија за целосна еманципација на Ромите во Македонија | 1 | 1 |
| 9. | СРМ | Сојуз на Ромите на Македонија | 1 | 1 |
| 10. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 11. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 14 | 14 |
| 12. | ПЕИ | Партија за европска иднина | 3 | 3 |
| 13. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 29 | 29 |
| 14. | НДП | Национална демократска преродба | 2 | 2 |
| 15. | НСДП | Нова социјал-демократска партија | 4 | 4 |
| 16. | ЛП | Либерална партија | 1 | 1 |
| 17. | ДНТЕМ | Движење за нацинално единство на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 18. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 8 | 8 |
| 19. | НП | Независни пратеници | 2 | 2 |
| 20. | СНСМ | Српска напредна странка во Македонија | 1 | 1 |
| 21. | ДЛБМ | Демокртаска лига на бошњаците во Македонија | 1 | 1 |
| | | **ВКУПНО:** | **123** | **123** |

## 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРАТА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

### 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 2011 | 84 | 68% | 25 | 20% | 2 | 1,6% | 2 | 1,6% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% | 1 | 0,8% | 3 | 2,4% |
| 2012 | 84 | 68% | 25 | 20% | 2 | 1,6% | 2 | 1,6% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% | 1 | 0,8% | 3 | 2,4% |

### 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 2011 | 85 | 70% | 38 | 30% |
| 2012 | 83 | 67% | 40 | 33% |

### 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 2011 | 5 | 4% | 35 | 28,4% | 40 | 32,5% | 35 | 28,4% | 5 | 4% | 3 | 2,4% |
| 2012 | 6 | 4,8% | 37 | 30% | 39 | 31,7% | 35 | 28,4% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% |

### 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 2011 | 6 | 5% | - | - | 117 | 95% | 14 | 3 | 13 |
| 2012 | 6 | 5% | - | - | 117 | 95% | 14 | 3 | 13 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период се одржани 32 седници од кои две останаа незавршена со 11 преостанати точки (5 закони, една информација и пет автентични толкувања). Исто така, во овој период се завршени и 16-та и 18-та седница од 2011 година со 24 преостанати точки (21 закон, 1 информација, 1 одлука и 1 програма).




вкупно седници - 32

завршени - 30

незавршени - 2



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

# Посебни седници во периодот 01.01.2012 – 31.12.2012

**Пратенички прашања - 11**

- 22 седница одржана на 26.01.2012 година;
- 24 седница одржана на 23.02.2012 година;
- 25 седница одржана на 22.03.2012 година;
- 28 седница одржана на 19.04.2012 година;
- 33 седница одржана на 31.05.2012 година;
- 36 седница одржана на 26.06.2012 година;
- 38 седница одржана на 26.07.2012 година;
- 41 седница одржана на 27.09.2012 година;
- 44 седница одржана на 26.10.2012 година;
- 46 седница одржана на 20.11.2012 година и
- 50 седница одржана на 27.12.2012 година.

**Обраќања - 5**

- Претседателот на Собранието на Република Албанија, госпоѓа Јосефина Чоба Топали, (27 седница, 04.04.2012 година);
- Претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција, господин Џемил Чичек, (31 седница, 17.05.2012 година);
- Претседателот на Големото Националниот Совет на Република Австрија, г-ѓа Барбара Прамер, (32 седница, 23.05.2012 година);
- Генералниот секретар на Обединетите нации господин Бан Ки - Мун, (39 седница, 25.07.2012 година);
- Претседателот на Република Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов (48 седница, 18.12.2012 година);

**Комеморативна - 1**

- По повод смртта на Киро Глигоров, првиот претседател на суверена и независна Република Македонија, (21 седница, 03.01.2012 година)

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 26-та седница со 19 работни дена (122 часа и 15 минути).
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 26-та седница со 122 часа и 15 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија е почетокот на 34-та седница, која траела од 11,25 часот на 28 мај до 40 минути по полноќ следниот ден 29 мај или во континуитет 13 часа и 15 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 31-та седница која траела 15 минути.

## 3.1.2. ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 16 седница | 5 | 30 часа и 10 минути |
| 18 седница | 1 | 25 минути |
| 20 седница | 10 | 71 час и 25 минути |
| 21 седница | 1 | 20 минути |
| 22 седница | 1 | 6 часа и 35 минути |
| 23 седница | 12 | 82 часа и 35 минути |
| 24 седница | 1 | 6 часа и 15 минути |
| 25 седница | 1 | 6 часа и 45 минути |
| 26 седница | 19 | 122 часа и 15 минути |
| 27 седница | 1 | 20 минути |
| 28 седница | 1 | 6 часа и 15 минути |
| 29 седница | 14 | 97 часа и 25 минути |
| 30 седница | 13 | 91 час и 30 минути |
| 31 седница | 1 | 15 минути |
| 32 седница | 1 | 20 минути |
| 33 седница | 1 | 6 часа и 30 минути |
| 34 седница | 10 | 66 часа и 40 минути |
| 35 седница | 13 | 98 часа и 05 минути |
| 36 седница | 1 | 6 часа и 05 минути |
| 37 седница | 10 | 59 часа и 15 минути |
| 38 седница | 1 | 6 часа и 20 минути |
| 39 седница | 1 | 30 минути |
| 40 седница | 9 | 46 часа и 35 минути |
| 41 седница | 1 | 6 часа и 25 минути |
| 42 седница | 8 | 52 часа и 20 минути |
| 43 седница | 1 | 11 часа и 10 минути |
| 44 седница | 1 | 4 часа и 05 минути |
| 45 седница | 13 | 89 часа и 15 минути |
| 46 седница | 1 | 6 часа и 30 минути |
| 47 седница | 5 | 20 часа и 20 минути |
| 48 седница | 1 | 40 минути |
| 49 седница | 1 | 1 час и 45 минути |
| 50 седница | 1 | 4 часа и 55 минути |
| 51 седница | 1 | 35 минути |
| **вкупно: 34 седници** | **150 дена** | **875 часа и 15 минути** |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 150.*
*Во текот на тие работни денови остварени се :*
*вкупно присуства: 15.930*
*вкупно отсуства: 2.501 од кои:*
*- оправдани 2.247*
*- неоправдани 254*

**Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници**




*број на пратеници присутни во денови кога се одржувале седници*

***забелешка** Во табелата не влегуваат двата пратеника на кои им престана мандатот и двата нови пратеника поради непотполн број на присуства.*

***Еден пратеник не присуствувал ниту на една седница на Собранието, додека осуммина пратеници присуствувале на сите сто и педесет дена кога заседавало Собранието.***

*Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство. Во овој мандатен период е изречена една ваква казна.*

## 3.1.3. ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | резолуции | декларации | уставни измени | информации | програми | извештаи | планови | интерпелации | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | заклучоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **16** | **22** | 21 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| **18** | **2** | | 1 | | | | | 1 | | | | | | | |
| **20** | **34** | 30 | 1 | | | | 1 | | | | | 2 | | | |
| **23** | **33** | 32 | | | | | | | | | 1 | | | | |
| **26** | **60** | 47 | 6 | | | | 1 | 1 | | 2 | | 3 | | | |
| **29** | **70** | 30 | 22 | | 1 | | | | 14 | 2 | | 1 | | | |
| **30** | **38** | 32 | 1 | | | 1 | 1 | | | | | 3 | | | |
| **34** | **18** | 12 | | | | | | | 2 | | 1 | 3 | | | |
| **35** | **46** | 41 | 4 | | | | 1 | | | | | | | | |
| **37** | **44** | 27 | 6 | | | | | 1 | 6 | | | 4 | | | |
| **40** | **33** | 29 | 2 | | | | 1 | | | | | | 1 | | |
| **42** | **29** | 25 | 3 | | | | | | | | | | | 1 | |
| **43** | **1** | | | | | | | | | | 1 | | | | |
| **45** | **47** | 35 | 3 | | | | 1 | | | 1 | 1 | 5 | | | 1 |
| **47** | **40** | 38 | 2 | | | | | | | | | | | | |
| **49** | **28** | 17 | 11 | | | | | | | | | | | | |
| **51** | **5** | 3 | 2 | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **550** | **419** | **64** | | **1** | **1** | **7** | **3** | **22** | **5** | **4** | **21** | **1** | **1** | **1** |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | второ читање | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **419** | 238 | 2 | 41 | 129 | | | | | 4 | 5 |
| **2.** | одлуки | **64** | 63 | 1 | | | | | | | | |
| **3.** | уставни измени | **1** | | | | | | | 1 | | | |
| **4.** | декларации | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **5.** | информации | **7** | | | | | | 6 | | | | 1 |
| **6.** | програми | **3** | | | | | | 3 | | | | |
| **7.** | извештаи | **22** | | | | | | 22 | | | | |
| **8.** | планови | **5** | | | | | | 5 | | | | |
| **9.** | интерпелациии | **4** | | | | | | | 4 | | | |
| **10.** | автентични толкувања | **21** | 1 | | | | | | | 15 | | 5 |
| **11.** | завршни сметки | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **12.** | стратегии | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **13.** | заклучоци | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **550** | **303** | **3** | **41** | **129** | | **39** | **5** | **15** | **4** | **11** |

# 3.3. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*
*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако

Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"- меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



**ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ 501**




**ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 238**



# 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 3. | Закон за концесии и јавно приватно партнерство | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 6. | Закон за европски работнички совет | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 7. | Закон за еднакви можности на жените и мажите | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патничкиот сообраќај | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 9. | Закон за регистрирање на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 10. | Закон за дополнување на Законот за спречување на судир на интереси | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 12. | Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација | Влада | редовна | 16 11.01.2012 |
| 13. | Закон за дополнување на Законот за виното | Влада | скратена | 16 11.01.2012 |
| 14. | Закон за изменување на Законот за државните службеници | Влада | скратена | 16 11.01.2012 |
| 15. | Закон за изменување на Законот за јавните службеници | Влада | скратена | 16 11.01.2012 |
| 16. | Закон за дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 16 11.01.2012 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | Влада | скратена | 16 12.01.2012 |
| 18. | Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Влада | скратена | 16 12.01.2012 |
| 19. | Закон за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |
| 20. | Закон за изменување Законот за исплата на платите во Република Македонија | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |
| 21. | Закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |
| 22. | Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |
| 23. | Закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |
| 24. | Закон за минимална плата во Република Македонија | Влада | редовна | 20 23.01.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **25.** | Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **26.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **27.** | Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **29.** | Закон за изменување на Законот за платниот промет | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **30.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала | Влада | редовна | 20<br>23.01.2012 |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Влада | редовна | 20<br>24.01.2012 |
| **32.** | Закон за дополнување на Законот за домување | Влада | редовна | 20<br>24.01.2012 |
| **33.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност | Влада | редовна | 20<br>25.01.2012 |
| **34.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | редовна | 20<br>25.01.2012 |
| **35.** | Закон за дополнување на Законот за лична карта | И. Димовски<br>И.Китановски | редовна | 20<br>25.01.2012 |
| **36.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија | Влада | редовна | 23<br>14.02.2012 |
| **37.** | Закон за прогласување на локалитетот "Езерани" на Преспанското Езеро за парк на природата | Влада | редовна | 23<br>14.02.2012 |
| **38.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници | Влада | редовна | 23<br>14.02.2012 |
| **39.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници | Влада | редовна | 23<br>14.02.2012 |
| **40.** | Закон за дополнување на Законот за воздухопловство | Влада | редовна | 23<br>14.02.2012 |
| **41.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување | Влада | скратена | 23<br>17.02.2012 |
| **42.** | Закон за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ "Лера" како дел од хидросистемот "Стрежево" | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **43.** | Закон за прогласување на локалитетот Вевчански извори за споменик на природата | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **44.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **45.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **46.** | Закон за изменување на Законот за семејство | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **47.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **48.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |
| **49.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи | Влада | редовна | 26<br>20.03.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **50.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта | Влада | редовна | 26<br>27.03.2012 |
| **51.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам | Влада | редовна | 26<br>27.03.2012 |
| **52.** | Закон здравствената заштита | Влада | редовна | 26<br>28.03.2012 |
| **53.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за водите | Влада | скратена | 26<br>28.03.2012 |
| **54.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството | Влада | скратена | 26<br>28.03.2012 |
| **55.** | Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | скратена | 26<br>28.03.2012 |
| **56.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование | Пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ | скратена | 26<br>03.04.2012 |
| **57.** | Закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија | Влада | редовна | 29<br>30.04.2012 |
| **58.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи | Влада | редовна | 29<br>30.04.2012 |
| **59.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **60.** | Закон за дополнување на Законот за заштита на природата | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **61.** | Закон за престанок на важење на Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **62.** | Закон за дополнување на Законот за платниот промет | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **63.** | Закон за задолжница | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **64.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **65.** | Закон за изменување на Законот за инвалидски организации | Влада | редовна | 29<br>09.05.2012 |
| **66.** | Закон за престанување на важењето на Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството | Влада | скратена | 29<br>09.05.2012 |
| **67.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите | Влада | скратена | 29<br>09.05.2012 |
| **68.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникациии | Влада | скратена | 29<br>09.05.2012 |
| **69.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за подобрување на општинските услуги | Влада | скратена | 29<br>14.05.2012 |
| **70.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за процена | Влада | скратена | 30<br>23.05.2012 |
| **71.** | Закон за изменување на Законот за спортот | Влада | скратена | 30<br>23.05.2012 |
| **72.** | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година** | **Влада** | **редовна** | **34<br>06.06.2012** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **73.** | Закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен налог во друштвата АД Органско Хемиска Индустрија "Наум Наумовски - Борче" Скопје, Тутунски Комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена "11 Октомври Еурокомпозити" АД Прилеп | Влада | скратена | 26<br>11.06.2012 |
| **74.** | Закон за изменување на Законот за шумарска и ловна инспекција | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **75.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **76.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **77.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **78.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **79.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството на Меѓународниот монетарен фонд | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **80.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **81.** | Закон за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет | Влада | редовна | 34<br>11.06.2012 |
| **82.** | Закон за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност | позиција | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **83.** | Закон за изменување на Законот за класифицирани информации | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **84.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **85.** | Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **86.** | Закон за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **87.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **88.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **89.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем | Влада | редовна | 35<br>20.06.2012 |
| **90.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |
| **91.** | Закон за дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |
| **92.** | Закон за изменување на Законот за административните такси | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |
| **93.** | Закон за изменување на Законот за даноците на имот | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |
| **94.** | Закон за дополнување на Законот за даночна постапка | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |
| **95.** | Закон за адвокатски маркички | Влада | редовна | 35<br>27.06.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **96.** | Закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог на МЖ Транспорт АД Скопје | Влада | скратена | 35<br>27.06.2012 |
| **97.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - III фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот | Влада | скратена | 35<br>27.06.2012 |
| **98.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Дојче Банка по Договорот за заем наменет за буџетска поддршка | Влада | скратена | 35<br>28.06.2012 |
| **99.** | Закон за дополнување на Законот за странците | Влада | скратена | 35<br>28.06.2012 |
| **100.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци | Влада | скратена | 35<br>28.06.2012 |
| **101.** | Закон за идентификација и регистрација на животните | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **102.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **103.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **104.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за водостопанства | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **105.** | Закон за архивски материјал | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **106.** | Закон за прогласување на спомeничната целина на Крушево за културно наследство од особено значење | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **107.** | Закон за комунални дејности | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **108.** | Закон за вршење на сметководствени работи | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **109.** | Закон за експропријација | Влада | редовна | 37<br>24.07.2012 |
| **110.** | Закон за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | редовна | 37<br>30.07.2012 |
| **111.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | редовна | 37<br>30.07.2012 |
| **112.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка | Влада | редовна | 37<br>31.07.2012 |
| **113.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | Влада | редовна | 37<br>31.07.2012 |
| **114.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Влада | редовна | 37<br>31.07.2012 |
| **115.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот "Рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце | Влада | скратена | 37<br>31.07.2012 |
| **116.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот "Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола", кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ | Влада | скратена | 37<br>22.08.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **117.** | Закон за издавање на вредносни бонови - ваучери | Влада | скратена | 37<br>22.08.2012 |
| **118.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура | Влада | редовна | 40<br>10.09.2012 |
| **119.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за царинската управа | Влада | редовна | 40<br>10.09.2012 |
| **120.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи | Влада | редовна | 40<br>12.09.2012 |
| **121.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | Влада | редовна | 40<br>12.09.2012 |
| **122.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност | Влада | редовна | 40<br>12.09.2012 |
| **123.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите | Влада | редовна | 40<br>13.09.2012 |
| **124.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Влада | редовна | 42<br>25.09.2012 |
| **125.** | Закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување на средства за финансирање на програмата за изградба на железничката пруга Куманово - Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир (граница со Република Бугарија) во 1994, 1995 и 1996 година | Влада | редовна | 42<br>25.09.2012 |
| **126.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси | Влада | редовна | 42<br>25.09.2012 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 10 |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 10 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ,** претседател | |
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Владимир Ѓорчев | |
| 2. | Кенан Хасипи | |
| 3. | Михајло Цолонга | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Јордан Пачков | |
| 6. | Игор Ивановски | |
| 7. | Наташа Савова Салковска | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Сафет Бишевац | |
| 10. | Ермира Мехмети Деваја | |
| 11. | Дешира Имери | |
| 12. | Мерал Узеири Ферати | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Саздов | |
| 2. | Хараламлие Шокаровски | |
| 3. | Милорад Додевски | |
| 4. | Силвана Бонева | |
| 5. | Александар Спасеновски | |
| 6. | Емилијан Станковиќ | |
| 7. | Ердоган Сарач | |
| 8. | Гордан Георгиев | |
| 9. | Тања Томиќ | |
| 10. | Хајрула Мисини | |
| 11. | Арбен Љабеништа | |
| 12. | Зиадин Села | |

**Комисијата одржа деветнаесет седници на кои разгледа 61 точка.**

Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на закони за ратификација на меѓународни договори, беа разгледани и препорачани на Собранието 52 предлози за донесување на законски акти.

Беа претставени платформите за дипломатски активности на шест македонски амбасадори пред стапување на должност (амбасадорите на Република Македонија во Постојаната Мисија на Советот на Европа, Република Хрватска, Кралството Белгија, Романија, Чешката Република и Република Естонија);

Согласно со законската обврска, министерот за надворешни работи Никола

Попоски имаше свое обраќање пред Комисијата во врска со актуелните прашања од областа на надворешната политика;

**Во рамките на меѓународната активност Комисијата оствари билатерални средби со:**

-Делегација на Групата за соработка со Македонија на Националното Собрание на Турција,
-членови на Групата "Пријатели на Македонија" - Европски парламент (европратениците Ричард Ховит, Едуард Кукан, Алојз Петерле),
-Делегација на Парламентот на Литванија,
-потпретседателите на Владата и министрите за надворешни работи на Австрија и Словачка, Михаел Шпинделегер и Мирослав Лајчек;

**Претседателот на Комисијата, Антонијо Милошоски оствари средби со:**

-Државниот секретар на Министерството за надворешни работи на Мароко Насер Бурита,
-Државниот министер за надворешни работи на Индија Пренит Кор;

**Заменик-претседателот на Комисијата, Александар Николоски средби со:**

-заменик-директорот на Директоратот за Евроазија во Министерство за надворешни работи на Израел, Ана Азари и
- во рамките на меѓународната активност, Претседателот на Комисијата учествуваше на Конференцијата на претседатели на комисии за надворешни работи на земјите-членки на Европската унија (КОФАК) во Копенхаген, Кралството Данска.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 61 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| ратификации | | 52 |
| **ислушување на амбасадори** | | 6 |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;
-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;
-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;
-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;
-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;
-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ХАЈРУЛА МИСИНИ,** претседател | |
| | **АРБЕН ЉАБЕНИШТА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Антонијо Милошоски | |
| 3. | Павле Трајанов | |
| 4. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 5. | Владанка Авировиќ | |
| 6. | Миле Пачемски | |
| 7. | Гордан Георгиев | |
| 8. | Маринела Тушава | |
| 9. | Јани Макрадули | |
| 10. | Ивон Величковски | |
| 11. | Неџати Јакупи | |
| 12. | Зиадин Села | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Милорад Додевски | |
| 2. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 3. | Томи Трајановски | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Ристо Манчев | |
| 6. | Михајло Цолонга | |
| 7. | Сафет Бишевац | |
| 8. | Цветанка Иванова | |
| 9. | Горан Минчев | |
| 10. | Станка Анастасова | |
| 11. | Талат Џафери | |
| 12. | Мерал Узеири Ферати | |

Во изминатиот извештаен период закажа 23 седници, од кои одржа 22 седници, на кои разгледа 41 точка, и оствари повеќе други активности согласно своите надлежности.

Во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа 34 законски предлози со ЕУ знак, при што констатира дека се прифатливи за понатамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ,

Расправаше по Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2012 година, изготвена од страна на Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Македонија, при што заклучи дека

претставува корисен и сеопфатен документ за следење на активностите во процесот на приближувањето на македонското со европското законодавство;

Во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за ЕУ процесите одржа заедничка седница со Комисијата за надворешна политика, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, посветена на Приоритетите и програмата за работа на претседателството на Кралството Данска со Европската унија (јануари-јули 2012 година), а кои беа претставени од амбасадорот на Кралството Данска, задолжен за Република Македонија со седиште во Виена, Н.Е. Торбен Брил.

Расправаше по Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот на реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, на заедничка седница со Националниот совет за евроинтеграции.

Согласно со надлежноста за следење на активностите на Владата и органите на државната управа (обврска која произлегува и од Декларацијата за поднесување барање за членство на Република Македонија во ЕУ), разгледа две информации и тоа една за реализираните активности на Националната програма за усогласување на правото за усогласување на правото на Европската унија за периодот 1 октомври - 31 декември 2011 година и една информација за реализираните активности на Националната програма за усогласување на правото на Европската унија, ревизија 2012 година и тоа за периодот 1 јануари - 31 март 2012 година, изготвени од Секретаријатот за европски прашања во Владата на РМ, на заедничка седница со Националниот совет за евроинтеграции.

Одржа заедничка седница со Националниот совет за евроинтеграции на која заменик претседателот на Владата за европски прашања д-р Теута Арифи, имаше свое обраќање во врска со тековната состојба за користењето на ИПА фондовите. На седницата имаше и презентација и др. Мојмир Мрак експерт од Република Словенија кој ги претстави искуствата и перспективите на ИПА фондовите за 2013 година.

Расправаше по Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2012 година, заедно со Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и усвои заеднички заклучоци по истиот, а кои Собранието на РМ на пленарна седница ги усвои.

**МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА КОМИСИЈАТА ВО СОБРАНИЕТО НА РМ И ВО СТРАНСТВО**

Во рамките на меѓународната активност во Собранието на Република Македонија претседателот и членовите на Комисијата оствари средби со:

- групата "Пријатели на Република Македонија" Ричард Ховит, Едуард Кукан и Алојз Петерле, во рамките на заедничката средба со Комисијата за надворешна политика, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ (21.02.2012);

-парламентарна делегација од Република Литванија (26.02.2012-28.02.2012);

-делегација од Парламентот на Кралството Шведска, задолжена за шведско-македонското пријателство (08.03.2012);

-комесарот за проширување и европска соседска политика на Европската комисија Штефан Филе, во рамките на заедничката средба со Комисијата за надворешна политика, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ (14.05.2012);

- потпретседателите и министрите за надворешни работи на Република Австрија и Република Словачка Михаел Спинделегер и Мирослав Лајачак (10.06.2012);

-комесарот за проширување и европска соседска политика на Европската комисија Штефан Филе, во рамките на заедничката средба со Комисијата за надворешна политика, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ (17.10.2012);

-специјалниот пратеник за начелни прашања на надворешните односи на Европската унија како и за односи со земјите членки на ЕУ на Сојузното министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија **д-р Петер Шуф** (30.10.2012).

Претседателот на Комисијата, Хајрула Мисини имаше одвоени средби со:

- амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија Н.Е Јоже Бенце (16.02.2012);

- амбасадорот на Република Чешка во Република Македонија, Н.Е Јозеф Браун (27.03.2012);

- средба со министерот за европски прашања на Кралството Данска Николаи Вамен, заедно со претседателите на Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РМ, и потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции и Пратеничката група за соработка со Парламентот на Кралството Данска (14.05.2012);

- вршителот на должност амбасадор на Исламска Република Иран во Република Македонија Н.Е Али Реза Сабзали (28.05.2012);

- експерти од Република Хрватска за поглавјата 23 и 24 (18.06.2012);

-известувачот на Европскиот парламент за Република Македонија **Ричард Ховит** (08.11.2012).

Во рамките на меѓународната активност во странство Претседателот на Комисијата учествуваше на:

- две конференции на комисиите за европски прашања на земјите членки на Унијата-КОСАК во Копенхаген, Кралството Данска во рамки на данското претседателство со ЕУ (на 26-28.01.2012 и на 22.-24.04.2012);

- конференцијата на комисите за европски прашања од ЈИЕ-КОСАП во Тирана, Република Албанија (08.03.2012);

- работилницата на Тема "Улогата на парламентите во ЕУ во пристапниот процес"

во Будва, Република Црна Гора заедно со пратениците г-ѓа Владанка Авировиќ и г-ѓа Билјана Казанџиска (22-24.06.2012);

- конференција на тема "Улогата на парламентите и владите во промовирање на компетитивноста и економскиот раст во земјите од Западен Балкан" во Милочар, Република Црна Гора, заедно со пратениците г. Марјанчо Николов и г-ѓа Владанка Авировиќ (20.07.2012-22.07.2012);

- на две конференции на комисиите за европски прашања на земјите членки на Унијата-КОСАК во Лимасол и во Никозија, Кипар во рамки на кипарското претседателство со ЕУ (8-9.07.2012 и 14-16.10.2012) и

- на конференцијата: "Борба за надминување на влијанието од кризата" во организација на тинк-тенкот "Пријатели на Европа", на која излагање имаше еврокомесарот за проширување г. Штефан Фуле, заедно со пратениците г. Владимир Ѓорчев и г. Гордан Гергиев во Брисел (5-6.12.2012);

- средби со европратениците во Европскиот парламент, г. Кристијан Вигенин (С&Д), г. Андреј Ковачев (ЕПП), г. Станимир Илчев (АЛДЕ) и со копреседавачот на Мешовитиот комитет РМ-ЕУ г. Јорго Шацимаркакис, заедно со пратениците г. Владимир Ѓорчев и г. Гордан Гергиев во Брисел, (5-6.12.2012).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 22 |
| Вкупно разгледани точки | | 41 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | 13 |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 26 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | 6 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 7 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕКИМ ФАЗЛИУ,** претседател | |
| | **САДИЈЕ ИЛЈАЗИ ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Лилјана Кузмановска | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Тони Трајановски | |
| 5. | Весна Бендевска | |
| 6. | Гордан Георгиев | |
| 7. | Ивон Величковски | |
| 8. | Сузана Салиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Сузана Анова | |
| 2. | Елена Павлова | |
| 3. | Васко Мицевски | |
| 4. | Јордан Пачков | |
| 5. | Сафет Бишевац | |
| 6. | Ана Павловска Данева | |
| 7. | Наташа Савова Салковска | |
| 8. | Хајрула Мисини | |

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа две седници, а една седница е одложена. На седниците беа разгледани вкупно три точки на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со редовно присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, преставници на меѓународните институции, Народниот правобранител, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Посебно значење Комисијата им даде на следниве Извештаи, кои беа разгледувани како точки на дневен ред, а по

истите беа предложени и усвоени Заклучоци:

1. Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2011 година
2. Годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2011 година
3. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, во делот 2.2. Човекови права и заштита на малцинствата

## КОНТАКТИ СО ГРАЃАНИ И РАЗГЛЕДУВАЊЕ НИВНИ ДОПИСИ

Во овој период претседателот на Комисијата практикуваше еднаш неделно закажување на средби со граѓани во врска со повредата на човековите права. Исто така, околу 10 дописи од граѓани пристигнаа во Комисијата, но за жал повеќето од нив беа поврзани со судската власт за кои Комисијата нема надлежност.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Претседателот на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа бројни средби со амбасадори на дипломатски претставништва во Република Македонија, како и нивни претставници кои ја следат заштитата на човековите права во Република Македонија. Исто Претседателот на Комисијата заедно со неколку членови, во Собранието одржаа средба со г. Тимо Манинен, експерт-евалуатор. Предмет на средбата беше евалуација на Проектот за поддршка на работењето на институцијата Народен правобранител**.** Комисијата исто така одржа средба и со мониторинг Комисијата на конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа.

## ПРЕТСТАВКИ

Во овој период се пристапи кон разгледување на пристигнатите 10 дописи и претставки на граѓаните. По утврдувањето на повредата на слободите и правата се побара писмено од институциите надлежни од својата област информација за секое барање поединечно. Исто така Претседателот на Комисија упати и известување до подносителите дека процедурата е започната.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Претседателот на Комисијата учествуваше на бројни конференции, трибини и работилници од областа на заштитата на човековите права во Република Македонија.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>-</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>-</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">уставни измени</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,

-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,

-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,

-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и

-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИНЧЕВ,** претседател | |
| | **ИВОН ВЕЛИЧКОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Китановски | |
| 2. | Сузана Анова | |
| 3. | Трајчо Димков | |
| 4. | Славе Гошев | |
| 5. | Емилијан Станковиќ | |
| 6. | Фијат Цаноски | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Имер Алиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Пашовски | |
| 2. | Ванчо Апостолов | |
| 3. | Цена Матевска Дуза | |
| 4. | Дарко Димитриевски | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Јани Макрадули | |
| 7. | Мевмет Џемајловски | |
| 8. | Орхан Ибраими | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа две седници на која беа разгледани вкупно пет точки на дневниот ред.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви,
-игрите на среќа и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** претседател |
| | **ГОРАН МИСОВСКИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Лилјана Кузмановска |
| 2. | Нада Станчевска |
| 3. | Владанка Авировиќ |
| 4. | Ѓорѓи Коџобашиев |
| 5. | Борислав Стојменов |
| 6. | Светлана Карапетрова |
| 7. | Миле Андонов |
| 8. | Стојко Пауновски |
| 9. | Ленче Николовска |
| 10. | Талат Џафери |
| 11. | Рафет Муминовиќ |
| 12. | Имер Алиу |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Драган Цуклев |
| 2. | Васил Пишев |
| 3. | Илија Китановски |
| 4. | Драган Настески |
| 5. | Ромео Тренов |
| 6. | Неџати Јакупи |
| 7. | Реџаиљ Исмаили |
| 8. | Самка Ибраимовски |
| 9. | Панче Орцев |
| 10. | Борче Ставров |
| 11. | Зиадин Села |
| 12. | Изет Зеќири |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 91/2011).

Со оваа Одлука се предвидени надлежностите на комисиите. Согласно цитираната Одлука, Комисијата за финансирање и буџет разгледува прашања што се однесуваат за:

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година има одржано 30 седници со вкупно 92 точки на дневен ред, од кои:
35 предлози на закони во прво читање, 28 предлози на закони во второ читање, 17 предлози на закони во скратена постапка, Предлог на Буџет на Република Македонија за 2013 година, 1 Ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, Завршна сметка на Буџет на Република Македонија за 2011, 8 извештаи и 1 Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2012 година.

Во изминатиот период Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на законите од обласа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно закони за давање на гаранции за задолжување.Тука посебно треба да се нагласат:

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за дополнителнио финансирање на Проектот за подобрување на општинските услуги. Основната цел на Проектот е подобрување

на транспарентноста, финансиската издржливост и квалитетот на извршувањето на општинските услуги во општините учеснички во Проектот преку обезбедување финансиска поддршка на општините за финансирање подпроекти од областа на водоснабдувањето и одведувањето отпадни води, управувањето со цврст отпад и други инвестиции во општински услуги кои имаат потенцијал за генерирање приходи односно остварување заштеди или пак кои се со висок приоритет за општините.

Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - III фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот. Најмалку 70% од оваа кредитна линија ќе биде наменета за финансирање на мали и средни претпријатија, додека под други приоритетни проекти, кои можат да се финансираат со најмалку 30% од средствата предвидени за оваа кредитна линија се подразбира мали и средни инвестиции, кои ќе бидат преземени од крајните корисници во било која големина во областа на заштита на животната средина, економијата базирана на знаење, енергија, инфраструктура (вклучувајќи го здравството и образованието), индустрија, туризам, трговија и други услужни дејности. Целта на проектот е обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор. Дополнително, овој Проект има за цел поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче Банка по Договорот за заем наменет за буџетска поддршка. Средствата од заемот во износ од 75 милиони евра ќе бидат наменети за финансирање на буџетскиот дефицит во 2012 година и рефинансирање на обврските кои достасуваат по основ на редовна отплата на државниот долг.

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот "Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово-Бељаковце".

Со воспоставување на овој Коридор ќе се развие систем на превоз што ќе придонесе кон зголемување на трговската размена меѓу Албанија, Македонија и Бугарија, односно подобрување на приодот и поврзување на соседните земји, во функција на подобрување на конкурентноста и развојот на економијата и комуникацијата со европските земји. Со рехабилитацијата на оваа делница ќе се придонесе кон намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај, односно кон подобрување на безбедноста при транспорт на луѓе и добра, заштеди во време, како и еколошки придобивки.

Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот "Модернизација на блок 2 и 3" во ТЕ Битола, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ. Со ревитализација и модернизација на Термоелектраната Битола ќе се продолжи работниот век и и ќе се зголеми ефикасноста на електраната. Позитивен ефект од проектот е спречување на поголем увоз на електрична енергија, со што на подолг рок ќе се обезбеди стабилност на националниот електронски

систем и усогласување со ЕУ директивите за ваков тип на постројки.

Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот "Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД-Скопје", кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД-Скопје. Основната цел на законот е потребата за обновување и подобрување на постојната состојба на возните средства со кои тековно располага МЖ Транспорт АД-Скопје. Со обновувањето и реконструкција на возните средства ќе се создадат услови за поквалитетни услуги за превоз на стока по поволни услови, со што ќе се унапреди конкурентноста на МЖ Транспорт АД-Скопје.

Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за прв Програмски заем за развојни политики за конкурентност. Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка. Клучните активности кои ќе се поддржат со овој заем се поделени во четири области и тоа:

- Развој на производство со висока додадена вредност,
- Олеснување на преструктуирањето на земјоделскиот сектор,
- Подобрување на ефикасноста на услугите на трговската логистика и
- Воспоставување флексибилност на пазарот на труд, развој на вештини и иновација.

Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Дојче Банка по Договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка. Целта на овој заем е да се обезбедат финансиски средства за финансирање на буџетските потреби во 2013 година.

При разгледувањето на законите за задолжување беа изнесени предлози во смисла на тоа дека поради последиците од економската криза во Република Македонија добро би било поедини проекти планирани во овие закони да се финансираат од Буџетот на Републека Македонија, наместо државата дополнително да се задолжува.

Во изминатиов период на своите седници Комисијата разгледуваше и предлози на закони од областа на даноците и царините.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа и законот за задолжница. Основна цел на предложеното решение е ефикасна заштита на доверителите од ризикот да не можат да ги наплатат своите побарувања, брза наплата на побарувањата и намалување на долгот меѓу домашните субјекти. Состојбите во должничко - доверителските односи укажуваат дека неплаќањето или ненавременото плаќање на обврските меѓу стопанските субјекти се вбројуваат во главните проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис сектор и воедно претставуваат основна причина за неликвидност на стопанството. Во оваа насока, се предлага воведување на задолжницата како инструмент за обезбедување на наплатата кој ќе придонесе за јакнење на соработката меѓу домашните субјекти и засилување на вкупната економска активност во земјата.

Комисијата во изминатиов период го разгледа и законот за вршење на сметководствени работи. Со предложените решенија се утврдуваат критериумите кои физичките и правните лица треба да ги исполнат за да стекнат право да вршат

сметководствени работи. Се пропишува постапката и условите за полагање на испит за стекнување на уверение за сметководител и овластен сметководител и се утврдува правото трговецот поединец-сметководител, трговецот поединец-овластен сметководител и друштвото да можат да вршат сметководствени работи по добивање на лиценца за работа од Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија како единствено професионално тело на национално ниво.

Комисијата, исто така, го разгледа и законот за експропријација. Со него за прв пат се воведува начелото на договарање, односно за предлагачот на експропријацијата се воведува обврска да ги примени одредбите од договорното право и на сопственикот на недвижноста да му понуди склучување на договор за размена или договор за продажба, а доколку сопственикот на недвижноста не ја прифати ова понуда, дури тогаш се пристапува кон постапка за експропријација.

Имајќи ја в предвид својата надлежност Комисијата, посебно внимание посвети на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година и Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. При нивното разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

Согласно со Законот за буџетите, Владата ја изготвува Предлог завршната сметка на Буџетот на Република Македонија и ја доставува до Собранието за донесување заедно со завршната сметка на буџетите на локалната самоуправа, извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет и коментарите на Министерството за финансии. Заради реализација на оваа надлежност, Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот за 2011 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози, мислења, забелешки, кои што треба да се имаат во предвид при изготвување на наредните буџети.

Согласно со Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија за 2011 година при што беа изготвени заклучоци и предложени за усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2011 година кој што е законска обврска за разгледување и усвојување од страна на Собранието. Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира пазарот на хартии од вредност и има функција на контрола и надгледување на она што се случува на пазарот на хартии од вредност.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во 2011 година, Финансискиот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за 2011 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на пазарот на

осигурување во Република Македонија во 2011 година.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 30 |
| Вкупно разгледани точки | | 92 |
| **Поднесени амандмани** | | **4** |
| Закони по области | политички систем | 92 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 35 |
| | 2 читање | 28 |
| | скратена и итна | 17 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 9 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која е определен претседателот, десет члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ,** претседател | |
| | **МАЛИЌА СТАНКОВИЌ** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Васил Пишев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Драган Цуклев | |
| 5. | Миле Андонов | |
| 6. | Стојко Пауновски | |
| 7. | Марјанчо Николов | |
| 8. | Николче Ацевски | |
| 9. | Рафет Муминовиќ | |
| 10. | Газменд Алиjи | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ванчо Апостолов | |
| 2. | Милорад Додевски | |
| 3. | Авдија Пепиќ | |
| 4. | Ристо Манчев | |
| 5. | Ленче Николовска | |
| 6. | Горан Минчев | |
| 7. | Ердоган Сарач | |
| 8. | Реџаиљ Исмаили | |
| 9. | Зиадин Села | |
| 10. | Изет Зеќири | |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 166/12 од 26.12.2012 година) на местото на претседател на Комисијата за економски прашања Љубисав Иванов Ѕинго е избрана Владанка Авировиќ и на местото заменикик претседател на Комисијата е избран Малиша Станковиќ .*

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа тринаесет седници. На седниците беа разгледани вкупно 33 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година разгледа четиринаесет предлог на закони во прво читање, дванаесет

предлог на закони во второ читање и еден предлог на закон по скратена постапка.

Комисијата за економски прашања на своите седници ги разгледа следните закони од економскиот систем:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија;

-Предлог на закон за вршење на дејности и услуги од мал обем;

- Предлог на закон за изменување на Законот за енергетика;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација;

-Предлог на закон за туристички развојни зони;

- Предлог на закон за минерални суровини;

- Предлог на закон за Геолошки Завод на Република Македонија;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност;

- Предлог на закон за дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;

- Предлог на закон за дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал;

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања поднесе четиринаесет амандмани.

Комисијата за економски прашања на осмата седница одржана на 24 јануари 2012 година ги разгледа и му предложи на Собранието на Република Македонија да ги разгледа и донесе Предлог одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2012 година и Предлог финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2012 година.

Комисијата за економски прашања на единаесеттата седница одржана на 17 април 2012 година ги разгледа Годишниот Извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2011 година и Годишниот Извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2011 година.

Комисијата за економски прашања на осумнаесеттата седница одржана на 22 октомври 2012 година ги разгледа Предлог финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2013 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2013 година.

Комисијата за економски прашања на петнаесеттата седница одржана на 5 септември 2012 година го разгледа Предлог законот за минерални суровини во прво читање во која се водеше и јавна расправа. Во расправата покрај членовите и нивните заменици, учество земаа повеќе експерти и стопанственици од областа на рударскиот сектор, минералните суровини и истакнати научни работници.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности. За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за заинтересираните субјекти од областа на економијата и слично, како и за претставниците на средствата за информирање.

**Меѓународна активност**

Во организација од Вестминстер фондацијата за демократија од 26 до 28 октомври 2012 година во Милочер, Република Црна Гора, претседателот на Комисијата за економски прашања Владанка Авировиќ, претседателот на Комисијата за финансирање и буџет Марјанчо Николов и претседателот на Комисијата за европски прашања Хајрула Мисини учествуваа на Конференција на тема "Зајакнување на улогата на парламентите и владите во промовирање на конкурентноста и економскиот раст во земјите од Западен Балкан".

Во своето обраќање претседателот на Комисијата за економски прашања Владанка Авировиќ истакна дека со спроведените реформи во регионот се создава добра и поволна деловна и бизнис клима. Република Македонија изминатите шест години направи многу реформи во тој поглед, како и поволностите што се нудат, посебно со отварањето на повеќето технолошки индустриски развојни зони, со што се отвараат многу погодности за странски инвестиции, како и повластените даночни стапки. Беше истакнато дека посебно внимание треба да се посети и на домашните инвеститори.

Во своето излагање г-ѓа Владанка Авировиќ го посочи постигнатото ниво на макроекономската стабилност, регулаторната реформа којашто се спроведува, како и планот за развој на идните активности. Беше кажано дека е потребно е продолжување и продлабочување на соработката и размената на искуства по однос на прашањата поврзани со унапредувањето на работата на Собранието и Собраниските Комисии, како и утврдувањето на начините на остварување на нивната соработка.

Собранието на Република Македонија и Собраниските Комисии ги разгледуваат извештаите на сите регулаторни тела. Комисијата за економски прашања ги разгледува Годишните извештаи на Регулаторната комисија за енергетика и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Акцент беше даден на работата на Комисијата за економски прашања, процесот на спроведување на

надзорните и јавните расправи, енергетската ефикасност.

Беше кажано дека зајакнувањето на соработката на парламентот со научната и стручна јавност, особено во областа на економијата е од огромно значење, особено во законската регулатива.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 33 |
| **Поднесени амандмани** | | **14** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 27 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 14 |
| | 2 читање | 12 |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година), со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА,** - претседател |
| | **ПАНЧЕ ОРЦЕВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ромео Тренов |
| 2. | Ванчо Апостолов |
| 3. | Малиша Станковиќ |
| 4. | Васко Пашовски |
| 5. | Драган Цуклев |
| 6. | Борче Ставров |
| 7. | Саве Марачков |
| 8. | Горан Сугаревски |
| 9. | Реџаиљ Исмаили |
| 10. | Орхан Ибраими |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Славе Гошев |
| 2. | Драган Настески |
| 3. | Бети Кузмановска |
| 4. | Трајчо Димков |
| 5. | Стефче Трпковски |
| 6. | Рафет Муминовиќ |
| 7. | Миле Андонов |
| 8. | Николче Ацевски |
| 9. | Драгиша Милетиќ |
| 10. | Беким Фазлиу |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 01 јануари 2012 до 31 декември 2012 година, има одржано 12 седници со 3 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно 19 точки на дневен ред од кои 18 точки како матично работно тело и 1 точка како заинтересирано работно тело и тоа:

-7 предлози на закони во прво читање;
-7 предлози на закони во второ читање;
-2 предлог на закони во скратена постапка;
-1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, во делот на земјоделство, шумарството и водостопанството (како заинтересирано работно тело);
-1 Предлог одлука за одржување надзорна расправа;

-1 Надзорна расправа со две продолженија (во тек).

Комисијата разгледа вкупно 32 амандмани од кои усвоени беа 14 амандмани, а неусвоени 18 амандмани.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи 12 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

**Комисијата ги разгледа следните точки на дневен ред:**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи;

-Предлог на закон за изменување на Законот за шумарска и ловна инспекција;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водостопанствата;

-Предлог на закон за идентификација и регистрација на животните;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство;

-Предлог одлука за одржување надзорна расправа на тема: „Злоупотреба во доделувањето на земјоделски субвенции ?" односно „Надзор на распределбата на земјоделските субвенции"

-Надзорна расправа на тема: „Надзор на распределбата на земјоделските субвенции"

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (скратена постапка); (предлагачи група пратеници)

-Разгледување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, во делот на земјоделство, шумарството и водостопанството;

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа доставени два Елаборати за проценета штета од елементарни непогоди.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 19 |
| **Поднесени амандмани** | | **12** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 9 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 7 |
| | 2 читање | 7 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| **надзорни расправи** | | 1 |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија кое, согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 и 144/2008), ги разгледува прашањата што се однесуваат за политичкиот систем, економскиот систем, јавните дејности и други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

| **ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | **РЕЏАИЉ ИСМАИЛИ,**<br>- претседател | |
| | **БЕХИЏУДИН ШЕХАБИ,**<br>- заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марија Рашковска | |
| 2. | Славе Гошев | |
| 3. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 4. | Павле Саздов | |
| 5. | Лилјана Затуроска | |
| 6. | Јани Макрадули | |
| 7. | Борче Ставров | |
| 8. | Благоја Стојановски | |
| 9. | Рејхан Дурмиќи | |
| 10. | Газменд Алији | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Борислав Стојменов | |
| 2. | Ане Лашкоска | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Стефче Трпковски | |
| 5. | Тони Трајановски | |
| 6. | Ленче Николовска | |
| 7. | Саве Марачков | |
| 8. | Тања Томиќ | |
| 9. | Панче Орцев | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

**Од областа на политичкиот систем Комисијата ги разгледа следните предлози на закони и тоа:**

-Предлог-закон за прогласување на локалитетот "Езерани" на Преспанското Езеро за парк на природата;
-Предлог-закон за прогласување на локалитетот Вевчански извори за споменик на природа;
-Предлог-закон за престанок на важење на Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата;
-Предлог-закон за дополнување на Законот за заштита на природата;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти;

-Предлог на закон за изменување на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија поднесен од: Ивон Величковски;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти поднесен од: Изет Зеќири, Фламуре Демири Креци;

-Предлог на закон за изменување на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, поднесен од пратеникот Ивон Величковски;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата;

**Од областа на економскиот систем Комисијата ги разгледа следниве предлози:**

-Предлог-закон за дополнување на Законот за воздухопловство;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота;

-Предлог-закон за комунални дејности;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации;

-Предлог-закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување на средства за финансирање на програмата за изградба на железничката пруга Куманово – Бељаковце - Крива Паланка – Деве Баир (граница со Република Бугарија);

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство;

-Предлог-закон за изменување на Законот за железничкиот систем;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба;

-Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги поднесен од Изет Зеќири;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронските комуникации поднесен од Изет Зеќири;

-Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за водите, по скратена постапка;

-Предлог-закон изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка;

**Од областа на јавните дејности Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони за:**

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај;

-Предлог-закон за автокампови;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;

-Предлог-закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка.

**Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата се:**

-Разгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации;

-Предлог - национална стратегија за води;

-Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година;

-Предлог-одлука за барање на информација од Министерството за животна средина и просторно планирање за состојбата со рестартирањето на топилницата во Велес и изградба на железара во Дуброво-Тремник (општина Неготино);

-Предлог одлука за давање согласност на Предлог – годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2012 година;

-Предлог одлука за давање согласност на Предлог – годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2012 година;

-Информација за состојбата со рестартирањето на топилницата во Велес и изградба на желазара во Дуброво-Тремник (општина Неготино);

-Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година.

-Предлог на одлука за давање на согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година.

-Годишен извештај за финансиското работење на ЈП Македонска радио телевизија во 2011 година, заедно со финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2011, со Извештај на независниот ревизор;

-Годишен финансиски план на ЈП МРТ за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на ЈП МРТ за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на ЈП МРТ за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за информирање на

иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на ЈП МРТ за редовни и инвестициони активности на радио програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на ЈП МРТ за редовни и инвестициони активности на телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на ЈП МРТ за редовни и инвестициони активности за Собранискиот канал за 2012 година;

-Предлог на одлука за давање на согласност на Годишниот финансиски извештај на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2011 година;

-Предлог на одлука за давање согласност на Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2011 година;

-Годишен извештај за работа на Советот за радиодифузија на Република Македонија за периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година

Годишен финансиски план на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2012 година;

-Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2011 година

Годишен финансиски извештај со завршна сметка на Агенцијата за цивилно воздухопловство за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година;

-Годишен извештај за реализација на програмата за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија за 2011 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2011 година;

-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации (прва фаза);

-Измена и дополнување на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2012 година;

**Материјали поставени за разгледување на седница, а повлечени од процедура**

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - I читање;

Статут на Агенцијата за пошти (I фаза);

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио

програмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на втор телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2012 година;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности за Собранискиот канал за 2012 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 30 |
| Вкупно разгледани точки | | 98 |
| **Поднесени амандмани** | | **25** |
| Закони по области | политички систем | 11 |
| | економски систем | 21 |
| | јавни дејности | 8 |
| Закони | 1 читање | 34 |
| | 2 читање | 29 |
| | скратена и итна | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 19 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 12 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,

-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,

-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,

-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,

-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,

-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,

-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,

-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,

-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,

-развој и унапредување на физичката култура,

-развојот на врвниот спорт и

-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ,** претседател |
| | **СВЕТЛАНА КАРАПЕТРОВА,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Нада Ципушева |
| 2. | Димитар Стеванаџија |
| 3. | Драган Настески |
| 4. | Диме Маџовски |
| 5. | Цена Матевска Дуза |
| 6. | Ана Павловска Данева |
| 7. | Фијат Цаноски |
| 8. | Митре Велјановски |
| 9. | Драгиша Милетиќ |
| 10. | Дешира Имери |
| 11. | Садије Илјази |
| 12. | Изет Зеќири |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Авдија Пепиќ |
| 2. | Славе Гошев |
| 3. | Владимир Ѓорчев |
| 4. | Трајчо Димков |
| 5. | Јордан Пачков |
| 6. | Билјана Казанџиска |
| 7. | Маринела Тушева |
| 8. | Дивна Јовковска Ефтимовска |
| 9. | Николче Ацевски |
| 10. | Вјолца Мехмети Нуредини |
| 11. | Џеват Адеми |
| 12. | Мерал Узеири Ферати |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 166/12, од 26 декември 2012 година) на местото на Газменд Алији за член на Комисијата е избрана Садије Илијази)*

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот 1 јануари - 31 декември 2012 година одржа 12 седници. На дневен ред на комисиските седници беа 15 точки, од кои 14 предлози на закони од областа на образованието, науката и спортот.*

Во деловнички предвидената процедура за донесување на закони, во 2012 година Комисијата расправаше по девет предлози

на закони. Според постапката за донесување закон, три законски предлози Комисијата ги разгледа во скратена постапка, а шест предлози на закони во редовна постапка. Во прво читање Комисијата водеше расправа за шест предлози на закони, а во второ читање се разгледани пет предлози на закони. За одбележување е фактот дека од девете предлози на закони предлагачи на три предлози се пратеници.

Во второто читање на предлозите на законите, Комисијата дебатираше по 47 амандмани, при што Комисијата беше предлагач на два амандмани.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа измените и дополнувањата на следниве закони: за основното образование, за средното образование, за високото образование, за учебници за основно и средно образование, за образование на возрасните, за научно-истаржувачката дејност, за МАНУ и за спортот. Измените и дополнувањата на законите се во насока на модернизација на воспитно-образовната дејност во основното и средното образование и решавање на прашања сврзани со искуствата од примената на законската регулатива во областа на образованието, науката и спортот.

Комисијата се посвети и оценките во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2012 година, во поглавјата 4.25-Наука и истражување и 4.26-Образование и култура.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 15 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 14 |
| Закони | 1 читање | 6 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,

-збогатување на историското и уметничкото творештво,

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,

-афирмација и заштита на авторството и авторското право,

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,

-издавачка дејност и библиотекарство,

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,

-употреба и заштита на македонскиот јазик,

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ГОРДАН ГЕОРГИЕВ,** претседател |
| | **МАРИНЕЛА ТУШЕВА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Цена Матевска Дуза |
| 2. | Харалампие Шокаровски |
| 3. | Ане Лашкоска |
| 4. | Авдија Пепиќ |
| 5. | Диме Маџовски |
| 6. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ |
| 7. | Митре Велјановски |
| 8. | Дивна Јовковска Ефтимовска |
| 9. | Бехиџудин Шехаби |
| 10. | Мерал Узеири Ферати |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Лилјана Затуроска |
| 2. | Светлана Карапетрова |
| 3. | Јордан Пачков |
| 4. | Михајло Џолонга |
| 5. | Сузана Анова |
| 6. | Арбен Љабеништа |
| 7. | Станка Анастасова |
| 8. | Ердоган Сарач |
| 9. | Билјана Казанџиска |
| 10. | Садије Илјази |

Комисијата за култура е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија за периодот од 1.01.2012 до 31.12.2012 година има одржано седум седници на кои се разгледани 9 точки на дневен ред од кои:

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за културата;

-Предлог-закон за дополнување на Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија;

-Активности за подготовка на Предлог - програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2013 година;

-Предлог - закон за прогласување на споменичката целина на Крушево за културно наследство од особено значење;

-Предлог - Програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2012 година;

- Амандмани на Предлог - Програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2012 година

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>9</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>1</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>3</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>3</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">уставни измени</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-здравствената заштита на населението,

-здравственото осигурување,

-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,

-заштита од болестите на зависност и од СИДА,

-хигиенско-епидемиолошката состојба,

-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,

-санитарниот и здравствениот надзор и

-други прашања што се однесуваат на здравството.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МЕНДЕ ДИНЕВСКИ,** претседател | |
| | **ТАЊА ТОМИЌ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Михајло Џолонга | |
| 2. | Харалампие Шокаровски | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Миле Пачемски | |
| 5. | Јордан Пачков | |
| 6. | Андреј Петров | |
| 7. | Станка Анастасова | |
| 8. | Билјана Казанџиска | |
| 9. | Ирфан Деари | |
| 10. | Зиадин Села | |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ромео Тренов | |
| 2. | Драган Цуклев | |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 4. | Елена Павлова | |
| 5. | Васко Мицевски | |
| 6. | Ивон Величковски | |
| 7. | Арбен Љабеништа | |
| 8. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008).

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

За овој период Комисијата одржа 14 седници. Комисијата има поднесено 33 амандмани.

Беа разгледани следниве предлози на закони:

-Предлог на закон за здравствената заштита;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;

-Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;

-Предлог на закон за доброволно здравствено осигурување;

-Предлог на закон за здравствена задолжница;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.

Комисијата за здравство во изминатиот период работеше на 2 јавни расправи и тоа:

На 09.02.2012 година Комисијата одржа јавна расправа по Предлог законот за здравствената заштита. За јавната расправа

беа поканети Министерството за здравство, Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора, деканите на Медицински, Стоматолошки и Фармацевтски факултет, Синдикатите при Клиничките центри, при Сојузот на синдикатите на Македонија и Групација за здравство при Стопанската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, здруженија на здравствени работници и коалиции на здруженија на граѓани.

На 13.12.2012 година Комисијата за здравство заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржаа јавна расправа на тема: "Како до подобра грижа и третман за лицата што живеат со ХИВ (ЛЖХИВ) во Република Македонија". На јавната расправа присуствуваа членовите на Меѓупартиската парламентарна група за ХИВ во Република Македонија, претставник на Министерството за здравство, претставници на Националниот координативен механизам за ХИВ и туберколоза, Националната комисија за ХИВ/СИДА на Р.М, УНДП, СЗО, УНИЦЕФ, како и претставници на здруженија на граѓани чие поле на работа се програмите и политиките за ХИВ.

Комисијата за здравство има особено конструктивни расправи кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. На седниците во континуитет се покануваат и присуствуваат претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, Лекарската комора на Република Македонија, Фармацевтската комора на Република Македонија и Стоматолошката комора на Република Македонија.

За овој мандатен период Комисијата за здравство оствари меѓународна средба со Делегација од пратеници и членови на Комисијата за здравство од Република Косово по прачања од здравствената дејност.

На барање на Здружението на РОМА СОС Прилеп, Комисијата формираше работна група од членови на Комисијата за постапување по нивните барања за остварување на здравствената заштита особено на популацијата на ромите.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| **Поднесени амандмани** | | **31** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 10 |
| Закони | 1 читање | 4 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | 2 |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и заншти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЦВЕТАНКА ИВАНОВА,** претседател |
| | **БИЛЈАНА КАЗАНЏИСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Сузана Анова |
| 2. | Миле Пачемски |
| 3. | Амди Бајрам |
| 4. | Светлана Карапетрова |
| 5. | Бети Кузмановска |
| 6. | Елена Павлова |
| 7. | Неџати Јакупи |
| 8. | Радмила Шеќеринска |
| 9. | Самка Ибраимовски |
| 10. | Соња Мираковска |
| 11. | Арбен Љабеништа |
| 12. | Орхан Ибраими |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Марија Рашковска |
| 2. | Весна Пемова |
| 3. | Александар Николовски |
| 4. | Веле Ѓорѓиевски |
| 5. | Стефче Трпковски |
| 6. | Васил Пишев |
| 7. | Ирфан Деари |
| 8. | Вјолца Мехмети Нуредини |
| 9. | Весна Бендевска |
| 10. | Менде Диневски |
| 11. | Станка Анастасова |
| 12. | Беким Фазлиу |

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година, Комисијата за труд и социјална политика одржа осумнаесет седници, а една седница е незавршена. На седниците беа разгледани вкупно 52 точки на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, преставници на меѓународните институции, Народниот правобранител, претставници на синдикати од областа на труд и социјалната политика, невладини органицации кои дејствуваат во оваа област, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата

координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони :

- Предлог на закон за изменување на Законот за семејството;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи;
- Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи;
- Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации;
- Предлог на закон за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
- Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за социјалната заштита
- Предлог на закон за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност;
- Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок;
- Предлог на закон за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за евиденциите од областа на трудот;
- Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување
- Предлог на закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со општествена и државна сопственост и
- Предлог на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства (материјалот е повлечен од овластените предлагачи)

Комисијата организираше две Јавни Расправи и тоа првата на тема: Правната регулатива за децата сторители, деца жртви и деца сведоци на кривични дела; и втората: Имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Согласно со Меморандумот за соработка помеѓу Собранието на Република Македонија и Детскиот фонд на

Обединетите Нации (УНИЦЕФ) потпишан на 20 ноември 2009 година, Комисијата за труд и социјална политика, формираше работна група за правата на децата. Врз основа на оваа соработка работната група за правата на децата оствари посети во следните институции: Воспитно-поправен дом - Тетово во Велес, Центар за социјални работи- Скопје, центар за Ран детски развој во просториите на НВО Лајфстарт-Битола, центар за Ран детски развој во населбата Баир во Битола (финансиран од Канцеларијата на УНИЦЕФ) и центар за Ран детски развој „БАМБИ„ во с. Новаци, центар за Ран детски развој „ВЕРО„ во Битола.

**Забелешка:** Комисијата за труд и социјална политика во периодот за кој се поднесува Извештајот одржа 19 седници од кои една седница, сеуште не е завршена. На незавршената седница на Комисијата се расправа за Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, на кој беа поднесени 15576 амандмани од овластени предлагачи.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 52 |
| **Поднесени амандмани** | | **10** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | 42 |
| Закони | 1 читање | 22 |
| | 2 читање | 17 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| декларации, резолуции | | 4 |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 2 |
| **јавни расправи** | | 2 |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **КОСАНА НИКОЛИЌ МАЗНЕВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Нада Ципушева | |
| 2. | Драган Настески | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Елена Павлова | |
| 5. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ | |
| 6. | Голупчо Ангелов | |
| 7. | Станка Анастасова | |
| 8. | Дивна Јовковска Ефтимовска | |
| 9. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Мицевски | |
| 2. | Бети Кузмановска | |
| 3. | Ане Лашкоска | |
| 4. | Лилјана Кузмановска | |
| 5. | Цветанка Иванова | |
| 6. | Маринела Тушева | |
| 7. | Митре Велјановски | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Бехиџудин Шехаби | |
| 10. | Садије Илјази | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година, работеше на редовни седници, јавни расправи, семинари, меѓународна конференција, теренски и мегународни активности.*

На 11 јануари 2012 година на седница на Собранието на РМ, беше донесен Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во Законот беа вградени и 6те амандмани на Предлог - законот предложени од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, како и 5те амандмани предложени од пратеничките, членови на Клубот на пратенички.

Во текот на 2012 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги одржа следниве седници. Седницата со точка на дневен ред "Предлог за

изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година - II читање"; одржана на 3 мај 2012 година, на која Предлогот беше прифатен. Седницата одржана на 28 мај 2012 година беше на тема: "Разгледување на Предлог стратегија за родово одговорно буџетирање". Комисијата го поддржа носењето на Предлог стратегијата за родово одговорно буџетирање со заклучок дека во натамошната фаза на доработување на Предлогот на стратегијата ќе се вклучат членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија (од позиција и опозиција), во сите три стратешки области.

На седницата одржана на 24 октомври 2012 година, Комисијата го разгледуваше "Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија 2012, со посебен осврт на делот за родовата рамноправност"

Во наведениот период Комисијата организираше јавни расправи.

КЕМ во соработка со Здружението за борба против рак "Борка" и Европската асоцијација за борба против рак на грлото на матката, чиј полноправен член е македонското здружение, на 25 јануари 2012 година одржа јавна расправа на тема: "Превенција од рак на грлото на матката - македонско и европско искуство"

На 17 мај 2012 година, КЕМ во соработка со Коалицијата " Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" одржа јавна расправа на тема: "Третманот на маргинализираните заедници во јавната комуникација", со осуда на говорот на омраза како заклучок.

Во соработка со Националниот совет за родова рамноправност на 12 јуни 2012 година, одржа јавна расправа на тема: "Улогата на жените во руралниот развој на Република Македонија - можности и предизвици."

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија на 28 јуни 2012 година, одржа јавна расправа на тема: "Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012 - 2015."
На 26 септември 2012 година, Комисијата одржа јавна расправа на која беше разледуван:
"Националениот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН (нацрт верзија)"

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Република Македонија во соработка со Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А. на 26 октомври 2012 одржаа јавна расправа на тема: "Како до подобар пристап на контрацепцијата во Република Македонија."

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, на 27 ноември 2012 година, Комисијата одржа јавна расправа на тема "Иницијативи и препораки за одржлива популациска политика во Република Македонија".

На 13 декември 2012 Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија и Меѓупартиската парламентарна група за ХИВ во соработка со Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А., работната група на лица што живеат со ХИВ Заедно посилни и

Националниот демократски институт одржаа јавна расправа на тема:
"Како до подобра грижа и третман за лицата што живеат со ХИВ - ЛЖХИВ во Република Македонија".

Во изминатиот период Комисијата организираше меѓународна конференција и семинари.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во соработка со Комисијата за родова еднаквост на Парламентот на Република Хрватска (со претседателката Нанси Тирели) и ГТФ - Регионален центар за еднаквост на половите, на 23 ноември, одржа меѓународна конференција за проектот: "Жените во руралниот развој, SEE WoRD".
На 7 февруари 2012 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ во соработка со Македонското женско лоби одржа семинар на тема:
"Утврдување механизми за примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите во локалната самоуправа и меѓуинституционална соработка".

На семинарот се обратија г-н Роберт Лидел, в.д. амбасадор на Европската Комисија во нашата земја и г-н Хајнц Бонгартц, директор на фондацијата Фридрих Еберт.

Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во соработка со Клубот на пратенички на Собранието на РМ, Министерството за труд и социјална политика, Советот на Европа и Меѓународната организација за франкофонија на 24 април 2012 одражаа семинар на тема:
"Парламентот како клучен актер во родовото буџетирање".

Комисијата работеше и на теренски активности.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во соработка со Здружението на граѓани Х.Е.Р.А. на 7 септември 2012 година одржа работна посета на младинскиот центар за сексуално и репродуктивно здравје "Сакам да знам" во општина Шуто Оризари.

Посетата на тема: "Подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје на младите во Република Македонија" беше резултат на заклучок од јавна расправа одржана на 28 јануари 2011 година во организација на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ и Х.Е.Р.А. На средбата присуствуваше и министерот за здравство на Република Македонија, Никола Тодоров, кој јавно се обврза да се најде начин за вклучување на овие центри во системот на јавно здравје, почнувајќи од гинеколог во Шуто Оризари.

На 2 ноември 2012 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија одржа средба со амбасадорот на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. Аиво Орав (како заклучок од седницата на КЕМ при разгледувањето на Извештајот од Европската комисија).

Во изминатиот период Комисијата беше активна и на меѓународен план

Претседателката на Комисијата, Лилјана Поповска зеде учество на Интернационална конференција за улогата на националните механизми за поголема

еднаквост во општеството која се одржа на 21 и 24 март 2012 година во Анкара, Р. Турција.

На студиската посета на Р. Бугарија која се одржа од 2 до 6 април 2012 година, со цел Размена на најдобрите ЕУ практики за имплементација на законодавството од областа на антидискриминацијата, присуствуваше членот на Комисијата, Весна Пемова.

Во организација на Одборот за родова еднаквост на Собранието на Црна Гора и UN Women, во Будва, Црна Гора на 25 и 26 јуни 2012 година, се одржа меѓународна конференција на тема: "Цетински парламентарен форум: Жените, мирот и безбедноста - две години подоцна".

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ја претставуваа Лилјана Поповска, претседател на Комисијата и членовите Нада Ципушева и Светлана Мазгалоска Вучетиќ.

На 3 октомври 2012 година, Европскиот парламент одржа работна сесија за размена на искуства и практики за родова еднаквост помеѓу пратениците од Европската Унија. На сесијата присуствуваше членот на Комисијата Светлана Мазгалоска Вучетиќ.

Европскиот парламент на 14 и 15 ноември 2012 година, организираше семинар посветен на Заштита на човековите права и положбата на жените и децата. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ ја претставуваше претседателката Лилјана Поповска.

На покана на ОБСЕ, Лилјана Поповска ги претставуваше Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на работилница на тема: Зајакнување на парламентарните структури за жени пратенички во регионот на ОБСЕ. Работилницата се одржа од 9 до 12 декември 2012 година во Виена, Австрија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 13 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| Закони по области | економски систем | - |
| Закони по области | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| Закони | 2 читање | - |
| Закони | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| декларации, резолуции | | 1 |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 9 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 2 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **8** |
| **меѓународни конференции** | | **1** |
| **семинари** | | **2** |
| **меѓународни активности** | | **6** |
| **теренски активности** | | 2 |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во вСлужбен весник на Република Македонијаг и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Светлана Јакимовска | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Александар Спасеновски | |
| 5. | Малиша Станковиќ | |
| 6. | Благоја Стојановски | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Мевмет Џемајловски | |
| 10. | Џеват Адеми | |
| 11. | Ермира Мехмети Деваја | |
| 12. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Светлана Карапетрова | |
| 3. | Драган Цуклев | |
| 4. | Трајчо Димков | |
| 5. | Харалампие Шокаровски | |
| 6. | Марјанчо Николов | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Сафет Бишевац | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Хајрула Мисини | |
| 11. | Талат Џафери | |
| 12. | Беким Фазлиу | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 година). Со оваа одлука се утврдени бројот на членовите и надлежностите на Комисијата.

Во периодот од 01/01 до 31/12 2012 г. Комисијата има одржано пет седници, на кои утврди предлози на носители на јавни функции, предлози на одлуки за избор, односно именувања и разрешување на состави на тела утврдени со закон.

Како позначајни предлози кои Комисијата ги разгледа и утврди, може да се наведат:

1. Четири предлози за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;
2. Два предлога за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија;
3. Предлог-одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата;
4.Предлог–одлуката за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти;
5.Предлог-одлуката за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
6.Предлог-одлуката за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци;
7.Предлог-одлуката за нов состав (претседател и членови) на Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври";
8.Предлог-одлуката за нов состав (претседател и членови) на Одборот за доделување на државната награда "Мајка Тереза";
9.Предлог-одлуката за нов состав (претседател и членови) на Одборот за доделување на државната награда "Св. Климент Охридски";
10.Предлог-одлуката за именување членови на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;
11.Предлог-одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија;
12. Мислење по Предлог правилникот за изменување и дополнување на Правилниот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на РМ;
13.Предлог–одлуката за именување на претседател и член на Комисијата за

решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност;

14.Предлог–одлуките за разрешување и избор на член на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво;

15. Предлог - одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "8 Септември;

16. Предлог - одлуката за избор на член на Државната изборна комисија;

17.Предлог-одлуката за избор на Народен правобранител;

18.Предлог-одлуката изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

19. Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;

20. Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

21. Предлог - одлука за нов состав (претседател и членови) на Одборот за доделување на државната награда "Гоце Делчев".

Во овој период Комисијата има донесено одлука за определување коефициенти за утврдување на плата на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, а има донесено и поединечни решенија за плата на избраните и именуваните функционери кои функцијата ја вршат професионално, како и решенија за остварување на плата на избрани и именувани лица од Собранието по престанување на функцијат. Во овој период Комисијата утврди предлог листа за избор на член на ДИК, даде мислење по предлог правилниците за организација и систематизација на Службата на Собранието на РМ, донесе решенија за остварување на правото на одвоен живот од семејството на избрани лица од Собранието, одлуки за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан на пратеник и на заменик на генерален секретар на Собранието и Одлука за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник, односно 15% од платата за јули 2012 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 41 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 33 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 8 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател | |
| | **НАДИЦА ТАНЧЕВА ТУЛИЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ане Лашкоска | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Трајчо Димков | |
| 4. | Саве Марачков | |
| 5. | Тања Томиќ | |
| 6. | Панче Орцев | |
| 7. | Ермира Мехмети Деваја | |
| 8. | Садије Илјази | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Кенан Хасипи | |
| 2. | Васко Пашовски | |
| 3. | Диме Маџовски | |
| 4. | Мевмет Џемајловски | |
| 5. | Стојко Пауновски | |
| 6. | Оливер Спасовски | |
| 7. | Џеват Адеми | |
| 8. | Имер Алиу | |

Комисијата за период 01 јануари - 31 декември 2012 има одржано две седници. Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледа: Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-1332/4 од 11 септември 2012 година и Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-1501/4 од 09 октомври 2012 година, и за тоа на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатот.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,

-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,

-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,

-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,

-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој и

-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател |
| | **РЕЏАИЉ ИСМАИЛИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Васил Пишев |
| 2. | Васко Пашовски |
| 3. | Васко Мицевски |
| 4. | Стефче Трпковски |
| 5. | Бети Кузмановска |
| 6. | Тони Трајановски |
| 7. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ |
| 8. | Панче Орцев |
| 9. | Самка Ибраимовски |
| 10. | Рејхан Дурмиќи |
| 11. | Ирфан Деари |
| 12. | Беким Фазлиу |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Нада Станчевска |
| 2. | Миле Пачемски |
| 3. | Лилјана Кузмановска |
| 4. | Харалампие Шокаровски |
| 5. | Дарко Димитриевски |
| 6. | Диме Маџовски |
| 7. | Благоја Стојановски |
| 8. | Голупчо Ангелов |
| 9. | Фијат Цаноски |
| 10. | Дивна Јовковска Ефтимовска |
| 11. | Неџати Јакупи |
| 12. | Газменд Алији |

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.77/2008), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за локална самоуправа одржа една седница на кој беа разгледани две точки на дневниот ред.

-Предлог закон за дополнување на Законот за локална самоуправа;

-Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје.

Не беа усвоени предлог закониве на прво читање.

**Работни средби**

Комисијата за локална самоуправа на 01.11.2012 година одржа средба со Делегацијата од Република Молдавија, составена од градоначалници и претседатели на совети на регионите.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** претседател | |
| | **НИКОЛЧЕ АЦЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Саздов | |
| 2. | Талат Џафери | |
| 3. | Тања Томиќ | |
| 4. | Орхан Ибраими | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Трајанов | |
| 2. | Хајрула Мисини | |
| 3. | Голупчо Ангелов | |
| 4. | Имер Алиу | |

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана согласно надлежностите, утврдени со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, разгледува предлози, акти и други прашања од областа на безбедноста и одбраната.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони постапка 1 читање | Закони постапка 2 читање | Закони постапка скратена, итна | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | ратификации | Информации, извештаи, програми и планови | други акти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 55 | 425 | - | 175 | 117 | 38 | 16 | 1 | 52 | - | 42 |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 23 | 64 | - | 32 | 19 | 1 | 9 | - | - | 9 | 3 |
| одбрана и безбедност | 17 | 22 | - | 9 | 10 | - | 3 | - | - | - | 3 |
| надворешна политика | 19 | 61 | - | 1 | 1 | - | - | - | 52 | 1 | 6 |
| европски прашања | 22 | 41 | - | 26 | - | 2 | - | - | 6 | 7 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 3 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | 3 | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 2 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | 4 | 1 |
| финансирање и буџет | 30 | 92 | - | 35 | 28 | 17 | 4 | 3 | - | 9 | - |
| економски прашања | 13 | 33 | - | 14 | 12 | 1 | 14 | - | - | 4 | 2 |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 12 | 19 | - | 7 | 7 | 2 | 12 | - | - | 1 | 2 |
| транспорт, врски и екологоја | 30 | 98 | - | 34 | 29 | 3 | 25 | - | - | 12 | 20 |
| образование, наука и спорт | 12 | 15 | - | 6 | 5 | 3 | 2 | - | - | 1 | - |
| култура | 7 | 9 | - | 3 | 3 | - | 1 | - | - | 1 | 2 |
| здравство | 14 | 12 | - | 4 | 5 | 2 | 31 | 1 | - | - | - |
| труд и социјална политика | 19 | 52 | - | 22 | 17 | 2 | 10 | 1 | - | 3 | 7 |
| еднакви можности на жените и мажите | 13 | 13 | - | - | - | - | 6 | 1 | - | 9 | 3 |
| прашања на изборите и именувањата | 5 | 41 | - | - | - | - | - | - | - | - | 41 |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| локална самоуправа | 1 | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 4 | 5 | - | 1 | - | - | - | - | - | 3 | 1 |
| **Вкупно:** | **304** | **1015** | **1** | **371** | **253** | **71** | **133** | **7** | **110** | **67** | **135** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕРМИРА МЕХМЕТИ,** претседател | |
| | **МАРИНЕЛА ТУШЕВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Васко Мицевски | |
| 5. | Цветанка Иванова | |
| 6. | Оливер Спасовски | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Талат Џафери | |
| 9. | Џеват Адеми | |
| 10. | Арбен Љабеништа | |
| 11. | Орхан Ибраими | |
| 12. | Зиадин Села | |
| 13. | Изет Зеќири | |
| 14. | Амди Бајрам | |
| 15. | Иван Стоиљковиќ | |
| 16. | Кенан Хасипи | |
| 17. | Сафет Бишевац | |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони,

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област,

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,

-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците,

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон и

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа три седници:

**Третата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 01 февруари 2012 година (среда) со дневен ред:

-Актуелната состојба во светлина на последните настани и нивното влијание врз меѓуетничките и меѓурелигиските односи во Република Македонија.

**Четврттата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 09 февруари 2012 година (четврток) со дневен ред:

-Обраќање на Високиот комесар за национални малцинства при ОБСЕ Н.Е. Кнаут Волебек

**Петта седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 09 март 2012 година (петок) со дневен ред:

Последните случувања и нивното влијание врз меѓуетничките односи и стабилноста на земјата.

**Работни средби**

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, г-ѓа Ермира Мехмети, во текот на Извештајниот период одржа пет работни средби со:

-Претставникот на УНДП, Грегори А. Конор на 11 јануари 2012 година.

-Н.Е. д-р Томас Михаел Бајер, Амбасадор на Австрија во РМ на 11 јануари 2012 година.

-Н.Е. Ралф Брет, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и со А.Ј. Арно ван дер Пас координатор за меѓуетнички односи на 26 јануари 2012 година.

-г. Норберт Руетсце, секретар на Швајцарската амбасада во Приштина, Република Косово и со претставникот на УНДП г. Грегори А. Конор на 31 јануари 2012 година.

-Н.Е д-р Ласло Ковер, претседател на Парламентот на Унгарија на 17 октомври 2012 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈАНИ МАКРАДУЛИ,** - претседател | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Лилјана Кузмановска | |
| 3. | Стефче Трпковски | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Хајрула Мисини | |
| 6. | Неџати Јакупи | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Емилијан Станковиќ | |
| 10. | Сафет Бишевац | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Јордан Пачков | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Малиша Станковиќ | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Ирфан Деари | |
| 7. | Орхан Ибраими | |
| 8. | Дивна Јовкова Ефтимовска | |
| 9. | Билјана Казанџиска | |
| 10. | Ердоган Сарач | |

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на РМ бр. 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас.

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно член 45 став 3 од Законот за Собрание, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2012 до 31 декември 2012 година, има одржано 2 седници на кои се разгледана 4 точки на дневен ред.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

***Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.**

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на втората седница на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 104/2009).

Буџетскиот совет на Собранието има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Советот е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СУЗАНА САЛИУ,** претседател | |
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Орхан Ибраими | |
| 7. | Миле Андонов | |
| 8. | Стојко Пауновски | |
| 9. | Благоја Стојановски | |

Во периодот од 01.01.2012 година до 31.12.2012 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија ја одржа Четвртата седница на која беа разгледани две точки на дневниот ред.

Седницата се одржа на 30 август 2012 година и на истата согласно член 27 став (1) од Законот за Собранието на Република Македонија Буџетскиот совет го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2013 година во кој

се дефинирани стратешките цели и приоритети на **Собранието во 2013 година, како и активностите преку кои се планира остварување на истите.**

Како втора точка на дневен ред, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и го утврди Предлог - буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2013 година. Буџетскиот совет констатира дека финансиските средства утврдени во Предлог - буџетското барање за 2013 година се планирани во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел за навремено, квалитетно и целосно извршување на функциите на Собранието на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Правилници | | - |

# 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува платформа која овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот – Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа.

Во својата досегашна работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати „обединети во разликите", отвореност и инклузивност. Составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа целосно пренесувани на Собранискиот канал и покриени од сите заинтересирани медиуми во Република Македонија.

Во овој извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции е опфатен периодот јануари-декември 2012 година, и во истиот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- одржани јавни расправи на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварени средби на Советот на меѓународно ниво,
- оцени од работата на Националниот совет за евроинтеграции и заложби за активностите што претстојат и
- активности на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2007 година донесе Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007).

Согласно Одлуката, во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија,

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија,

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија,

-разгледува информации за процесот на преговарањето,

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето,

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови,

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија,

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи,

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 06 јули 2011 година ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.91/2011). Со оваа одлука во составот на Советот за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидоа заменици членови.

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 29 јули 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2011) и Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 19 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.176/2011).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 15 члена и девет заменици членови, и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно со членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат единаесет номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Начинот на работа на Советот, составот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците-членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се

уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година.

Согласно со членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции **одржа осум седници.** Шест од седниците беа заеднички со Комисијата за европски прашања. Можноста да се одржи заедничка седница со собраниската Комисија за европски прашања е предвидена во членот 8 од Деловникот за работа на Националниот совет за евроинтеграции, а се однесува за прашања од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите.

Првата седница во извештајниот период Националниот совет ја одржа на 08 февруари 2012 година, заедно со Комисијата за европски прашања, која претставува **Шеста седница** на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015. На оваа седница Советот ја разгледа **Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) - ревизија 2012.** Документот го образложи г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Ревизијата за 2012 на НПАА претставува петта ревизија по ред, како и претходните години НПАА го задржува истиот методолошки концепт во подготовката, содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите и спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација на програмата. Во 2012 година продолжува фокусот врз јакнењето на владеењето на правото и реформата на јавната администрација, истите продолжуваат да бидат едни од најзначајните предизвици и основни предуслови во процесот на приближување кон членството во ЕУ.

На заедничката седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус и Комисијата за европски прашања - едногласно, го усвоија следново **Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година**:

1.Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012 година, дадени во Анекс 1;

2.Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да ја разгледаат Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012, во одделите и поглавјата соодветно на областа од надлежност на работните тела;

3.Согласно усвоените заклучоци по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година, Националниот Совет и

Комисијата за европски прашања ги повикуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да го следат акцискиот план за реализација на препораките од Извештајот за напредокот за 2011 година како и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;

4.Имајќи го предвид Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година како и забелешките во делот на Собранието на Република Македонија, Советот и Комисијата укажуваат на потребата Собранието да продолжи да работи врз основа на дијалог што претставува еден од клучните приоритети од Пристапното партнерство;

5.Со цел за поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2012 година, во претстојниот период Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлозите дадени во Анекс 2. Во оваа насока Владата на Република Македонија треба да обезбеди редовна пракса на доставување на работни текстови на законите од Анексот 2 од ова Мислење, со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на законските предлози и да достави свои предлози, сугестии и препораки;

6.Националниот совет за евроинтеграции и препорачува на Владата на Република Македонија да организира јавни расправи и консултации со засегнатите страни во тек на изработката на подзаконските акти за важни закони кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, согласно со одредбите од Деловникот на Владата на Република Македонија, за процена на влијанието на регулативата со цел подобра имплементација на законите во пракса;

7.Се поздравува реализацијата на Проектот ИПА-ТПП „Техничка помош за Парламентот" финансиран од Европската унија, чија општа цел е да се зајакне институционалниот капацитет на Собранието и уште повеќе да се подобри неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните. Серијата на обуки наменети за дел од Службата, како и за пратениците, реализирани во рамките на Проектот претставуваат добра основа за подобрување на знаењата и процедурите за работа и може да помогнат во остварување на активна улога на Собранието во пристапните преговори за членство во Европската унија;

8. Имајќи ги предвид надлежностите и целите на Националниот совет за евроинтеграции, важно е да се продолжи да се инвестира во развој на човечките ресурси во Собраниската служба и за службениците од Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции да се овозможат постојани обуки за ЕУ, заради стручно и професионално усовршување;

9. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ги повикуваат сите општествени субјекти да дадат свој активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија;

10. Со содржината на ова Мислење да се запознаат Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и истото да биде објавено на интернет-страницата на Собранието на Република Македонија".

Втората седница во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 14 март 2012 година, заедно со Комисијата за европски прашања, која претставува **Седма седница** на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015. На седницата беше разгледана **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2011 година, за периодот 1.10.2011-31.12.2011 година**, изготвена и доставена од Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, отпочнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската унија го оцени како позитивен чекор, но укажа дека тоа не може да го замени скрининг-процесот и почетокот на преговорите. Претседателот на Собраниската Комисија за европски прашања, г. Хајрула Мисини го поздрави отпочнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво за областите од поглавјата 23 и 24 кои се однесуваат на пет клучни теми и реформски цели: медиумите, слободата на изразување и професионалните стандарди, реформите во судството, внатрешните односи и меѓуетничките односи, реформите во администрацијата, реформите во изборниот систем и изборните процедури и економските критериуми. Членовите и претставниците на НСЕИ и членовите на КЕП во своите дискусии го поздравија отпочнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската унија, како и предлогот на известителот за Република Македонија европратеникот г. Ричард Ховит, за одредување на датум за преговори за пристапување во Унијата, без одлагање. Во расправата, меѓу другото, стана збор и за прашања кои се однесуваат на: меѓуетничките односи и безбедноста во земјата, решавањето на судските предмети, слободата на медиумите, препораката на ОБСЕ за ревизијата на избирачките списоци, попис по европски стандарди, независноста на судството, декриминализација на клеветата и друго.

Третата седница во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 3 мај 2012 заедно со Собраниската комисија за европски прашања и истата претставува **Осма седница на Советот** во парламентарниот мандат 2011-2015. На оваа седница беше разгледана **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ на Европската унија - ревизија 2012, за периодот 1.1.2012 - 31.3.2012 година**, изготвена и доставена од Секретаријатот за европски прашања. Информацијата ја образложи г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања која истакна дека овој документ во себе ги содржи главните активности кои Владата на Република Македонија ги презема по отпочнување на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската унија. Госпоѓа Арифи ги информираше двете тела, за одржаната прва средба на високо ниво на која Република Македонија презеде обврска за подготвување на патоказ со кој се утврдуваат правците во кои ќе се реализираат обврските кои произлегуваат на патот кон интеграцијата во ЕУ.

Во однос на слободата на изразување, медиумите и професионалните стандарди, од страна на вицепремиерот задолжен за европски прашања беше истакнато дека постои главна ориентација кон усогласување на законодавството со европските стандарди, во однос на клеветата, нивото на глобите, укинувањето на притворот како санкција и утврдување на јасни одредби за правните средства кои се применуваат. Во таа насока, продолжува дијалогот со претставниците на медиумите во однос на декриминализацијата на клеветата и на тоа поле продолжуваат и консултациите со експерти и стручни лица од Советот на Европа. Во тој контекст, се организираат и посебни обуки за спроведување на членот 10 од Европската конвенција за човековите права, за судиите кои имаат надлежност да постапуваат по кривичното дело клевета. Во оваа област се планираат соодветни измени на законската регулатива за Советот за радиодифузија, за септември 2012 година до кога треба да се спроведат низа консултации за измена на регулативата, исто така приоритет и клучна цел претставува слободата на изразување. Во однос на владеењето на правото и фундаменталните права, г-ѓа Арифи образложи дека се преземаат низа активности за зголемување на ефикасноста на судството, зајакнување на капацитите на судските институции, развој на софтвер за судската статистика, намалување на нерешените случаи во Врховниот суд, Управниот суд и апелационите судови во Република Македонија, како и подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство.

На планот на антикорупциските мерки, утврдени се уредби за начинот за проверка на содржината на изјавите за судир на интереси, како и план и динамика за проверка на претходно поднесените изјави за судир на интереси на избрани и именувани лица. Значајно внимание се посветува на финансирањето на политичките партии, како и унапредување на законската регулатива за финансирање на партиите. Госпоѓа Арифи информираше дека се планирани и измени на Законот за следење на комуникации со цел да се преиспита улогата на министерот за внатрешни работи во одобрувањето на посебните истражни мерки.

Подобрувањето на дијалогот на заедниците е една од обврските на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Госпоѓа Арифи информираше дека се подготовува Извештај за реализација на сите политики кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Во однос на реформата на јавната администрација, се подготвува анализа на Законот за јавни службеници и на Законот за државни службеници, со интенција за преточување на наодите во нови законски решенија како и спроведување на политики за вработување по принцип на транспарентност и доследност врз начелото на заслуги. Во однос на реформата на изборниот процес, г-ѓа Арифи информираше дека е одржан вториот Управувачки комитет за прашањата од извештаите на ОБСЕ и ОДИХР за последните избори, како и за формирањето на две работни групи во рамки на Министерството за правда и Државната изборна комисија. Во однос на последната цел од Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година, односно делот кој ги опфаќа економските критериуми, Советот беше информиран за активностите што се преземаат за зајакнување на пазарната економија, подобрување на пазарот на трудот, образованието и утврдување на функционална пазарна економија.

Националниот совет за евроинтеграции на 12 јуни 2012 година ја одржа четвртата седница во периодот опфатен со овој извештај, што претставува **Деветата седница** на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015. На седницата беше разгледана **Претпристапната**

**економска програма за периодот 2012-2014 година**. Претпристапната економска програма 2012-2014 беше презентирана од страна на г-ѓа Анита Поповска претставник од Министерството за финансии и координатор за ПЕП 2012-2014. Подготовката на програмата претставува обврска што Република Македонија ја има преземено уште од 2005 година, кога ѝ беше доделен статус на земја-кандидат за членство во Европската унија. Претпристапната економска програма е подготовка на земјите-кандидати за понатамошна координација на економската политика, а воедно е и претходник на програмите за конвергенција кои земјите-членки ги подготвуваат во рамките на Пактот за стабилност. Госпоѓа Поповска потенцираше дека основната цел на ПЕП 2012-2014 е да се стави акцент на исполнување на економските критериуми за членство во Унијата, но воедно и да го развие аналитичкиот капацитет на администрацијата.

Од страна на претставникот од Министерството за финансии г-ѓа Поповска беше истакнато дека е добро кога ќе се подготвува следната претпристапна економска програма, Националниот совет за евроинтеграции да учествува во фазата пред нејзиното донесување, со цел предлозите, забелешките и коментарите по нацрт-верзијата да имаат поголемо значење и позитивно да влијаат на подобрување на финалниот текст на програмата.

На истата седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус усвои заклучоци од јавната расправа по Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 година, одржана на 27 февруари 2012 година, како и заклучоци од јавната расправа по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, одржана на 13 март 2012 година.

На оваа седница Националниот совет за евроинтеграции го усвои и Извештајот за работата на Советот за периодот од 1 септември 2011 до 31 декември 2011 година.

Петтата седница во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 31 јули 2012 година заедно со Комисијата за европски прашања и истата претставува **Десетта седница** во парламентарниот состав 2011-2015. На седницата беше разгледан **Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво.** Извештајот на Владата беше презентиран од страна на г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Извештајот за реализација на активностите од Патоказот произлегува како обврска согласно заклучоците од вториот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво. Во извештајот беше даден преглед на степенот на реализација на конкретните активности предвидени во Патоказот преземени од страна на Владата на Република Македонија во договорените клучни пет приоритетни области: слобода на изразување и професионални стандарди, владеење на правото, реформа на јавната администрација, реформа на изборите и зајакнување на пазарната економија. Со цел следење на напредокот во реализацијата на активностите од петте приоритетни области, г-ѓа Арифи информираше дека во периодот на 30 и 31 мај 2012 година од страна на Европската комисија била спроведена техничка мисија, со цел да се направи пресек на реализацијата и статусот на имплементација на планираните мерки од Патоказот. Госпоѓа Арифи информираше и за одржаниот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација, на кој исклучително високо се оцениле приоритетите од Патоказот на ПДВН.

Националниот совет за евроинтеграции на 17 септември 2012 година ја одржа Шестата седница во периодот опфатен со овој извештај, што претставува **Единаесетта седница** на Советот во парламентарниот состав 2011-2015. На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ. На оваа седница свое **обраќање имаше г. Штефан Филе, комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија**. Посетата на г.Филе на Република Македонија беше дел од третата рунда на посети на Република Македонија во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво. Еврокомесарот Филе изрази задоволство од посетата на Република Македонија и дискусиите во парламентарниот дом, кои ги оцени дека не се само протоколарни, туку важни дебати водени од искрените напори од двете страни. Во своето излагање г. Филе се осврна на сработеното од страна на Република Македонија во последните шест месеци, оценувајќи го процесот на исполнување на реформите во пет области во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво за навистина успешен. Еврокомесарот Филе истакна дека третата рунда на ПДВН е мошне важна по три точки, бидејќи прво дава можност да се разгледа тоа што е постигнато, второ - ја покажува врската меѓу Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година и препораките дадени од Европската комисија и одлуката на земјите-членки на највисоко ниво во рамки на Европскиот совет во декември годинава и трето, се разговара за добрососедските и билатералните односи на Република Македонија со нејзините соседи. Вицепремиерот за евроинтеграции, г-ѓа Теута Арифи се заблагодари за поддршката и креативноста која ја покажува Европската комисија кон евроинтегративниот процес на Република Македонија како и за партнерскиот однос на патот за добивање датум за преговори.

Националниот совет за евроинтеграции на 16 октомври 2012 година ја одржа Седмата седница во периодот опфатен со овој извештај, што претставува **Дванаесетта седница** на Советот во парламентарниот состав 2011-2015. Седницата беше заеднички организирана со Комисијата за европски прашања и истата беше посветена на **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година.** На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, претставници на амбасадите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија и претставници на невладини организации.

На почетокот на заедничката седница свое обраќање имаше Н.Е. г Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Главниот фокус во изминатата година бил на владеењето на правото, реформите во судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал и слободата на медиумите. На второ место во фокусот било помирувањето, регионалната соработка и добрососедските односи, а третиот фокус бил на економските предизвици со оглед на економските проблеми во ЕУ во моментот. Господинот Орав изнесе дека Извештајот на ЕК за 2012 година е навистина извештај за напредок на земјата, за што придонес има воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво, во чии рамки еврокомесарот за проширување г. Штефан Филе годинава три пати оствари посета на Република Македонија. Со Пристапниот дијалогот на високо ниво се покажа голема посветеност на Владата на Република Македонија да продолжи со процесот на реформите. Беше постигнат напредок во реформите и тоа беше забележано од страна на Европската комисија. Во Извештајот нотиран е

напредок, но има и понатамошни предизвици со кои Република Македонија треба да се соочи во однос на натамошната имплементација на потребните реформи. Како резултат на нотираниот напредок во повеќето поглавја, Европската комисија и оваа година даде препораката за почеток на пристапните преговори што претставува четврта препорака по ред, како признание за постигнувањата на земјата во изминатата година и за нејзината подготвеност да премине во следната фаза од пристапниот процес. Европската комисија предложи да започнат пристапните преговори и паралелно да продолжат преговорите за спорот со името кој треба да се реши што е можно побрзо. Во однос на препораката на ЕК, истата ќе биде предадена на земјите членки на Унијата и останува да се донесе одлука на седницата на Советот што треба да се одржи во декември годинава.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања г-ѓа Теута Арифи истакна дека Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година е најпозитивниот извештај досега, истиот е реален одраз на степенот на остварување на реформите и на посветеноста на институциите, невладините организации и целокупното општество во однос на евроинтеграциите. Во Извештајот нотирани се реформите во многу важни области и дадени се насоки како да се продолжи во иднина. Во делот на економските критериуми има напредок, но има и препораки каде се бара поголем напредок. Како обврска што произлегува од препораките на Извештајот за 2012 година е и зајакнување на државните капацитети за искористување на средствата од ИПА фондовите. Процесот на правните и економските реформи треба да продолжи и во оваа насока ќе се подготви втор дел од Патоказот на ПДВН, со кој ќе се адресираат сите прашања како од аспект на реформите така и од аспект на обврските.

По повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, Националниот совет за евроинтеграции "*едногласно*" и Комисијата за европски прашања *со седум гласа "за" и еден глас "воздржан"* на заедничката седница одржана на 16 октомври 2012 година, ги донесоа следните

**Заклучоци:**

1. "Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнуваат дека препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2012-2013, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот;

2. Советот и Комисијата сметаат дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2012 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за презимените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти;

3. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат силната посветеност, континуираната поддршка и безрезервниот ангажман на Европската комисија, во процесот на европската интеграција на Република Македонија;

4. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања констатираат дека воспоставувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво претставува важна платформа со која се интензивираше реформскиот процес за пристапување кон Европската унија, за реализација на приоритетите, зајакнување на довербата и за приближување на европската перспектива на Република Македонија.

Советот и Комисијата го поздравуваат постигнатиот напредок во приоритетните области дефинирани во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво и истовремено укажуваат на потребата за задржување на реформскиот моментум, особено за да се обезбеди спроведување на реформите во клучните области;

5. Советот и Комисијата констатираат дека преминувањето на пристапниот процес за Република Македонија во следна фаза од европската интеграција ќе биде придобивка за натамошно зајакнување на реформите и меѓуетничките односи, зајакнување на кредибилитетот на Европската унија, како и охрабрување на реформските напори во целиот регион.

Во оваа насока и согласно досегашните четири препораки на Европската комисија, се повикува Европскиот совет да донесе одлука за почеток на пристапните преговори со Република Македонија;

6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение во врска со разликите за името, под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес.

Особено се цени новиот моментум, според кој одлуката на Европскиот совет за почеток на пристапни преговори ќе придонесе за создавање на поволни услови за изнаоѓање на такво решение и подготвеноста на Европската комисија да презентира без одлагање преговарачка рамка во која исто така ќе биде земена предвид потребата да се реши прашањето за разликите околу името во раната фаза од пристапните преговори.

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, укажувајќи дека иако билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми, ја нагласуваат потребата за натамошно одржување на македонско-грчкиот дијалог.

Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции, како тело кое што го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение;

7. Советот и Комисијата го поздравуваат враќањето на употребата на придавката „македонски" во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, што е согласно принципот на почитување на европските различности и во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија, како и согласно званичната терминологија на Обединетите нации;

8. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја истакнуваат потребата од одржување на моментумот во однос на идните предизвици од Охридскиот рамковен договор, кој останува клучен за развој на демократијата и владеење на правото во земјата.

Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во иднина треба да послужи како алатка за унапредување на дијалогот меѓу заедниците;

9. Советот и Комисијата се залагаат, надлежните субјекти со сета одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012, со цел за преземање на обврските од претпристапните преговори.

Во оваа насока, Советот и Комисијата предлагаат Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, со носители и рокови за реализација;

10. Советот и Комисијата ги повикуваат земјите членки на ЕУ, согласно повторениот предлог на Европската комисија, без одложување да одобрат преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна.

11. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2012 година, Националниот совет и Комисијата укажуваат на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот;

12. Советот и Комисијата ја нагласуваат потребата за продолжување на регионалната соработка на Република Македонија, на соработката со земјите членки на ЕУ што нѐ поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и континуирано одржување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

Советот и Комисијата ја нагласува важноста од продолжување на учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи за соработка, вклучително Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка и Централноевропскиот договор за слободна трговија;

13. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот и Комисијата укажуваат на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, зголемување на промоцијата на евроинтеграцијата на локално ниво, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори;

14. Советот и Комисијата истакнуваат дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија;

15. Советот и Комисијата ќе продолжат и во иднина ангажирано и континуирано да ја остваруваат улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија;

16. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања од расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија;

17. Заклучоците на Советот и Комисијата да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност".

Националниот совет за евроинтеграции на 26 ноември 2012 година ја одржа Осмата седница во периодот опфатен со овој извештај, што претставува **Тринаесета седница** на Советот во парламентарниот состав 2011-2015. Седницата се одржа заедно со Комисијата за европски прашања. Оваа седница претставуваше осма заедничка седница на двете тела. На седницата беше разгледана **Информацијата за статусот на реализација на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) за Република Македонија, доставена од Секретаријатот за европски прашања**. Информацијата беше презентирана од страна на г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Госпоѓа Арифи истакна дека е постигнат значителен прогрес во искористувањето на средствата од ИПА.Европските фондови се користат за поддршка на евроинтеграциите на земјата пред нејзиното зачленување во Унијата, истите се предвидени за создавање на соодветни структури и воспоставување на институционални капацитети во претпристапниот период и за подготовка на земјата да се соочи со предизвиците во користењето на структурните и кохезионите фондови што ќе бидат на располагање како идна земја-членка на ЕУ. Направени се исклучителни напори за формирање на оперативна и функционална структура за менаџирање и децентрализирано управување со фондовите на ЕУ, структурата брои 590 државни службеници и истата е успешно акредитирана. Дополнителни активности на кои треба да се посвети внимание се измените на правната рамка во областите: регионална политика, буџетското планирање, измени во институционалната поставеност и зајакнување на системот и едукацијата и проценка за успешност.

На оваа седница, пред членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и членовите на Комисијата за европски прашања, д-р Мојмир Мрак, експерт од Република Словенија одржа презентација за фискалните аспекти на процесот за пристапување кон ЕУ, со посебен акцент врз искуствата во користењето на претпристапните фондови. Беше даден преглед на новата предлог-регулатива ИПА II, во рамките на повеќегодишната финансиска перспектива на ЕУ за 2014-2020 година. На презентацијата пошироко беше

претставен Буџетот на ЕУ, кој е клучен инструмент со кој се обезбедува подготовка и реализација на политиките на Унијата

## ЈАВНИ РАСПРАВИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции организираше **седум јавни расправи**. Во организирањето на јавните расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема инклузивност и отвореност. Беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции.

Јавните расправи Советот ги организираше согласно *Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година* што Советот со консензус го усвои на седницата одржана на 8 февруари 2012 година, по повод расправата по НПАА ревизија 2012. Една од јавни расправи беше организирана на предлог на претставникот од Граѓанската платформа на Македонија, како и една јавна расправа која беше предвидена во Планот на активности на НСЕИ за реализација во текот на 2012 година[2].

На 22 февруари 2012 година Националниот совет за евроинтеграции во соработка со Граѓанската платформа на Македонија организираше јавна расправа по **Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот 2012-2017 година**. Документот беше разгледан во работна верзија. На јавната расправа учествуваа претставници од 27 граѓански организации и здруженија, пратеници во Собранието на Република Македонија, претставници на амбасади на земји членки на ЕУ и Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. Овој стратешки документ беше презентиран од г-ѓа Сузана Никодијевиќ-Филиповска раководител на Сектор за анализа на политики и координација при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Присутните на јавната расправа беа информирани за процесот на подготовка на стратегијата, за остварениот напредок во соработката на Владата со граѓанскиот сектор, вредностите и принципите врз кои се темели соработката, за состојбите во граѓанскиот сектор и неговите карактеристики. Во однос на стратешката рамка, г-ѓа Никодијевиќ-Филиповска информираше за визијата, целите, субјектите како и стратешките приоритетни области. Целите на стратегијата ќе се реализираат во периодот 2012-2017 година, а спроведувањето на специфичните мерки од Стратегијата ќе се реализира преку усвојување на два акциски планови во кои детално ќе се предвидат активностите. Учесниците на Јавната расправа ја поздравија и позитивно ја оценија иницијативата на Националниот совет за евроинтеграции и Граѓанската платформа на Македонија, за организирањето на јавната расправа, а во текот на истата беа изнесени предлози, коментари и забелешки во насока на подобрување на работната верзија на Предлог-стратегијата.

[2] Усвоен на Третата седница на НСЕИ одржана на 25 октомври 2011 година.

На 13 март 2012 година Националниот совет одржа јавна расправа по работната верзија на **Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина**. Овој закон е еден од десетте закони од Анексот 2 кој е составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година, кое Советот со консензус го усвои на седницата одржана на 8 февруари 2012 година. Образложение по работната верзија на законот даде г. Стево Темелковски, заменик-министер за животна средина и просторно планирање. Законот за животната средина кој е донесен во 2005 година претставува еколошки устав, и истиот има претрпено бројни измени и дополнувања како резултат на потребата за усогласување со неколку европски директиви од областа на животната средина. Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина се предлагаше усогласување со Директивата бр.96/82/ЕЗ на Советот, за опасности од хаварии што вклучуваат опасни материи. Исто така Законот за животна средина се дополни со додавање на нов член 147-а, со кој се воведува политика за спречување на хаварии, која треба да биде во пишана форма и да гарантира висок степен на заштита на луѓето и животната средина. Една од причините за донесување на измените и дополнувањата на Законот за животната средина беше и во насока на имплементацијата на третата фаза од Регулаторната гилотина, за поедноставување на постапката за изработка на елаборат за заштита на животната средина за земјоделците, занаетчиите, фармерите и трговците од мал обем.

Националниот совет на 7 јуни 2012 година одржа јавна расправа по работната верзија на **Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите**. Донесувањето на овој закон беше предвидено согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012 година. Законот, исто така, претставуваше дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година, што Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои на седницата одржана на 8 февруари 2012 година. На јавната расправа говорниците се согласија дека станува збор за измени и дополнувања на законски акт, чиј предмет на регулирање е опширна, но и чуствителна тема, што има допирни точки со повеќе круцијални прашања, како на пример заштитата на човековите права, повреда на приватноста и загарантираното право на комуникација, усогласување со постојните законски решенија во поглед на Законот за кривичната постапка. Присутните на јавната расправа изразија уверување дека со оглед на тоа што предлог-законот е во фаза на работна верзија, постои можност искажаните предлози и мислења да послужат како коректор и основа за доработка на предлог-законот пред истиот да биде поднесен во собраниска процедура.

На 27 јуни 2012 година Националниот совет одржа јавна расправа по **Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.** Донесувањето на овој закон беше предвидено со НПАА-ревизија 2012 година и дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи беше образложен од страна на г. Џељаљ Бајрами, заменик-министер за внатрешни работи. Измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи беа предложени заради негово усогласување со Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија"150/10) и создавање на нормативни предуслови за упатување на полициските службеници во истражните центри на јавното обвинителство. Со новиот Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за

внатрешните работи се уредува начинот на остварување на соработката меѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство со склучување на договор за соработка, во кој ќе се регулираат сите неопходни прашања во врска со упатените полициски службеници. Со договорот предвидено е дополнително да се прецизираат меѓусебните односи на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство за остварување на правата, обврските и одговорностите на полициските службеници упатени во истражниот центар на Јавното обвинителство. Целта на овој предлог-закон беше да се постигне поголема функционалност на законските одредби и да се создадат нормативно-правни претпоставки за целосно функционирање на законските решенија содржани во Законот за кривичната постапка.

На 12 септември 2012 година Националниот совет за евроинтеграции одржа јавна расправа по **Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција.** Донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција беше предвидено со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2012 година. Законот е дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција го образложи г. Џељаљ Бајрами, заменик-министер за внатрешни работи. Во образложението г. Бајрами истакна дека со Законот за полиција, нормативно правно се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи. Тргнувајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој претпоставува меѓусебна усогласеност на позитивните правни прописи, се наметна потребата од изменување и дополнување на Законот за полиција, во насока на допрецизирање на постојните и пропишување на нови одредби, заради негово усогласување со Законот за кривичната постапка. Дел од одредбите на Законот за кривична постапка влегуваат во сила од декември 2013 година. Во насока на усогласување со Законот за кривичната постапка, како позначајни беа издвоени одредбите од Предлог-законот што се однесуваат на уредувањето, разработката на институтот криминалистичко истражување, одредбите со кои се пропишуваат полициските овластувања како: лишување од слобода, прикриено полициско дејствување, влегување во туѓ дом и други затворени простории, препознавање, полиграфско тестирање. Заменик-министерот за внатрешни работи информираше дека при подготовката на Предлог-законот, користено е компаративното искуство на хрватската полиција, направени се компаративни истражувања на легислативата на одредени земји членки на ЕУ. Заменик-министерот за внатрешни работи г. Бајрами потенцираше дека понудените решенија во Предлог-законот се конструктивни и се базираат на успешната соработка која Министерството за внатрешни работи ја остварува со Јавното обвинителство, Дирекцијата за заштита на личните податоци, професори и експерти од соодветната област. На јавната расправа беа изнесени мислења дека Законот за полиција е особено значаен закон и за неговите измени е потребна продлабочена расправа и суштинска анализа и допрецизирање особено на одредбите од законот кои се однесуваат на заштитата на човековите права и слободи.

Националниот совет за евроинтеграции во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт-Канцеларија Македонија и Институтот за европска политика на 5 ноември организираа јавна

расправа на тема: **„Искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија"**. Целта на јавната расправа беше да се обезбеди поширока дебата за степенот на искористеност на ИПА, да се изнесат мислења, предлози и сугестии за состојбите во соодветната област заради квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија. На почетокот на јавната расправа кратко обраќање имаше г. Хајнц Бонгартц, директор на Фондацијата Фридрих Еберт - Канцеларија Македонија, а свои презентации имаа: проф. д-р Мојмир Мрак од Република Словенија, г. Мартин Валентовиќ меѓународен експерт од Република Словачка и г-ѓа Малинка Ристевска-Јорданова, директор на Институтот за европска политика - Скопје. Експертите од Република Словенија и Словачката Република ги споделија нивните искуства и предизвиците со кои се соочиле нивните земји при користењето на финансиските средства од претпристапната помош, во периодот кога Словенија и Словачка биле земји кандидати за членство во Европската унија. Во своето излагање, д-р Малинка Ристовска-Јорданова се осврна на истражувачката публикација „Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија", за која информираше дека е резултат на истражувањето кое има за цел да ја утврди ефикасноста на искористувањето на средствата од претпристапните фондови во Република Македонија, нивното влијание и проценка на апсорпционите капацитети. Во завршниот дел на јавната расправа, претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Радмила Шекеринска, најави дека Советот повторно ќе дебатира за истата тема, при што како почетен материјал за дебата ќе биде Извештајот на Владата на Република Македонија за користењето на ИПА во Република Македонија.

На 19 ноември Националниот совет за евроинтеграции одржа јавна расправа по **Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита**, чие донесување е предвидено со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2012 година. Организирањето на јавната расправа по овој предлог-закон е согласно Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита го образложи г. Џељаљ Бајрами, заменик-министер за внатрешни работи. Во образложението беше истакнато дека стратешката определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во Европската унија во себе ја имплицира потребата од континуирана хармонизација на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила и европското acquis. Во членовите 68 и 75 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, се определува дека Република Македонија треба да го усогласи националното законодавство од областа на азилот и миграцијата со европското acquis. Од таа причина се наметна потребата од донесување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со кој се врши целосно усогласување со Директивата на Советот 2003/9/ЕК за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2004/83/ЕК за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита, како и усогласување со Директивата на Советот 2005/85/ЕК за минимум стандардите за постапките во земјите членки за доделување и одземање на статус на бегалец. Заменик-министерот за

внатрешни работи г. Бајрами информираше дека Предлог-законот е изготвен на транспарентен начин, истиот е резултат на анализата и работата на меѓусекторска работна група составена од претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за образование и наука и претставници на Канцеларијата на УНХЦР во Скопје. Предлог-законот бил доставен до Канцеларијата на УНХЦР во Женева и Европската комисија во Брисел, со што се дала меѓународна димензија во процесот на евроатлантските интеграции на Република Македонија. Од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци позитивно било оценето нормирањето на законските одредби кои се однесуваат на уредувањето и чувањето на податоците во Интегрираната база на податоци.

## ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции оствари една средба од меѓународен карактер, значајна за евроинтегративните процеси на Република Македонија.

На 7 мај 2012 година Националниот совет за евроинтеграции заедно со Собраниската Комисија за европски прашања, во Собранието на Република Македонија оствари ја **заедничка средба со г. Штефан Филе комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија** во рамките на неговата работна посета на Република Македонија и состанокот на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу ЕУ и Република Македонија (ПДВН). На средбата беа поканети и членовите на Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и Европската унија, како и амбасадорите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. На средбата присуствуваше Н.Е г. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г.Стефано Санино директор на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија. Средбата, на барање на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија не беше отворена за претставници на средствата за јавно информирање.

Господинот Филе го изрази своето задоволство од средбата и го истакна значењето на Собранието на Република Македонија, како и на Националниот совет за евроинтеграции од аспект на инклузивниот карактер. Инклузивноста не се однесува само во поглед на политичките партии туку и други важни фактори како граѓанското општество. Во обраќањето г. Филе се осврна на следните клучни моменти: текот на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу ЕУ и Република Македонија и фазата на имплементација на поставените цели и мерки од дијалогот. Присутните беа информирани дека следната сесија на ПДВН ќе се одржи во септември годинава, од причина што Европската комисија има намера и таа сесија да ја земе во предвид во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, што се планира да се усвои на почетокот на месец октомври. Заедничка амбиција е Извештајот за напредокот на Република Македонија да опфати список на практични решенија за предизвиците кои имаат директна и индиректна врска со пристапувањето кон ЕУ. Господин Филе потенцираше дека ПДВН е значаен, претставува добро осмислен и структуиран дијалог со практична имплементација на бројни прашања, но истиот не е замена за пристапниот процес. Патоказот за реализација на

приоритетните цели за 2012 година е особено важен, се состои од 140 конкретни чекори. Господин Филе изрази надеж дека ПДВН ќе ја донесе европската агенда на чело на дебатата во Република Македонија.

На 14 мај 2012 година потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Силвана Бонева, претседателот на Комисијата за европски прашања г. Хајрула Мисини, претседателот на Комисијата за надворешна политика г. Антонио Милошоски, копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ- РМ г. Кенан Хасипи и претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Кралството Данска г-ѓа Мерал Узеири Ферати, во Собранието на Република Македонија оствариjа **заедничка средба со г.Николаи Вамен министер за европски прашања на Кралството Данска**. Од страна на г. Вамен беше изразено задоволство од досега спроведените реформи, но и целокупната волја од македонска страна да се стори сѐ за да се имплементираат насоките во текот на наредните месеци. Министерот Вамен истакна дека Пристапниот дијалог на високо ниво е особено важен, истиот не е замена за преговорите, но претставува исчекор напред. Кралството Данска и понатаму останува посветено на проширувањето со надеж дека што поскоро Република Македонија ќе стане членка на ЕУ. На средбата, од македонската страна едногласно беше изразена благодарност за несебичната поддршка што Кралството Данска ѝ ја дава на Република Македонија на патот кон ЕУ, при што се испрати јасна порака дека Република Македонија останува целосно посветена на исполнување на реформите и остварување на европската агенда.

## ОЦЕНИ ОД РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЗАЛОЖБИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ШТО ПРЕТСТОЈАТ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции во најголем дел расправаше по документи на Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања), со цел за конструктивно да придонесе во остварувањето на стратешкиот интерес на Република Македонија за интегрирање во ЕУ, за која е постигнат широк политички и граѓански консензус.

Работата на Советот се движеше во насока да се нагласи широкиот јавен интерес, да се афирмира вкупната согласност за интегративниот процес, да се зајакне заедничката одговорност и да се развиваат оптимални политички услови за заокружување на подготовките за членство во ЕУ, пред сé, заради членство на Република Македонија во ЕУ и исполнување на потребните критериуми и добивање датум за отпочнување преговори со Унијата.

Може да се оцени дека во овој период Советот, во рамките на својата поставеност и со расположливите потенцијали, работеше ефикасно постигнувајќи консензуална согласност по сите прашања за кои одлучуваше.

Во текот на 2012 година, Советот одржа вкупно 8 седници, а на две од седниците со консензус беа усвоени заклучоци.

Од Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација кој го опфаќа периодот од октомври 2011 до октомври 2012, заклучно со периодот опфатен со овој Извештај, од 12 преземени обврски, беа реализирани вкупно седум активности[3].

Може да се констатира дека Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија редовно доставува до НСЕИ, квартални информации за реализацијата на годишната ревизија на НПАА.

Позитивна оцена е дека НСЕИ реализираше дел од превземената обврска од Анексот 2 кој е составен дел на Мислењето за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2012 година. Од вкупно 10 закони од Анексот 2, планирани за јавна расправа во текот на годината, во извештајниот период НСЕИ организираше јавни расправи за пет предлог-закони[4]. Дополнително беше организирана јавна расправа на предлог на претставникот на Граѓанската платформа на Македонија[5].

---

[3] Усвоен Анекс 2 од Мислењето за усвојување на праото на ЕУ во текот на 2011; разгледан Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2011 година и усвоени заклучоци; разгледана НПАА ревизија 2012; усвоено Мислење на НСЕИ за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2012; разгледани две Информации за реализирани актвности од НПАА доставени од Секретаријатот за европски прашања за период октомври-декември 2011 и јануари-март 2012; организирани јавни расправи од Анексот 2/2012; расправа по Претпристапната економска програма 2012-2014), расправа за искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

[4] Работна верзија на предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина; Работна верзија на предлог-закон за изменување и дополнување на законот за следење на комуникации, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита

[5] по работна верзија на предлог-стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор 2012-2017.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали,
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународна соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (1 јануари 2012 - 31 декември 2012)**

Официјална посета на Косово (10 јануари 2012);

Средба со делегација на турско-македонска меѓупарламентарна група за пријателство (11 јануари 2012);

Средба со амбасадорот на Англија **Н.Е. г. Кристофер Ивон** (18 јануари 2012);

Средба со амбасадорот на Австралија **Н.Е. г-ѓа Хелена Стадер** ( 25 јануари 2012);

Средба со претседателката на Српскиот парламент **Н.Е. г-ѓа Славица Ѓукиќ Дејановиќ** (27 јануари 2012);

Протоколарна средба со амбасадорот на Романија **Н.Е. г. Јустинијан Фокша** (8 февруари 2012);

Работна средба со амбасадорот на Швајцарија **Н.Е г. Стефано Лазарото** (17 февруари 2012);

Средба со новоименуван амбасадор на Европската унија во Република Македонија **Н.Е. г. Аиво Орав** (7 март 2012);

Средба со членови на парламентарната група за шведско-македонско пријателство на Парламентот на Кралството Шведска (8 март 2012);

Средба со амбасадорот на Република Словенија **Н.Е. г. Ален Берган Брајан** (14 март 2012);

Средба со заменик на претседателот на Владата и министер за надворешни работи на Република Албанија **г. Едмонд Хаџинасто** (16 март 2012);

Средба со претседателот на Црна Гора **Н.Е. г. Филип Вујановиќ** (16 март 2012);

Средба со амбасадорот на Кувајт **Н.Е. г. Абдулах Ал Дуваj** (19 март 2012);

Средба со амбасадор на Република Хрватска **Н.Е. г. Златко Крамариќ** (21 март 2012);

Средба (прошталнa) со амбасадор на Босна и Херцеговина **Н.Е. г. Милан Балабан** (23 март 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Хрватскиот сабор Н.Е. **г. Борис Шпрем** (28 март 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Собрание на Република Албанија **Н. Е. г-ѓа Јозефина Чоба Топали** (4 април 2012);

Средба со конгресмени од САД - **Дејвид Драјер, Дејвид Прајс, Џим Мек Дермот, Ерик Паулсен и Гери Коноли** (6 април 2012);

Средба со претседателот на Владата на Чешката Република **Н.Е. г. Петр Нечас** (17 април 2012);

Средба со претседателот на Република Албанија **Н.Е. г. Бамир Топи** (19 април 2012);

Работна средба со амбасадорот на САД Н.**Е. г. Пол Волерс** и директорот на УСАИД **Н.Е. г. Роберт Вудс** (27 април 2012);

Средба со претставници од Израелскиот парламент (2 мај 2012);

Работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија **Н.Е. г. Аиво Орав** (16 мај 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Големото национално собрание на Турција **Н.Е. г. Џемил Чичек** (17 мај 2012);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Македонија **Н.Е. г. Иван Великов Петков** (18 мај 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Националниот совет на Република Австрија **Н.Е. г-ѓа Барбара Прамер** (23 мај 2012);

Официјална посета на Република Словенија (4 јуни 2012 - 6 јуни 2012);

Средба со градоначалникот на Рокдеил - Австралија **г. Бил Сарвиновски** (12 јуни 2012);

Работна средба со амбасадорот на ОБСЕ **Н.Е. г. Ралф Бред** (13 јуни 2012);

Средба со претседателот на Постојаниот комитет на Народниот конгрес на градот Ченгду, провинција Сичуан **Н.Е. г. Ванг Донгџоу** (14 јуни 2012);

Подготвителен состанок со **г. Петар Поп - Арсов** за амбасадор на мисијата во Стразбург (15 јуни 2012);

Прошталнa средба со амбасадорот на Словенија **Н.Е. г. Брајан Ален Берган** (5 јули 2012);

Работна средба со амбасадорот на Швајцарија **Н.Е. г. Стефано Лазарото** (6 јули 2012);

Средба со вицеканцеларот и МНР на Република Австрија Н.Е г. **Мишаел Шпинделегер** и МНР со вицепремиерот за европски прашања на Словачка Република **Н.Е. г. Мирослав Лајчак** (10 јули 2012);

Прошталана средба со амбасадорот на Чешка Република **Н.Е. г. Јозеф Браун** (27 јули 2012);

Подготвителен состанок со **г. Лазар Еленовски** за амбасадор во Брисел, Белгија и **г-ѓа Даниела Караѓозоска** за амбасадор во Загреб, Хрватска (30 јули 2012);

Работен состанок со **Н.Е. г. Аиво Орав** (30 јули 2012);

Средба со пратеник од Тросби, Австралија **Н.Е. г. Стефан Џоунс** (30 јули 2012).

Средба со амбасадорот на Хрватска **Н.Е. г. Златко Крамарич** (31 август 2012);

Протоколарена средба со новоименуваниот амбасадор на државата Израел **Н.Е. г. Јозеф Амрани** (11 септември 2012);

Средба со **г-ѓа Џејн Армитаж** - регионален директор на Светска банка во Македонија (13 септември 2012);

Средба со **Н.Е. г. Роберт Бенџамин** - НДИ (17 септември 2012);

Проштална средба со амбасадорот на Франција **Н.Е. г. Жан Клод Шлумберже** (25 септември 2012);

Протоколарена средба со новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Словенија **Н.Е. г. Бранко Раковец** (28 септември 2012);

Официјална посета на Словачка Република (8 октомври -10 октомври 2012);

Средба со **Н.Е. г. Денис Беќировиќ** - потпретседател на Парламентот на Босна и Херцеговина (15 октомври 2012);

Официјална посета на Република Македонија, претседател на Парламентот на Унгарија **Н.Е. д-р Ласло Ковер** (17 октомври 2012);

Работен состанок со **г.г Стефан** (19 октомври 2012);

Средба со **Н.Е. г. Томислав Николиќ,** претседател на Република Србија (26 октомври 2012);

Проштална средба со амбасадорот на Државата Катар **Н.Е. г. Солтан Саад Ал Мораикни** (29 октомври 2012);

Средба со амбасадорот на Чешката Република **Н.Е г. Мирослав Рамеш** (30 октомври 2012);

Проштална средба со амбасадорот на Грција **Н.Е. г. Александра Пападопулу** (28 ноември 2012);

Проштална средба со **Н.Е г. Томислав Ѓурин,** амбасадор на Република Србија (6 декември 2012);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Турција **г. Ахмет Давутоглу** (21 декември 2012) и

Средба со амбасадор на САД **г. Пол Волерс** (28 декември 2012).

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (1 јануари 2012 - 31 декември 2012)**

Средба со амбасадорот на Кралството Данска задолжен за Република Македонија **Н.Е. г. Торбен Брил** - Данско претседавање на ЕУ (17 јануари 2012).

Средба со европратеници од групата "Пријатели на Македонија" (21 февруари 2012);

Официјална посета на Австралија (24 февруари -4 март 2012);

Учество на Конференција на претседатели на парламенти, Варшава - Полска (19 април - 21 април 2012);

Средба со еврокомесарот за проширување на Европската унија **Н. Е. г. Штефан Филе** (7 мај 2012);

Средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа **Н.Е. г. Роберт Валтер**, известител за постмониторинг дијалогот со Република Македонија (8 мај 2012);

Средба со еврокомесарот за проширување на Европската унија **Н. Е. г. Штефан Филе** (7 мај 2012);

Средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа **Н.Е. г. Роберт Валтер**, известител за постмониторинг дијалогот со Република Македонија (8 мај 2012).

Работна средба со еврокомесарот Н.Е г. **Штефан Филе** (17 септември 2012);

Учество на Конференцијата на претседатели на парламенти, Совет на Европа - Стразбур, Франција (20 септември - 22 септември 2012);

Работен состанок со амбасадорите на ЕУ кај **Н.Е. г. Аиво Орав** (26 септември 2012) и

Средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа **Н.Е. г. Роберт Валтер**, известител за постмониторинг дијалогот со Република Македонија (1 ноември 2012).

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски (1 јануари 2012 - 31 декември 2012)**

Света божествена литургија по повод Божиќ во Соборниот храм (7 јануари 2012);

Ручек во резиденцијата на Поглаварот на МПЦ **г.г. Стефан** по повод именденот - празник на св.првомаченикот архиѓаконот Стефан (9 јануари 2012);

Прием во Холидеј Ин по повод независноста на Австралија (26 јануари 2012);

Презентација на резултатите од анкетата за Собранието на Република Македонија (27 јануари 2012);

Потпишување на свечена изјава од страна на **г. Драгољуб Цакиќ** за член на Совет на јавни обвинители (8 февруари 2012);

Координација кај претседателот на Република Македонија г. Ѓорге Иванов по повод претстојната посета од страна на г. Метју Нимиц на Република Македонија (17 февруари 2012);

Седница на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ (13 март 2012);

Работен состанок - Етички кодекс (14 март 2012);

Интервју - телевизија Алфа (27 март 2012);

Свечена литургија по повод католичкиот Велигден во "Пресвето срце Исусово" (7 април 2012);

Интервју за Народната банка на Република Македонија (12 април 2012);

Присуство на започнувањето на градежните работи на новиот кружен тек меѓу булеварот Партизански одреди, булеварот Македонска војска, улицата 4 Јули и улицата Лука Геров, кај црквата "Свети Петар и Павле" во Ѓорче Петров (25 април 2012);

Обраќање по повод 20 години од монетарното осамостојување на Република Македонија (26 април 2012);

Свечена изјава на судиите на Уставниот суд г**-ѓа Елена Гошева, г. Никола Ивановски и г. Сали Мурати** (30 април 2012).

Свечена изјава на **г. Дашмир Саити** за член на Советот на јавните обвинители (3 мај 2012);

Свечена академија во АРМ по повод Денот на Европа 9 мај (9 мај 2012);

Седница на Комисијата за уставни прашања (15 мај 2012);

Врачена Благодарница од страна на претставниците на заедницата на Власите во Република Македонија (22 мај 2012) .

Прием по повод прославата десет години ДУИ (12 јуни 2012);

Прием по повод прославата 22 години ВМРО-ДПМНЕ (15 јуни 2012);

Прием по повод националниот ден на Република Словенија (21 јуни 2012);

Прием по повод годишнината од роденденот на британската кралица Елизабета II (22 јуни 2012);

Свечена изјава на новоизбраните членови на Советот на јавните обвинители г. Зоран Сулејманов избран за член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија на седница на Собранието на Република Македонија, **г. Петар Аневски** од ОЈО Битола, **г. Костадин Кизов** од ОЈО Кичево, **г. Миле Мојсовски** од ОЈО Скопје и **Момир Маричиќ** од Вишото јавно обвинителство Скопје - од единствената посебната листа на заедниците, избрани на непосредни избори (26 јуни 2012);

Прием по повод Националниот ден на Хрватска (26 јуни 2012);

Интервју за Турската радио-телевизија (27 јуни 2012);

Прием по повод 64 години од независноста на Израел (28 јуни 2012);

Свечено откривање на плакетата за донацијата на информатичка, аудио и видеоопрема од страна на Секинескиот народен конгрес за потребите на Собранието на Република Македонија (29 јуни 2012);

Брифинг со новинари (29 јуни 2012)

Прием по повод 236 години од независноста на САД (3 јули 2012);

Балкански фестивал на народни игри и ора - Охрид (6 јули 2012);

Обраќање по повод затворање на ИПА проект во ЕУ инфоцентар (11 јули 2012);

Свечена изјава на членот на ДИК **г-ѓа Анета Стефановска** (25 јули 2012);

Редовен брифинг со новинарите (27 јули 2012);

Вечера - ифтар, рамазански пости Демократска партија на Турците во Македонија (28 јули 2012);

Одбележување на 2 Август - Илинден, Меморијален центар Пелинце - покровители (2 август 2012);

Присуство на свеченоста по повод Денот на АРМ (касарна Илинден) (18 август 2012);

Прием по повод 8 Септември - Кристална сала (7 септември 2012);

Свечена академија во МОБ по повод 8 Септември и концерт на арената Филип II (8 септември 2012);

Хуманитарна акција по повод одбележувањето на трагичните настани од 11 септември 2001 година, во покровителство на Амбасадата на САД и Црвениот крст на градот Скопје (10 септември 2012);

Официјално пуштање во употреба на новиот кружен тек во Ѓорче Петров (12 септември 2012);

Учество на Конференција - дискусија по повод 15 септември, Меѓународен ден на демократијата, тема "Демократијата и родова еднаквост" (14 септември 2012);

Прием по повод националниот ден на Република Словачка (14 септември 2012);

Интервју - снимање документарен филм по повод 50 години од формирањето на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патишта на Република Македонија (19 септември 2012);

Трета седница на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (25 септември 2012);

Прием по повод 63-годишнина од установорувањето на Кина (27 септември 2012);

Потпишување во книгата на жалост во Амбасадата на Хрватска по повод смртта на претседателот на Хрватскиот сабор **Н.Е. г. Борис Шпрем** (3 октомври 2012);

Свечено отворање на Трговскиот центар Скопје City Mall (3 октомври 2012);

Предавање на Извештајот за напредок на Република Македонија за 2011 година од Европската комисија (10 октомври 2012);

Свечена академија по повод одбележување на државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание (10 октомври 2012);

Обраќање на ПСРМ по повод "15 години од парламентарната димензија на ПСЈИЕ - минатото, сегашноста и европската иднина на регионот" и седмиот состанок на Работната група за парламентарната димензија на ПСЈИЕ (15 октомври 2012);

Работен состанок со претставници од МТВ, ЈПРД и СРД (15 октомври 2012);

Церемонијално положување венец на Споменикот на паднатите херои (17 октомври 2012);

Вечера во чест на **Н.Е д-р Ласло Ковер,** претседател на Парламентот на Унгарија (17 октомври 2012);

Прием по повод Националниот ден на Унгарија (18 октомври 2012);

Работен ручек со **г. Аиво Орав** (22 октомври 2012);

Свечена академија по повод Денот на ВМРО - домаќин премиерот **г. Никола Груевски**, МОБ (23 октомври 2012);

Прием по повод Националниот ден на Австрија (26 октомври 2012);

Прием по повод 89-та годишнина од основањето на Република Турција (29 октомври 2012);

Следење на изборните претседателски резултати во Соединетите Американски Држави во Амбасадата на САД во Република Македонија (7 ноември 2012);

Обраќање по повод 10-годишнината од формирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата (12 ноември 2012);

Положување цвеќе пред споменикот на ослободителите на градот Скопје и пред споменикот на генералот Михајло Апостолски (13 ноември 2012);

Обраќање на Конференцијата на МАНУ по повод 16 ноември - Меѓународниот ден на толеранцијата (16 ноември 2012);

Редовен месечен брифинг со новинарите (29 ноември 2012);

Обраќање на Конференцијата "Улогата на политичките партии во изборниот процес" во организација на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија (30 ноември 2012);

Интервју за МИА (6 декември 2012);

Прием по повод проштална средба со **Н.Е г-ѓа Александра Пападопулу**, амбасадор на Република Грција (6 декември 2012);

Вечера во резиденцијата на Кинеската амбасада (13 декември 2012);

Свечена изјава на членовите на Судскиот совет (**Јелица Крстевска**, судија на Врховниот суд на Република Македонија; **Влатко Самарџиски**, судија на Апелациониот суд Скопје; **Александра Зафировска**, судија на Основниот суд Тетово, претседател на Судскиот совет на Република Македонија; **Мирјанка Гоцевска Стефановска**, судија на Апелациониот суд Штип; **Мери Дика Георгиевска**, судија на Апелациониот суд Скопје (18 декември 2012);

Католички Божиќ - Католичка црква, Исусово срце (24 декември 2012);

Интервју за МИА (27 декември 2012);

Свечена изјава од страна на народниот правобранител **г. Иџет Мемети** (28 декември 2012);

Работна средба со дипломатскиот кор во Република Македонија (28 декември 2012);

Свечена изјава на членот на Судскииот совет **г. Беќим Реџепи** (31 декември 2012);

Новогодишно обраќање пред нацијата (31 декември 2012) и

Коктел по повод Новата година со Службата на Собрание на Република Македонија (31 декември 2012)

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на шестиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Салиу од ДУИ и Јани Макрадули од СДСМ.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

## ➢ Потпретседател Светлана Јакимовска

### 1. *Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности преку редовно учество на седниците на Координациите на Собранието на кои се разгледуваа прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер, како и учество на седниците на Претседателството на Собранието на Република Македонија со кои раководи претседателот на Собранието на РМ.

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како потпретседател раководи и со пленарните седници на Собранието.

Како претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт и Верификационата комисија има остварено бројни активности, а како член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно-правна комисија, заменик претседател во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Потпретседателката има земено конструктивно учество во работата на седниците на споменатите и други работни тела.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска и Парламентот на Република Словенија, како и претседател на пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Финска.

Редовно присуствува на Надзорни и Јавни расправи организирани од Комисиите во Собрание на Република Македонија.

Активен член во Клубот на Пратенички.

Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на собраниските седници чие обраќање имаа претседателот на Собранието на Р. Албанија г-ѓа Јозефина Чоба Топали, претседателот на Големото Нацинално Собрание на Р. Турција Н.Е. г. Џемил Чичек, претседателот на Националниот Совет на Р. Австрија г-ѓа Барбара Прамер, Генералниот секретар на Обединетите нации господин Бан Ки - мун и редовното годишно обраќање на претседателот на Република Македонија Н.Е. г. Ѓорѓе Иванов.

Остварена средба со тројцата корисници на Меѓународната парламентарна стипендија за во Германскиот Бундестаг и евалуација на програмата за Меѓународна Парламентарна стипендија (16 февруари 2012).

## 2. *Средби со амбасадори и други диполоматски претставници*

- Остварена работна посета на Парламентарниот институт и Парламентарната библиотека на Парламентот на Република Чешка (16-18 јануари 2012);
- Средба со Делегација од Словачката Република предводена од г. Јозеф Михал, заменик премиер и министер за турд, социјални прашања и семејство (24 јануари 2012);
- Работен ручек - семинар во врска со праксата на буџетирање за Сенатот во САД вис-а-вис Собранието на Република Македонија, организиран од Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ), со поддршка на УСАИД, Демократското партнерство на Конгресот на САД и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) (12 февруари 2012);
- Остварена средба со Н.Е. г. Борис Шпрем, претседател на Хрватскиот Сабор, во рамки на неговата официјална посета на Република Македонија (27-29 март 2012);
- Присуство на официјалната вечера организирана од вицепремиерот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања г-ѓа Теута Арифи, во чест на претседателот на Собранието на Р. Албанија г-ѓа Јозефина Чоба Топали (03 април 2012);
- Средба со Конгресната Делегација (CODEL) во врска со мисијата на Демократското партнерство на Конгресот (05-06 април 2012).

- Остварен работен доручек со членовите на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, Националниот демократски институт (НДИ) и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) (26 април 2012).
- Средба со Мониторинг комисијата на ПС на СЕ и за пост-мониторинг дијалог со Република Македонија (08 мај 2012).
- Остварена средба со Н.Е. г-ѓа Барбара Прамер, претседател на Националниот Совет на Република Австрија, во рамки на нејзината официјална посета на Република Македонија (23-25 мај 2012).
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием по повод Националниот ден на Русија, организиран од Амбасадорот на Руската Федерација во Р.М Н.Е. г. Олег Шчербак и неговата сопруга Лариса Шчербак (08 јуни 2012).
- Остварена средба со претставници на Германскиот Бундестаг, германскиот пратеник г-ѓа Мариа Флексбарт, членовите на Комисијата за избор на стипендисти за ИПС-програмата од Сојузна Република Германија г-ѓа Габриела Вендорф и г.Рандолф Кригер, амбасадорот на СР Германија во Република Македонија, Н.Е. Гудрин Штајнакер и советникот за културна соработка г-ѓа Катерина Науман (01 октомври 2012).
- Делегација од Собранието на Република Македонија предводена од потпретседателката Јакимовска присуствуваа на погреб на претседателот на Хрватскиот Сабор Н.Е. г. Борис Шпрем (4 октомври 2012).
- Остварена работна вечера со Н.Е. Др Ласло Ковер, претседател на Парламентот на Унгарија, организирана од Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (17 октомври 2012).

### 3. *Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- Присуство на Свечената промоција на објектот "Порта Македонија" од страна на Премиерот на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски и Министерството за култура (06 јануари 2012)
- Предводник на Собраниска делегација за положување на венец свежо цвеќе на гробот на поранешниот претседател на Република Македонија г. Борис Трајковски, по повод 8-годишнината од неговото загинување (26 февруари 2012).
- Присуство на свечената прослава по повод одбележувањето на 20 години од монетарното осамостојување на Република Македонија (26 април 2012).
- Присуство на доделувањето на Државната награда "Гоце Делчев" од страна на одборот за доделување на Државната награда "Гоце Делчев" (04 мај 2012).
- Присуство на свечена академија по повод Ѓурѓовден - партониот празник на општината Кисела Вода, организирана од Општината Кисела Вода (04 мај 2012).
- Присуство на свечена академија по повод 9 Мај - Ден на Европа, организирана од претседателот на Владата на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски (09 Мај 2012).
- Присуство на свечено отворање на манифестацијата Културно лето "Три Круши 2012" во организација на Општина Кисела Вода (16 јуни 2012).

- Обраќање по повод одбележувањето на 20 години од основањето на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (19 јуни 2012).
- Потпретседателката Јакимовска свечено го отвори 42-риот Републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" - Битола (27 јули 2012).
- По повод 2 Август - Ден на Републиката, делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од г-ѓа Светлана Јакимовска, положи венец свежо цвеќе на споменикот на Методија Андонов Ченто и на споменикот на Првото заседание на АСНОМ. (02 август 2012).
- Присуство на прослава по повод одбележување на 11 години од Рамковниот Договор во Музејот на современа ументност Скопје (13 август 2012).
- По повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свечен прием организиран од страна на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (7 септември 2012).
- По повод свечено одбележување на празникот 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свечена акадамија во Македонска опера и балет (8 септември 2012).
- По повод 15 Септември - Меѓународен ден на Демократијата потпретседателката присуствуваше на конференција "Демократијата и родовата еднаквост" (14 септември 2012).
- Учество во Јавна расправа на тема: ˝Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН" (26 септември 2012).
- По повод 63-та годишнина од установувањето на Народна Република Кина, потпретседателката присуствуваше на свечен прием организиран од Вонредниот и Ополномоштен Амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија Н.Е.г-дин Цуј Џивеи и г-ѓа Денг Минли (27 септември 2012).
- Обраќање на потпретседателката Јакимовска, по повод 50 годишнината од постоењето и работата на Републичкиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП).(10 октомври 2012)
- По повод 11 Октомври - Ден на народното востание, потпретседателката присуствуваше на Свечена академија во Домот на АРМ (10 октомври 2012).
- По повод Национален ден на Унгарија, потпретседателката присуствуваше на свечена прослава организирана од Амбасадорот на Унгарија (18 октомври 2012).
- Присуство на прослава по повод 9 години од формирањето на Демократските сили на Ромите (20 октомври 2012).
- Присуство по повод пуштање во употреба на новиот објект на Министерството за надворешни работи на Република Македонија (23 октомври 2012).
- По повод ˝23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба˝ потпретседателката прусуствуваше на свечена академија во Македонска опера и балет (23 октомври 2012).
- По повод одбележувањето на ˝23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба˝ потпретседателката присуствуваше на свечена промоција на Монографија за

музејот на македонската борба за државност и самостојност и филателистичка изложба "Писма до Македонија" (23 октомври 2012).

- По повод Националниот празник на Австрија, потпретседателка присуствуваше на прием организиран од страна на Австрискиот амабасадор во Македонска опера и балет (26 октомври 2012).
- По повод 89-та годишнина од основањето на Република Турција, потпретседателката присуствуваше на свечен прием организиран од страна на Амбасадорот на Република Турција (29 октомври 2012).
- Присуство на одбележувањето по повод 10 години од основање и работење на Државната комисија за спречување на корупција (12 ноември 2012).
- Обраќање на Меѓународна Конференција за проектот "жените во руралниот развој, see world"  (24 ноември 2012).
- Присуство на свечена академија по повод свечено одбележување на државниот празник 8 Декември - Св. Климент Охридски организирано од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорге Иванов (7 декември 2012).
- Надвор од ангажманите во Собранието на Р. Македонија, потпретседателката Светлана Јакимовска редовно присуствува на манифестации организирани од Владата, Локалната самоуправа, Градот Скопје и матичната партија ВМРО ДПМНЕ.

## Потпретседател Сузана Салиу

Сузана Салиу, потпретседател на Собранието на Р.Македонија доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

Како потпретседател на Собранието на Р.Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во работата на Законодавно-правна комисија, Комисијата за уставни прашања, постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот како и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како заменик член. Потпретседателката има земено конструктивно учество во работата и на седниците на други работни тела.

Активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот институт.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Португалската Република и на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република.

Има мноубројни средби со граѓани на Република Македонија.

### *1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници*

- Во својство на Потпретседател на Собранието на Република Македонија Го пречека Претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција Г-дин Џемил Чичек (17 мај 2012).
- Потпретседателката Сузана Салиу вечераше со Барбара Прамер - Претседател на Национален Совет на Австрија (24 мај 2012).
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу, оствари средба со делегација од општината Татлису од Северен Кипар, во чиј состав беа градоначалникот на општината, г. Хајри Орчан и претседателот на Советот, г. Музафер Ајдин (19 октомври 2012).
- По повод 100-годишнината од независноста на Република Албанија со покана од Претседателката на Парламентот на Република Албанија Г-ѓа Јозефина Чоба Топали, Потпретседателката Сузана Салиу учествуваше на свечената седница во Парламентот организирана од Јозефина Топали и на манифестацијата во Валона како и во другите активности по повод 100-годишнината на независноста на Република Албанија (од 24 до 28 ноември 2012).
- Г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на меѓународниот семинар "Учеството на жените - лидери во економскиот развој и борбата со сиромаштијата" во Вашингтон, што го организираше натпартиското конгресно тело Партнерство за демократија, со кое претседаваат конгресмените Дејвид Прајс од Северна Каролина и Дејвид Драер од Калифорнија.

### *2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- Присуство на коктел по повод 20 години од донесувањето на прваот Устав (17 ноември 2012).

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 2011 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/2011). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно со оваа одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следниве меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правилото 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22 септември 2011 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следниве активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно кооридинирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г-ѓа Ермира Мехмети Деваја, г. Игор Ивановски
**Заменици-членови:** г. Александар Спасеновски, г-ѓа. Соња Мираковска и г. Имер Алиу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Советот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашањата од тековната политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите членки.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

Од 23 до 27 јануари 2012 година во Стразбур, Француската Република, се одржа Првиот дел на редовната годишна сесија на ПС на СЕ, на која учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Соња Мираковска, г. Имер Алиу, заменици - членови на Делегацијата, како и косекретарот на Делегацијата г-ца Марија Стефанова.

Од 23 до 27 април 2012 година во Стразбур, Француската Република, се одржа Вториот дел на редовната годишна сесија на ПС на СЕ, на која учествуваа пратениците: г. Игор Ивановски, член на Делегацијата, г-ѓа Соња Мираковска, заменик член на Делегацијата, како и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

Пратеникот г. Игор Ивановски, член на Делегацијата, од 3 до 6 мај 2012 година, учествуваше во Набљудувачката мисија на ПС на СЕ на парламентарните избори во Ерменија.

На седницата на Мониторинг комисијата, што се одржа на 31 мај 2012 година во Париз, Француската Република, учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата и г. Игор Ивановски, член на Делегацијата, како и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за миграции, бегалци и население, што се одржа на 1 јуни 2012 година во Париз, Француската Република, учествуваше шефот на Делегацијата пратеникот г. Александар Николоски.

Од 20 до 24 јуни 2012 година во Стразбур, Француска Република се одржа семинар за секретари на делегациите во ПС на СЕ, на кој учествуваа: г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

Од 1 до 5 октомври 2012 година во Стразбур, Француската Република се одржа Четвртиот дел на редовната годишна сесија, на која учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Игор Ивановски, член на Делегацијата, како и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

Известителот на Мониторинг комисијата на ПС на Советот на Европа г-дин Роберт Валтер оствари посета на Република Македонија од 31 октомври до 2 ноември 2012 година.

На 12 ноември 2012 година во Париз, Француската Република, се одржа седница на Комисијата за правни прашања и човекови права, на која учествуваа пратеникот г. Игор Ивановски, член на Делегацијата на ПС на СЕ и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

На 13 ноември 2012 година во Париз, Француската Република, се одржа седница на Мониторинг комисијата, на која учествуваше пратеникот г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на ПС на СЕ и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

На 14 ноември 2012 година во Париз, Француската Република, се одржа седница на Комисијата за политички прашања и демократија, на која учествуваше пратеникот г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на ПС на СЕ и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

На 17 декември 2012 година во Париз, Француската Република, се одржа годишен состанок на секретари на националните делегации во ПС на СЕ, на кој учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Ана Павлова Данева

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Зијадин Села

**Заменици-членови:** г. Димитар Стеванаџија, г. Сафет Бишевац и г. Џеват Адеми

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Парискaта повелба за нова Европа од 1990 година. Основна задача на Парламентарното собрание е да го олеснува меѓупарламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три генерални комитети: Комитетот за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитетот за економски работи, технологија и животна средина, како и Комитетот за политички работи и безбедност.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

На 23 и 24 февруари 2012 година во Виена, Република Австрија се одржа Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, на која учествуваа пратениците: г.Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата и г. Сафет Бишевац, заменик член на Делегацијата на ПС на ОБСЕ, во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Од 4 до 9 јули 2012 година во Монако се одржа 21-та годишна сесија на ПС на ОБСЕ на која учествуваа пратениците: г-ѓа Ана Павлова Данева, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев и г. Зијадин Села, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски

**Членови:** г-ѓа Силвана Бонева, г. Талат Џафери, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Имер Алиу и г.Рејхан Дурмиши

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 153 национални парламенти и осум меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и

размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 96/2008, 106/2008, 147/2008 и 138/2009) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест членови.

**Активности во периодот од 31 јануари до 31 декември 2012 година**

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија и член на Делегацијата во Интерпарламентарната унија (ИПУ), г. Јани Макрадули, учествуваше на Светската конференција за е-парламент, што се одржа од 13 до 15 септември 2012 година во Рим, Италија.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Весна Бендевска

**Членови:** г. Михајло Цолонга и г. Хајрула Мисини

**Заменици-членови:** г. Васко Пашовски, г-ѓа Лилјана Затуроска и г. Газменд Алији

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи

Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

Во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година немаше активности.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО**

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери

**Членови:** -ѓа Наташа Савова Салковска и г. Павле Трајанов

**Заменици-членови:** г. Илија Китановски, г. Горан Сугаревски и г. Орхан Ибраими

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки;
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

На Конференцијата што се одржа на 23 и 24 април 2012 година во Тирана, Република Албанија, учествуваше шефот на Делегацијата пратеникот г. Талат Џафери и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Од 25 до 28 мај 2012 година во Талин, Естонија, се одржа Пролетното заседание на ПС на НАТО, на кое учествува пратениците: г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата, г. Павле Трајанов, член на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Од 9 до 12 ноември 2012 година во Прага, Чешката Република се одржа редовната есенска сесија на ПС на НАТО, на која учествуваа пратениците: г. Павле Трајанов, член на Делегацијата на ПС на НАТО, г. Горан Сугаревски, заменик-член на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

**Парламентарното собрание на Франкофонијата**

**Шеф на Делегацијата:** г. Ѓорѓи Коџобашиев

**Членови на Делегацијата:** г. Џеват Адеми, г-ѓа Силвана Бонева, г. Гордан Георгиев.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу

парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има четири члена, а на Бирото на Секцијата брои пет членови.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

Од 19 до 22 ноември 2012 година во Монтре, Швајцарската Конфедерација, се одржа 25-то собрание на Регион Европа на ПСФ, на кое учествуваше пратеникот г. Џеват Адеми, член на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Кенан Хасипи

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија (ЕУ)** е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и 14 члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и

издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

На 7 јуни 2012 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа 10. состанок на Мешовитот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија. На состанокот учествуваше Делегација од Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија во состав од пратениците: г. Кенан Хасипи, копретседавач, г. Андреј Петров, заменик ко-претседавач, членовите г-ѓа Силвана Бонева, г. Антонио Милошоски, г. Арбен Лабеништа, заменик-членот г.Беким Фазлиу, како и Секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија г-ѓа Ана Качакова и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Харалампие Шокаровски, г.Емилијан Станковиќ
**Заменици-членови:** г. Неџат Јакупи, г. Беџихудин Шехаби и г-ѓа Беким Фазлиу

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарната димензија на долгогодишна Конференција за соработка во Медитераниот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статусот на оваа организација.

Земји членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција И Палестина. Исто така, членки на ПС на

Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Парламентарното собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно. Неколку месеци пред одржувањето на годишното заседание, се состануваат трите постојани комитети.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум како зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои шест членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2012 година**

Од 25 до 28 мај 2012 година во Талин, Естонија се одржа Пролетното заседание на ПС на НАТО на кое учествуваше пратеникот г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата на ПС на Медитеранот, во својство на претставник на Парламентарното собрание на Медитеранот.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛА

На 21 февруари 2012 година во Собранието на Република Македонија се оствари средба на г. Оливер Спасовски, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина со Н.Е. г. Јуриј Хончарук, амбасадор на Украина во Република Македонија.

Делегацијата на Турско-македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Република Турција, престојуваше во официјална посета на Република Македонија од 10 до 13 октомври 2012 година.

На 13 ноември 2012 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г-ѓа Ана Павловска Данева, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Португалската Република со г.Пауло Монтеиро, активист за културни прашања во Португалската Република.

На 20 декември 2012 година, во рамките на официјалната посета на Република Македонија, претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Турција остварија средба со г. Ахмет Давутоглу, министер за надворешни работи на Република Турција

## 6.3.ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

### ПД на ПСЈИЕ

На 5.состанок на Работната група на ПД на ПСЈИЕ, што се одржа на 2 и 3 април 2012 година во Белград, Република Србија, учествуваа г.Никола Тодоровски, национален координатор на ПД на ПСЈИЕ и г.Иван Петрушевски, заменик национален координатор.

На 6.состанок на Работната група на ПД на ПСЈИЕ, што се одржа на 17 и 18 септември 2012 година во Белград, Република Србија, учествуваа г.Никола Тодоровски, национален координатор на ПД на ПСЈИЕ и г.Иван Петрушевски, заменик национален координатор.

Во рамките на претседавањето на Република Македонија со ПСЈИЕ, на 15 и 16 октомври 2012 година во Скопје, Република Македонија се одржа Меѓународна конференција "15 години од парламентарната димензија на ПС ЈИЕ - минатото, сегашноста и европската иднина на Регионот" и 7.состанок на Работната група за парламентарна димензија на ПСЈИЕ.

На седницата на Парламентарното собрание на Организацијата за демократија и економски развој (ГУАМ), во рамките на Меѓународната делегација на ПСЈИЕ, што се одржа на 19 и 20 декември 2012 г. во Баку, Република Азербејџан, учествуваше Никола Тодоровски, национален координатор на ПД на ПСЈИЕ.

## ИПС Практикум-Германски Бундестаг

Во периодот од 16 до 24 февруари 2012 година во Собранието на Република Македонија се спроведе Програмата за запознавање со работата и функционирањето на Собранието за тројца ИПС стипендисти.

На 16 февруари 2012 година во Собранието на Република Македонија се оставри средба на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Н.Е. г-ѓа Гудрун Штајнакер, амбасадор на СР Германија во Република Македонија и избраните стипендисти на ИПС Програмата.

На 1 октомври 2012 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска со членовите на Комисијата за избор на стипендисти на ИПС-програмата, од Сојузна Република Германија.

## ЕЦПРД (Европски центар за парламентарно истражување и документација)

Во периодот јаунуари-декември 2012 година одговорени се 85 компаративни прашалници, одржани се 6 парламентарни семинари и една годишна Конференција.

На Семинарот на тема: "Парламентите на НЕТ-мобилност, транспарентност и отворени парламенти-најдобри практики на веб страниците на парламентите", кој се одржа на 31 мај и 1 јуни 2012 година во Мадрид, Кралството Шпанија, учествуваше Мане Нецев, раководител на Одделението за системски инженеринг развој.

На Семинарот посветен на европската економска и финансиска криза и улогата на парламентите, што се одржа на 7 и 8 јуни 2012 година во Рим, Италија, учествуваше Драган Пулевски, помлад соработник за аналитички и нормативно правни работи на матичните работни тела од областа на финансирањето и буџетот и економските прашања.

На Семинарот посветен на употребата на информациите и работата на парламентарните библиотеки, што се одржа на 14 и 15 јуни 2012 година во Копенхаген, Кралството Данска, учествуваше Горан Котевски, советник за поддршка на работата на ЕУ Центарот.

На Семинарот посветен на градба, реконструкција и одржување на парламентарните згради, изгледот и дизајнот на парламентарните згради, што се одржа на 6 и 7 септември 2012 година во Хаг, Кралството Холандија, учествуваше арх.Билјана Ивановска, раководител на Одделението за инвестиционо и тековно одржување на објектот.

На Семинарот посветен на парламентарната контрола на владата во законодавниот процес, одржан на 13 и 14 септември 2012 година во Берлин, СР Германија, учествуваше Марија Алексовска, државен советник за законодавство.

На Годишната конференција на кореспондентите на ЕЦПРД, што се одржа од 18 до 20 октомври 2012 година во Атина, Република Грција, учествуваше Иван Петрушевски, кореспондент на ЕЦПРД.

На Семинарот посветен на улогата на отворените информации и парламентарните веб страници, што се одржа на 15 и 11 ноември 2012 година во Будимпешта, Унгарија, учествуваше Мане Нецев, раководител на Одделението за системски инженеринг развој.

## Студиски посети

Од 19 до 22 март 2012 година во Будимпешта, Унгарија, во рамките на ИПА-ТАП проектот за Собранието на Република Македонија 2011-2012, група од 15 државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија оствари студиска посета на Унгарското национално собрание.

Како дел од ИПА-ТАП проектот за Собранието на Република Македонија 2011-2012, група од 12 државни слжбеници од Службата на Собранието на Република Македонија, предводена од г.Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, од 8 до 12 мај 2012 година оствари студиска посета на Парламенот на Република Латвија.

Во рамките на повеќегодишната соработка со Европскиот парламент, односно со Одделението за односи со парламентите од земјите на Западен Балкан, реализирана е 4.Студиска посета на европските институции за група од 8 државни службеници кои работат на европски прашања. Посетата се оствари на 8 и 9 ноември 2012 година во Брисел, Кралството Белгија.

## Семинари

Во организација на Европскиот парламент и Советот за регионална соработка, на 23 и 24 февруари 2012 година, во Сараево, Федерацијата на Босна и Херцеговина, се одржа Парламентарен семинар на тема: „Предизвиците во областа на заштитата на животната средина и идните активности". На семинарот учествуваа пратениците: г. Реџаиљ Исмаили, претседател на Комисијата за транспорт и врски, г-ѓа Ане Лашкоска, г. Рејхан Дурмиши и г. Борче Ставров, членови на Комисијата за транспорт, врски и екологија, како и Данчо Јаневски, раководител на Одделението за матичните работни тела од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и транспортот, врските и екологијата и Далибор Алешковиќ, помлад соработник за матичните работни тела од областа на земјоделството, шумарството, и водостопанството и транспортот, врските и екологијата.

На 29 и 30 март 2012 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа семинар за службеници за предизвиците на полето на екологија. На семинарот учествува службеници: Данчо Јаневски, раководител на Одделението за матичните работни тела од областа земјоделството, шумарството, и водостопанството и транспортот, врските и екологијата, Станислава Чулиќ, советник на Комисијата за европски прашања, Иван Петрушевски, помлад соработник за меѓународни парламентарни собранија и г. Далибор Алешковиќ, помлад

соработник за матичните работни тела од областа земјоделството, шумарството, и водостопанството и транспортот, врските и екологијата.

Делегација на Собранието на Република Македонија во состав од пратениците: г.Панче Орцев, г.Малиша Станковиќ, г.Реџаиљ Исмаили и г.Борче Ставров, членови на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и службениците Данчо Јаневски, раководител на Одделението за матичните работни тела од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и транспортот, врски и екологијата и Далибор Алешковиќ, помлад соработник за матичните работни тела од областа на земјоделство, шумарство и водостопанство и транспорт, врски и екологија, учествуваше на парламентарен семинар што се одржа на 28 и 29 јуни 2012 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија.

На 28 и 29 јуни 2012 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа TAIEX Семинар, односно регионална работилница за азилот и политиките на азил во Европската унија. На семинарот учестуваа државните службеници Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерална соработка, Иван Цветановски, соработник за поддршка на активностите на претседателот на Собранието, Габриела Збиљиќ, советник на Комисијата за политичкиот систем и односи меѓу заедниците и Александра Пуловска, помлад соработник за подготовка и реализација на седниците на Собранието и за објавување на законите и другите акти во "Службен весник на Република Македонија".

На 9 и 10 јули 2012 година во Софија, Република Бугарија, се одржа Семинар за модернизација на земјоделството и на спроведување на заедничката земјоделска политика. На семинарот учествува: Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка, Филип Филиповски, виш соработник во Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ристо Илиевски, помлад соработник во Комисијата за европски прашања и Далибор Алешковиќ, помлад соработник во Комисијата за транспорт и врски.

На 19 октомври 2012 година во Брисел, Кралството Белгија, се одржа состанок на националните координатори од парламентите на Западен Балкан. На состанокот учествуваше Маријана Опашинова Шундовска, советник за парламентарни собранија и мултилатерална соработка.

На 14 и 15 ноември 2012 година во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Парламентарен семинар на тема: "Заштита на човековите права и состојбата на жените И децата", кој во организација на Директоратот за надворешни политики при Европскиот парламент, на семинарот учествува пратениците: г-ѓа Лилјана Поповска, претседател на комисијата за еднакви можности на жените и мажите, г. Антонио Милошоски, претседател на комисијата за надворешна политика, г. Гордан Георгиев, член на Комисијата за европски прашања и г-ѓа Хајрије Мисими, член на Уставната комисија како и Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка и Моника Стојановска Здравковска, соработник на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

# 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




# 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Обраќање на Н.Е. г-ѓа Јозефина Топали, претседател на Собранието на Република Албанија пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Семинар: "Парламентот клучен субјект во родово одговорно буџетирање" |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод јубилејот "20 години од монетарното осамостојување на Република Македонија |
| Конференција на тема: "Проширувањето соочено со новите предизвици во Европската Унија", по повод 9 Мај - Денот на Европа |
| Обраќање на Н.Е. г. Џемил Чичек, претседател на Големото народно собрание на Република Турција пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија на Свечена академија по повод Националниот ден на Власите |
| Обраќање на Н.Е. г-ѓа Барбара Прамер, претседател на Националниот совет на Република Австрија пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| 10ти состанок на МПК ЕУ-РМ |

| |
|---|
| Откривање на плакета за донација на компјутерска опрема од страна на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија и Н.Е. г. Цуи Џивеи, амбасадор на НР Кина - подарок од Се-кинескиот Народен Конгрес на НР Кина во Сала "Борис Трајковски" во Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод свечено отворање на 51 Балкански фестивал на народни песни и игри |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод официјалното затворање на ИПА проектот |
| Обраќање на Н.Е. г. Бан Ки Мун, генерален секретар на ООН пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија на свеченото отворање на 42-от републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" |
| Покровителство и обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 2 Август - Ден на Републиката во Меморијален центар АСНОМ - Пелинце |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, приреди г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 15 Септември - Меѓународен ден на Демократијата" |
| Обраќање на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија по повод 50 години на РСБСП |
| Предавање и презентација на годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија - 2012 година |
| Свечена академија во Дом на АРМ и обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 11 Октомври, Ден на народното востание |
| Конференција "15 години од парламентарната димензија на ПСЈИЕ - минатото, сегашноста и европската иднина на регионот" |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 10-годишнината од основањето и работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, на Национална конференција за говор на омраза: предизвици во ерата на толеранцијата, различноста и кохезијата |
| Финална регионална конференција за проектот Жените во руралниот развој |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, на конференцијата на тема: "Улогата и политичките партии во изборниот процес" |
| Годишно обраќање на Н.Е. г. Ѓорге Иванов. претседател на Република Македонија пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, престедател на Собранието на Република Македонија пред вработените по повод новогодишните празници |

# 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Драгољуб Цакиќ,** член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Никола Ивановски**, судија на Уставен суд на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Елена Гошева**, судија на Уставен суд на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Сали Мурати**, судија на Уставен суд на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Дашмир Саити**, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Зоран Сулејманов**, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Миле Мојсовски**, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Костадин Кизов**, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Петар Аневски**, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Момир Маричиќ,** член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Анета Стефановска**, член на Државната изборна комисија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Јелица Крстевска,** член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Влатко Самарџиски**, член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Александра Зафировска**, член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Мирјанка Гоцевска Стефановска,** член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Мери Дика Георгиевска,** член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Јован Јосифовски,** судија на Уставен суд на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Иџет Мемети**, народен правобранител |
| Свечена изјава на **г. Беќим Реџепи,** член на Судскиот совет на Република Македонија |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1. СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во периодот 01 јануари 2012 до 31 декември 2012 г. Собранискиот сервис / МРТ изврши вкупно 157 директни преноси на пленарни седници на Собранието на Република Македонија, во вкупно времетраење од 46.774 минути. Во посочениот период Собранискиот сервис изврши вкупно 28 директни преноси на седниците на Комисијата за финансирање и буџет, во вкупно времетраење од 10.159 минути.

Во текот на наведениот период, емитувани се и содржини од собраниската активност со вкупно времетраење од 48730 минути.

Што се однесува до седниците на комисиите, комитетите, советите, надзорните расправи и други работни тела, истите беа одложено пренесувани до гледачите на Собранискиот сервис.

Така, Комисијата за финансирање и буџет одржала 41 седница со вкупно времетраење од 5.656 минути.

Седници на Законодавно-правната комисија биле вкупно 72 или изразено во минути 5.356.

Комисијата за транспорт, врски и екологија, во наведениот период одржала 38 седници во времетраење од 3.629 минути.

Вкупно 18 седници одржала Комисијата за економски прашања или 1.966 минути.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржала 33 седници со вкупно времетраење од 4.454 минути.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, во наведениот период имала 16 седници кои биле емитувани во времетраење од 1.767 минути.

Комисијата за образование, наука и спорт одржала 12 седници во времетраење од 847 минути.

Комисијата за надворешна политика одржала 19 седници во времетраење од 1.209 минути.

Комисијата за одбрана и безбедност се состанала 17 пати и расправала 849 минути.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се состанала два пати во времетраење од 8 минути.

Комисијата за здравство одржала 17 седници во времетраење од 2.491 минути.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржала 6 седници во времетраење од 512 минути.

Комитетот за односи меѓу заедниците заседаваше четири пати со вкупно времетраење од 460 минути.

Националниот совет за евроинтеграции, во наведениот период се состанал 14 пати, а седниците траеле вкупно 1.635 минути.

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана се состанала четири пати во времетраење од 317 минути.

Комисијата за локална самоуправа одржала една седница во вкупно времетраење од 56 минути.

Комисијата за култура вкупно заседавала шест пати со време од 243 минути.

Комисијата за европски прашања заседавала 15 пати во времетраење од 646 минути.

Комисијата за труд и социјална политика одржала 81 седница во времетраење од 13 482 минути.

Буџетскиот совет на Собранието заседавал еднаш во времетраење од 78 минути.

Советот на собранискиот канал одржал три седници во времетраење од 201 минута.

Членовите на постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот се состанале еднаш во времетраење од 130 минути.

Комитетот за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање заседавал еднаш во времетраење од 5 минути.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се состанала 16 пати во времетраење од 1.745 минути.

Едно заседание во тековната година имала Комисијата за уставни прашања со траење од 182 минути.

Во 2012-та година гледачите можеа да следат две снимки на одржани конференции во времетраење од 329 минути, три седници на клубот на пратенички од 375 минути, една 32-минутна јавна презентација и шест изјави за медиуми со вкупно времетраење од 70 минути.

## 8.2. Електронска комуникација

### Е-ПАРЛАМЕНТ И СОБРАНИСКАТА ВЕБ-ЛОКАЦИЈА

Собранието на Република Македонија заради унапредување на ефикасноста во работењето, а со цел да го зголеми капацитетот преку користење на информациско-комуникациската технологија после повеќемесечна анализа на процесите, развој и инсталација на софтверот, обука на корисниците на системот, од октомври 2009 година воведе електронски систем за менаџирање на документи врзани со законодавната постапка, т.н. е-парламент.

Со е - парламент се опфатени следните процеси:

1. Прием на материјали
   - прием и архивирање на материјал
   - известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
   - Закажување на седници
   - Водење на седниците
   - Додавање на заклучоци
   - Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
   - Закажување на седници
   - Водење на седниците
   - Додавање на заклучоци
   - Додавање на извештаи
   - Додавање на стенограми
   - Додавање на аудио и видео записи
   - Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
   - најави на пратенички прашања
   - додавање на поставени прашања
   - додавање на одговори

Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.



Речиси сите државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.



Во 2012 година процесирани се вкупно 18771 материјали.

| | |
|---|---|
| Предлог на закон | 224 |
| Амандман | 18319 |
| Анализи, извештаи, информации и друг материјал | 80 |
| Декларација, резолуција, одлука и препорака | 36 |
| Ратификација на меѓународни договори | 46 |
| Друго | 5 |
| Автентично толкување на закон | 22 |
| Избори, именувања и разрешувања на јавни и други функции | 24 |
| Интерпелација | 2 |
| Оставка на носител на јавна и друга функција | 5 |
| Согласност на статути и други општи акти | 4 |
| Доверба на Влада | 1 |
| Предлог стратегија | 1 |
| Измена на устав | 1 |
| **ВКУПНО** | **18771** |

Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија постојано ја збогатува со податоци собраниската веб-локација.

На веб-локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници.

Поголемиот дел од информациите може да се прочитаат уште и на англиски, албански и француски јазик.

Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

Во 2012 година Собраниската веб-локација била посетена над 450.000 пати од над 120.000 посетители.

## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1159 претставник на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностита на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/ 2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 15 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 7 |
| МТВ | 81 |
| МТВ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 26 |
| РЕДАКЦИЈА НА ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА МТВ | 42 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 4 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА СРПСКИ ЈАЗИК | 3 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 43 |
| ТВ 5 ПЛУС | 23 |
| ТЕЛМА | 29 |
| АЛ САТ | 25 |
| СИТЕЛ | 67 |
| ТВ ЕРА | 6 |
| СКАЈНЕТ | 4 |
| ТВ АЛФА | 39 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 8 |
| НАША ТВ | 8 |
| ТВ СОНЦЕ | 6 |
| ТВ “Е” | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 40 |
| АЛБ ТВ | 13 |
| МАКЕДОНИЈА 24 | 9 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО | 34 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 40 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 24 |
| ВЕЧЕР | 29 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 25 |
| ВЕСТ | 33 |
| КОХА | 7 |
| ЉАЈМ | 10 |
| БИЗНИС | 4 |
| ДЕН | 22 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 26 |
| ГЛОБУС | 10 |
| КАПИТАЛ | 35 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 |
| МИА-агенција | 39 |
| МАКФЕСТ-агенција | 20 |
| ОБСЕ | 38 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| НЕТ ПРЕС КОМ | 7 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ | 8 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| ЗАМАН | 1 |
| КУРИР | 8 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 4 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| еРЕПОРТЕР | 5 |
| ЖУРНАЛ | 10 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 3 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| DEUTSCHE WELLE | 2 |
| РЕВОЛУЦИЈА | 5 |
| ПЛУСИНФО | 10 |
| А1он | 12 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 6 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА "БЕЗ ПАРДОН" | 9 |
| БИРН | 1 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ПАРТЕС ПРОДУКЦИЈА ДОО | 7 |
| ПОРТАЛБ | 7 |
| ГРАЃАНСКИ | 8 |
| РЕПУБЛИКА | 11 |
| БРИФ | 7 |
| ФоНет | 1 |

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање секојдневно ја ажурира веб-локацијата на Собранието на Република Македонија на четири јазици (македонски, албански, француски и англиски јазик), во делот на активности, најави и соопштенија. Подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница, потоа до експедиција и до куририте, а воедно електронски го доставува до медиумите.

Исто така, преработува извештаи од седници на работните тела за потребите на веб-локацијата и следи, пишува и објавува вести од ЕУ.

Подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за дневните активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници. Моментално се активни 566 корисници кои го добиваат електронскиот весник. Во текот на 2012 година се подготвени и испратени вкупно 179 електронски весници.

Периодично спроведува анкети преку веб-локацијата на Собранието, со цел испитување на мислење за моментално актуелни теми на корисниците на самата веб-локација.

Со цел да се задоволат потребите на јавноста за работата и активноста на пратениците отворена е нова категорија на веб-локацијата насловена Активности на пратенички групи.

Во текот на 2012 година одделението има подготвено и дистрибуирано 225 дневни информатори.

Одделението, исто така, ги проследува официјалните и работните средби на делегациите во Собранието на Република Македонија и известува на веб-локацијата за истите и до медиумите.

# 9.КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

*Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година, работеше на работни состаноци, јавни расправи, дебати, средби, конференција, семинар и меѓународни активности.*

Делокруг на работа на Клубот е унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за еднакви можности, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економија, здравство, образование, безбедност, политички систем; на национално, локално и меѓународно ниво; иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштита од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.

Координаторка на Клубот на пратенички беше Соња Мираковска од НСДП до истекот на мандатот на 1 октомври 2012 година, по што беше избрана Лилјана Кузмановска од ВМРО ДПМНЕ. Членки на претседателството беа: Дешира Имери од ДУИ, Мерал Узеири Ферати од ДПА, Ленче Николовска од НП, Маринела Тушева од СДСМ, Лилјана Кузмановска од ВМРО ДПМНЕ, Соња Мираковска од НСДП (по истекот на мандатот за координаторка) и Лилјана Поповска од ДОМ (по функција).

На 11 јануари 2012 година беше донесен Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во Законот беа вградени и 7-те амандмани на Предлог - законот (предложени од пратеничките - членови на Клубот на пратенички), од кои на седницата на матичното работно тело (Комисијата за еднакви можности на жените и мажите) беа прифатени 5, а повлечени 2 амандмани (од страна на Клубот), кои по допрецизирањето беа поднесени и прифатени од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Клубот на пратенички во изминатиот период работеше на јавна расправа, дебата и конференција и тоа:

На 8 март 2012 година Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во соработка со Здружението на бубрежно болни НЕФРОН и Стручното здружение МЗНДТВО (Македонско здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи) одржаа јавна расправа на тема: **Светски денови на бубрегот -дарување на органи.** На јавната расправа беа одбележани и Меѓународниот ден на жената 8 Март и 9 годишнина од формирање на Клубот на пратенички.

Во соработка со Светската здравствена организација и Министерството за здравство, на 20 март 2012 година, Клубот на пратенички одржа дебата на тема: **Влијанието на климатските промени врз здравјето, и интерсекторската поврзаност при спроведување на мерките за адаптација и ублажување кон климатските промени.**

На 14 септември 2012 година, во пресрет на Меѓународниот ден на демократијата - 15 Септември, Клубот на жени пратенички, Македонското женско лоби, ЖГИ АНТИКО и Националниот совет за родова рамноправност СОЖМ одржаа конференција на тема: **Демократијата и родовата еднаквост.** Конференцијата беше организирана со поддршка од Обиденитетите нации, Националниот демократски институт, Фондацијата "Конрад Аденауер" и Фондацијата "Фридрих Еберт" .

Од конференцијата произлегоа следните ***заклучоци***:

- Имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите преку вградување во актите на политичките партии;
  - Клубот на пратенички упати апел до раководствата на политичките партии за поголемо учество на жените во органите на партиите и на изборните листи;
  - Вградување на квоти за градоначалнички во Изборниот закон по завршувањето на локалните избори во 2013 година.

Во изминатиот период Клубот на пратенички учествуваше и организираше работни средби:

На 23 март 2012 година, во хотелот "Бест Вестерн", Клубот на пратенички и Канцеларијата на UN Women - Тело на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените од Скопје, одржаа работна средба со австрискиот експерт за родово одговорно буџетирање, д-р Елизабет Клатцер.

Средбата беше организирана во рамките на регионалниот проект на УН Њомен "Родово одговорни политики во Југоисточна Европа" поддржан од Австриската развојна агенција, како дел од втората посета на д-р Клатцер за поддршка на Работната група за родово одговорно буџетирање, предводена од Министерството за труд и социјална политика, а составена од претставници на други министерства, која работи на подготовка на првата национална стратегија за родово одговорно буџетирање.

На 4 април 2012 година претседатеството на Клубот на пратенички одржа работна средба со г-ѓа Јозефина Чоба Топали, претседател на Собранието на Република Албанија. На средбата зедоа збор сите пратенички, при што произлезе иницијатива за организирање средба на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите од двата парламента и продлабочување на нивната соработка.

На 19 јули 2012 година претставници на Клубот на пратенички одржаа средба со заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Теута Арифи.

За време на средбата беше разговарано за активностите на Клубот на пратенички во насока на унапредување на процесите на родова еднаквост и усогласувањето на нашите прописи со европските стандарди и добри практики во оваа сфера.

На состанокот беше договорено во наредниот период да се интензивираат активностите во делот на родовата еднаквост.

На 8 ноември 2012 година, претседателството на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија одржа средба со г. Јакопо Леоне Мекдоналд, родов истражувач на ОДХР, кого го информира за работата на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија.

На средбата г. Јакопо Леоне Мекдоналд изрази признание за постигнатото на полето на родова еднаквост во Република Македонија и истакна спремност за понатамошна соработка.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија и Канцеларијата на UN Women - Тело на Обединетите Нации за родова рамноправност и зајакнување на жените од Скопје, на 6 декември 2012 година, одржаа работна средба на која беа презентирани наодите од родовата анализа за програмите и буџетите во одбраната и активните мерки за вработување и базичната проценка за расположливи податоци по пол во секторот безбедност.

Во изминатиот период беа одржани повеќе работни состаноци:

На работните состаноци одржани на 14 и 17 февруари 2012 година Клубот на пратенички расправаше за Стратегијата и Правилникот за работа на Клубот.

На 1 октомври 2012 година се одржа состанок на кој беше направен избор на координаторка на Клубот за следниот едногодишен мандат а беше усвоен Извештајот за едногодишното работење на Клубот на пратенички. За координаторка беше избрана Лилјана Кузмановска.

Во текот на ноември месец 2012 година, Клубот на пратенички одржа повеќе работни состаноци на кои беа изготвени Програмските активност на Клубот во период ноември 2012 до април 2013 година.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, на 28 декември 2012 година одржа состанок на кој беа поканети сите пратенички од власта и опозицијата, женските мрежи (МЖЛ, СОЖМ и Антико) како и сите медиуми.

Целта на овој состанок беше членовите на Клубот на пратенички да ги споделат своите видувања за настаните од седницата при носењето на Буџетот.
Присутните пратенички се договорија за следново:

- Членовите на Клубот на пратенички изразија жалење за отсуството на колешките од опозицијата и искажаа спремност за повторување на ваква средба во термин кој ќе биде заеднички договорен;
- Пратеничките беа спремни за дискусија и дијалог за настаните од изминатиот месец, за кои беа изнесени неточни верзии преку некои медиуми.

Поради ова присутните пратенички изразија спремност да се соочат и да се откријат мотивите за однесувањето на колешките од опозицијата во наведениот период;

- Едногласно беше заклучено дека Клубот на пратенички со години station наназад е мост за надминување на многу сложени состојби во Собранието на Република Македонија и се надеваме дека таа улога ќе ја одигра и сега.

Клубот на пратенички одржа и други состаноци во рамките на својот делокруг на работење.

Клубот на пратенички работеше и на меѓународен план и тоа:

На почетокот на јуни 2012 година, претставничките на Клубот на пратенички, пратеничките Сузана Салиу, Соња Мираковска, Лилјана Поповска и Лилјана Затуровска учествуваа на еднонеделен меѓународен семинар во Вашингтон на тема ІУчеството на жените-лидери во економскиот развој и намалување на сиромаштијата".

Семинарот беше организиран од Партнеството за демократија на Американскиот конгрес, чии претседавачи се Дејвид Драјер и Дејвид Прајс, кои неодамна беа во посета на Република Македонија. Коорганизатори на семинарот беа УСАИД, НДИ и ИРИ.

Во рамките на семинарот, пратеничките се сретнаа со повеќе конгресмени од Демократската и Републиканската партија и се запознаа со работата на женското парламентарно лоби и други форми на организирање на жените во САД.

Македонските парламентарки го промовираа високиот процент на учество на жените во Собранието на Република Македонија со над 30% и најавија активности за економско јакнење на жените во Република Македонија.

На покана на ОБСЕ, Лилјана Поповска ги претставуваше Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на работилница на тема: Зајакнување на парламентарните структури за жени пратенички во регионот на ОБСЕ. Работилницата се одржа на 9 и 12 декември 2012 година во Виена, Австрија.

Поповска на работната сесија имаше свое излагање каде го пренесе искуството и добрите практики од Република Македонија како лидер во регионот за воспоставување и водење на парламентарните структури за жени. Таа во своето излагање се осврна и на успешниот модел на парламентарните структури кои се основани и во моментов функционираат во Собранието на Република Македонија, во кои работат и делуваат жени-парламентарки од сите партии, со посебен акцент на аспектите на нивната организација, внатрешното функционирање, соработката со меѓународната заедница, како и дијалог со структурите на локално ниво

# 10. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 10.1. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

***Програма за парламентарно јакнење - Македонија***

- **Парламентарна работилница: финански отчет и одговорност – зајакнување на собранискиот надзор на јавните трошоци**

Вестминстер фондацијата за демократија (ВФД) во соработка со собраниската Комисија за финансирање и буџет организираше работилница (13 – 15 јули 2012 год.) каде покрај членовите на комисијата учествуваа и координаторите на пратеничките групи, како и британски пратеници со долгогодишно искуство во спроведување парламентарен надзор на јавните финансии. Целта на оваа размена на мислења и искуства беше да придонесе во обезбедувањето на потребниот политички консензус за воспоставување институционален механизам за подетално разгледување на јавните ревизорски извештаи во рамки на законодавниот дом.

- ***Обезбедување ефикасна поддршка на пратениците*** **- Работилница за комуникација и вмрежување**

Во периодот 23-25 март 2012 год. ВФД во соработка со Институтот за парламентарна демократија одржа обука за асистентите на пратениците во канцелариите за комуникација со граѓани и советниците на пратеничките групи за унапредување на комуникациски вештини и вмрежување. Обучувачи од Британија (поранешни и актуелни асистенти во теренски канцеларии на пратеници и советници во парламентот) го пренесоа своето знаење и искуство, со што и доближија дел од британската парламентарна демократија и традиција до нивните колеги во Македонија, а сè со цел обезбедување професионална поддршка на избраните претставници.

- **Проценка на влијанија на регулативата (ПВР или РИА – Regulatory Impact Assessment) - презентација за пратениците**

Во декември 2012 год. ВФД одржа презентација за пратениците на оваа тема, со цел да се подигне разбирањето за концептот на ПВР во рамки на законодавниот дом и што повеќе истиот да се доближи до пратениците во насока на обезбедување широка поддршка од сите парламентарни групи. Притоа, беа дискутирани можности за воведување на овој современ концепт во работата на Собранието на Република Македонија, за што Фондацијата претходно изработи и детална студија.

- **„Водич за пратеници во Собранието на Република Македонија"**

Во соработка со работна група од стручната служба на Собранието беше изработен практичен водич за работата на законодавниот дом, каде на едноставен и јасен начин се претставени основните работи кои секој нов пратеник треба да ги знае за работата на Собранието (како на пр. нивните права, обврски и следувања, видови поддршка од службата внатрешниот ред, услуги за користење и сл). Ваков вид публикации се изработуваат во скоро сите развиени парламенти, овозможувајќи полесно приспособување на народните избраници во вршењето на нивната законодавна, претставничка и надзорна улога.

- **Истражување на јавното мислење – перцепции на граѓаните за работата на Собранието на Република Македонија**

ВФД го ангажираше Институтот за демократија и цивилно општество да ја спроведе анкетата на јавното мислење, која по петти пат се организира телефонски (20-23 јануари) на репрезентативен примерок од 1024 испитаници. Резултатите од истражувањето на јавното мислење беа презентирани во Собранието на 27 јануари 2012 год. Мерењето на перцепциите на граѓаните за работата на Собранието може да им послужи на пратениците да се здобијат со квантитативни и квалитативни податоци за влијанието на собраниските активности, случувања и дебати врз јавното мислење.

# 10.2. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

- **16 - 18 јануари 2012 -** Студиска посета на Парламентарниот институт на Чешкиот парламент за пратеници од Управувачкиот совет на Парламентарниот институт
- **21 - 22 февруари 2012 -** Серија семинари за добро владеење за пратеници: Праксата на буџетирање за Сенатот во САД vis-à-vis Собранието на Република Македонија); Експерт: Џин Бордевич, Staff Director, Committee on Rules and Administration, US Senate (USA)
- **21 февруари, 2012** - Средба на Сузана Салиу, Потпретседател на Собранието на Република Македонија со Џин Бордевич, Директор на службите, Комисија за деловник и Администрација, Сенат на САД
- **22 февруари , 2012** - Средба на Маријанчо Николов, претседател на Комисијата за финансии и буџет со Џин Бордевич, Директор на службите, Комисија за деловник и Администрација, Сенат на САД
- **27- 28 Марцх 2012 -** Серија семинари за добро владеење за пратеници: *Улогата на Парламентот при донесувањето на државниот буџет;* Експерт Мартин Корчек, државен советник во Националниот совет на Република Словачка
- **5 април 2012** - Работилница со Делегација од Конгресот на САД: *Надзорот како обврска на Собранието,* Дејвид Драјер и Дејвид Прајс, Конгресмени од Конгресот на САД.
- **6 април 2012** - Работилница со Делегација од Конгресот на САД: Ефективна Парламентарна Опозиција, Дејвид Драјер и Дејвид Прајс, Конгресмени од Конгресот на САД.
- **27-28 мај 2012** - Серија семинари за добро владеење за пратеници: Комуникација со граѓани, презентер: Гувернер Хауард Дин, Член на бордот на НДИ
- **12 - 14 декември 2012** - Серија семинари за добро владеење за пратеници: *Квалитативно парламентарно истражување во врска со законодавството на ЕУ и дефинирање принципи и правила на истражувањето.* експерти: Бен Смит, Виш истражувач и аналитичар од Истражувачката служба на Долниот дом на Парламентот на Обединетото Кралство анд Ањешка Гжелак, експерт за законодавство од Бирото за анализа на Долниот дом на Парламентот на Полска (Сејм)
- **Август - Декември 2012** - Поддршка за службите на Комисијата за Земјоделство во организирање на надзорна расправа. Техничка поддршка при подготовка и организирање на надзорна расправа во Комисијата за земјоделство.

**Регионална Иницијатива за Законодавно зајакнување на Западен Балкан - НДИ:**

- **Јуни 2012**, во склоп на регионалната програма на НДИ, Моника Стојчева од Комисијата за Труд и Социјална политика имаше можност да учествува во работата на комисиите во Националнот Совет на Словачката Република во Братислава
- **Ноември 2012**, во склоп на регионалната програма на НДИ, Далибор Алешковиќ и Арбер Исаку учествуваа во работилницата наменета за зајакнување на работата на комисиите во Парламентот којашто се одржа во Националнот совет на Словачката Република во Братислава и Часта Папирничка во Словачка.

**Комисија за Демократско Партнерството на Конгресот на САД:**

- **Април 2012,** Делегација од Конгресот на САД го посети Собранието на Република Македонија на 6 април каде што одржа состаноци со Претседателот на Собранието Вељаноски, учествуваа во седница на Управувачкиот Совет на Парламентарниот Институт и во работна седница со Претседателите на Собраниските комисии. Членови на Конгресната делегација: конгресмените Дејвид Драјејр, Дејвид Прајс, Џим МекДермот, Ерик Паулсен и Гери Коноли како и од службата на комисијата Бред Смит и Џон Лис.
- **Јуни 2012,** година, во соработка со НДИ беше организирана студијска посета на жени пратеници од Собранието на Република Македонија во Конгресот на САД, каде што отпатуваааа Сузана Салиу, Соња Мираковска, Лилјана Поповска и Лилјана Затуроска;
- **Јули 2012**, година, во соработка со НДИ беше организирана студијска посета за претседатели на комисиите (Реџаил Исмаили, Александар Спасеноски, Илија Димовски, Цветанка Иванова, Маријанчо Николов, Ленче Николовска) во Конгресот на САД
- **Октомври 2012**, во соработка со НДИ беше организирана студијска посета на Конгресот на САД за прашања од областа на буџетот и финансиите каде што учествуваа, Драган Пулевски и Марина Димовска од службите на Собранието на Република Македонија.
- **Декември 2012**, во соработка со НДИ беше организирана студијска посета на Конгресот на САД за советници на комисиии каде што учествуваа Данчо Јаневски и Станислава Чулиќ

# 10.3. Активности на граѓанската асоцијација МОСТ во соработка со Собранието на Република Македонија

Граѓанската асоцијација МОСТ е домашна невладина, непартиска и непрофитна организација, чија мисија е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

Од самиот почеток на своето постоење Граѓанската асоцијација МОСТ остварува плодна и успешна соработка со Собранието на Република Македонија, како највисокиот претставнички орган на граѓаните.

Во периодот август 2011 - јуни 2012 г. Граѓанската асоцијација МОСТ го спроведуваше проектот "Мојот парламент", чија цел беше да го промовира концептот на партиципативна демократија и вклучување на граѓаните во процесот на креирање политики и донесување на одлуки. Активностите во рамките на проектот беа насочени кон мониторинг на работата на постојаните работни тела (комисии) во рамките на Собранието.

За потребите на мониторингот, Граѓанската асоцијација **МОСТ** изготви 84 барања во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за добивање на записниците од седниците на комисиите во Собранието. Како одговор на поднесените барања, добиени се 247 од вкупно 251 усвоен записник од одржаните седници на комисиите. Покрај тоа, како извор на податоци за составот на собраниските комисии е користена интернет-страницата на Собранието на Република Македонија, www.sobranie.mk.

Во рамките на проектот, Мојот парламент, беше организирана јавна дебата на тема: "***Законски можности, влијание и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики и донесување одлуки***" . На дебатата како панелисти говореа г-динот Александар Спасеновски, Претседател на Комисијата за образование, наука и спорт во Собранието на РМ, г-динот Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за Европски прашања во Собранието на РМ и г-динот Менде Диневски, претседател на Комисијата за здравство во Собранието на РМ. Покрај останатите претседатели на комисии и пратеници, на дебатата присуствуваа и секретарите на комисиите како и претставници од невладиниот сектор.

Како резултат на работата на проектот подготвен е извештај којшто содржи податоци за функционирањето на постојаните работни тела во рамките на Собранието на Република Македонија за периодот од конституирањето на новиот парламентарен состав, односно од 25 јуни 2011 година до 1 јуни 2012 година.

Извештајот ги презентира податоците за работата на секое од 21 постојано работно тело според неколку однапред утврдени критериуми кои се дел од усвоените записници од одржаните седници, како што се:

- Присуството на пратеници за време на одржување на комисиските седници;
- Бројот на закони прочитани во рамките на комисиските седници;
- Бројот на јавни расправи одржани од страна на соодветните комисии;
- Бројот на надзорни сослушувања одржани од страна на соодветните комисии;
- Бројот на учесници од граѓанскиот сектор, засегнати страни и експерти кои учествувале во работата на собраниските комисии.

Покрај ова, извештајот дава преглед на одржаните јавни расправи, надзорни расправи и други настани одржани од страна на комисиите, презентирајќи го бројот на учесници од граѓанскиот сектор, експерти и други засегнати страни, како и бројот на заклучоци усвоени од страна на Комисијата.

Во рамките на извештајот исто така е извршена и анализа на фреквенцијата на измени и дополнувања на оние закони кои се донесени во периодот на набљудувањето.

По јавната промоција на извештајот истиот беше дистрибуиран и до сите пратеници и секретари на комисии во Собранието на РМ.

# 11. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 11.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *сектори и*
4. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори и две посебни организациони единици - одделенија за извршување на обврските утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

*На Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието донесени се два правилника за изменување и дополнување и тоа едниот на 24.02.2009 година број 01-1171/1 избришани се две одделенија во Секторот за работните тела под број 5/И и 5/Ј , а вториот на 24.12.2009 година број 01-4866/8 донесени се следниве измени: Во Секторот на генералниот секретар статуирани се две нови одделенија – Одделение за поддршка на работата на потпретседатели на Собранието и Одделение за поддршка на работата на пратеничките групи*

*Врз основа на Законот за внатрешна јавна финансиска контрола извршени се измени во Секторот за финансиски и економски прашања кој согласно со одредбите од наведениот Закон се преименува во Сектор за финансиски прашања со четири одделенија.*

*Врз основа на членот 42 од Законот за Собрание на Република Македонија статуиран е нов Сектор-парламентарен институт со две одделенија, како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката функција. Управување и надзор над работата на Парламентарниот институт врши Управувачки совет. Парламентарниот институт за своето работење доставува годишен извештај до Управувачкиот совет и до претседателот на Собранието.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието,

односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од единаесет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела, односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори, односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и

материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 11.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### *ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена на ризик, како и извршување на одделни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и

б) процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори,
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации,
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите;

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува стратешки план и годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија по добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2012 година во Одделението за внатрешна ревизија беа планирани 6 ревизии и тоа:

1. Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Годишниот план за 2010 и 2011 година (од 05 јануари до 10 февруари 2012 година).
2. Ревизија на усогласеност во системот на финансиското управување и контрола (од 10 февруари до 10 април 2012 година).
3. Ревизија на усогласеност во процесот на изградба на Собраниската зграда (од 10 април до 25 јуни 2012 година).
4. Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирање на процесот на готовинското и безготовинско плаќање (од 25 јуни до 30 август 2012 година).
5. Ревизија на системот на внатрешна контрола при спроведување на пописот на средствата, обврските и побарувањата (од 01 септември до 31 октомври 2012 година).

6. Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) (од 01 ноември до 31 декември 2012 година).

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

### Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно со Годишниот план за 2011 и 2012 година (од 05 јануари до 10 февруари 2012 година)

Оваа ревизија е реализирана согласно со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2012 година.

За горенаведената ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр 40-841/1 од 17.02.2012 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија .

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се имплементирани препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно годишниот план за 2010 и 2011 година и за истата да се информира раководството на Собранието на Република Македонија

### Ревизија на усогласеност во системот на финансиското управување и контрола (од 10 февруари до 10 април 2012 година)

Оваа ревизија е реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна за 2012 година.

За горенаведената ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 401869/4 од 25.04.2012 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали работењето на процесот на финансиското управување и контрола е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти што се во сила и да се дадат препораки до менаџментот на Собранието на Република Македонија за отстранување на евентуално утврдените слабости.

### Ревизија на усогласеност во процесот на изградба на Собраниската зграда (од 10 април до 25 јуни 2012 година).

Оваа ревизија е реализирана согласно Годишниот план за внатрешна контрола за 2012 година.

За горенаведената ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-1925/5 од 20 јули 2012 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се почитуваат законите, подзаконските и интерните акти што се во сила при изградба на Собраниската зграда и да се дадат препораки до

менаџментот на Собранието на Република Македонија за отстранување на евентуално утврдените слабости.

**Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирање на процесот на готовинското и безготовинско плаќање (од 25 јуни до 30 август 2012 година).**

Оваа ревизија беше реализирана согласно со годишниот план за внатрешна контрола за 2012 година.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 40-3936/2 од 28 септември 2012 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот при функционирање на процесот на готовинското и безготовинско плаќање.

**Ревизија на системот на внатрешна контрола при спроведување на пописот на средствата, обврските и побарувањата (од 01 септември до 31 октомври 2012 година).**

Оваа ревизија беше реализирана согласно со годишниот план за внатрешна контрола за 2012 година.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 40-5146/1 од 14 декември 2012, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола при спроведување на пописот на средствата, обврските и побарувањата.

**Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) (од 01 ноември до 31 декември 2012 година).**

Оваа ревизија беше реализирана согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2012 година.

За ова ревизија е изготвен Претходен ревизорски извештај со бр. 40-203/1 од 14 јануари 2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола контрола при користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).

## 11.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е проучувањето и примената на законските и подзаконските акти за остварување на правата и обврските на државните службеници и другите вработени во Службата, во однос на вработувањето, подготвување на стручна и аналитичка обработка на податоци, подготвување на програми, анализи и информации за управување со човечките ресурси, обука и развој на државните службеници, како и мерење на работниот учинок на државните службеници преку полугодишните оценувања.

Во Службата, заклучно со 31.12.2012 година има 232 државни службеници и 28 вработени без статус на државни службеници или вкупно 260 вработени во редовен работен однос.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| Генерален секретар и заменици на генерален секретар | 4 | - | - | - | 4 |
| Кабинет на претседателот на Собранието | 8 | 2 | 6 | - | - |
| Сектор на генералниот секретар | 15 | 3 | 6 | 6 | - |
| Државни советници | 9 | 9 | - | - | - |
| Законодавно правен сектор | 10 | 3 | 6 | 1 | - |
| Сектор за седници на Собранието | 14 | 5 | 7 | 2 | - |
| Сектор за работни тела на Собранието | 48 | 6 | 41 | 1 | - |
| Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација | 14 | 3 | 11 | - | - |
| Сектор за меѓународна соработка на Собранието | 8 | 3 | 4 | 1 | - |
| Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции | 9 | 3 | 4 | 2 | - |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | 17 | 3 | 4 | 10 | - |
| Сектор за финансиски и економски прашања | 13 | 1 | 1 | 11 | - |
| Сектор за преведување | 11 | 4 | 3 | 4 | - |
| Сектор за стручни и административни работи | 75 | 3 | 2 | 46 | 24 |
| Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 1 | 3 | - | - |
| Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси | 1 | 1 | - | - | - |
| **ВКУПНО:** | **260** | **50** | **98** | **84** | **28** |

Службата има 50 раководни државни службеници, 98 стручни државни службеници, 84 стручно-административни државни службеници и 28 вработени без статус на државни службеници.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**Реализирани обуки**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

- Во рамки на проектот "Техничка поддршка за ИПА Центар за обуки", Секретаријатот за европски прашања организира

    - Обука на почетно ниво на тема: Вовед во политиките на ЕУ и ИПА, 23-24.01.2012 година, Скопје, 2 државни службеници;
    - Напредна обука на тема: "Ревизија", 30-31.01.2012 година, Скопје, 1 државен службеник;
    - Обука на тема: "Следење и евалуација на ИПА проекти" 14 и 15 мај 2012 година, Скопје, 3 државни службеници.

- Во рамки на ИПА-ТПП, Проектот за техничка помош на парламентот беа организирани повеќе обуки наменети за државните службеници вработетни во Секторот за работни тела, Законодавно-правниот сектор, Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, Секторот за меѓународна соработка и Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација на следниве теми:

    - "Искуствата на новите земји членки во следење на пристапните преговори" , 03.02.2012;
    - "Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапувањето", 10. 02.2012;
    - "Европски практики во поглед на активностите на парламентите насочени кон подигнување на свесноста за прашања поврзани со ЕУ"., 24. 02.2012;
    - "Користење на базите на податоци на ЕУ и консултативни и практични совети", 06.04.2012;
    - "Усогласување на законите", 20.04.2012 и 25.04.2012;
    - "Институциите на ЕУ и донесување одлуки после Лисабонскиот договор", 26-27.04.2012;
    - "Структурата на политиката за проширување на ЕУ; правна/политичка рамка на пристапниот процес во ЕУ; структура/метод на пристапните преговори ", 10.05.2012;
    - "Истражувачки техники во ЕУ", 18.05.2012;
    - "Техники за изработка на нацрт-закони", 30-31 мај 2012 година;
    - "Поглавјата од акито на ЕУI, 14 јуни 2012 година;
    - "Правото на ЕУ- 1 дел", 15 јуни 2012 година;
    - "Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапувањето-втор дел" , 22 јуни 2012 година;
    - "Улогата на националните парламенти во ЕУ и во процесот на пристапување", 28-29 јуни 2012 година;
    - "Дискусија на тркалезна маса", 4 јули 2012 година;
    - "Поглавјата од акито на ЕУ -2 дел", 5-6 јули 2012 година;
    - "Поглавјата од акито на ЕУ -3 дел", 19 јули 2012 година;

Исто така, во рамките на ИПА-ТПП, Проектот за техничка помош на парламентот беа организирани и две студиски посети и тоа во Унгарскиот парламент за 13 службеници од Собранието на Република Македонија, 18-22.03.2012 и во Парламентот на Република Латвија за 10 службеници предводени од генералниот секретар на Собранието, 7-11 мај 2012 година.

- Во рамки на проектот "Поддршка на реформата на јавната администрација" (фонд ДИВ) поддржан од Британската амбасада и Министерството за информатичко општество, беа организирани серија обуки за обучувачи за имплементација на системот на управување заснован на компетенции во државната служба, како и студиската посета во Единбург со цел размена на искуства за имплементација на системот на управување заснован на компетенции во државна служба.

- Во организација на Европскиот парламент:

  - Два семинара на тема: "Предизвиците во областа на животната средина и патот напред" 23-24.02.2012 година, Сараево, 2 државни службеници и на 29-30.03.2012 година во Брисел, 4 државни службеници;
  - Студиска посета на Европскиот парламент, од 8 до 9 ноември 2012 за 8 државни службеници од Собранието на РМ.

- ЕЦПРД Семинари:

  - "Парламентите на НЕТ-мобилност, транспарентност и отворени парламенти-најдобри практики на веб-страниците на парламентите", 31 мај и 1 јуни 2012 година, Мадрид, Кралството Шпанија, 1 државен службеник;
  - "Европската економска и финансиска криза и улогата на парламентите", 7 и 8 јуни 2012 година, Рим, Италија, 1 државен службеник;
  - "Употребата на информациите и работата на парламентарните библиотеки", 14 и 15 јуни 2012 година, Копенхаген, Кралството Данска, 1 државен службеник;
  - "Градба, реконструкција и одржување на парламентарните згради, изгледот и дизајнот на парламентарните згради", 6 и 7 септември 2012 година, Хаг, Кралството Холандија, 1 државен службеник;
  - "Парламентарната контрола на владата во законодавниот процес", 13 и 14 септември 2012 година, Берлин, СР Германија, 1 државен службеник;
  - "Улогата на отворените информации и парламентарните веб страници", 15 и 16 ноември 2012 година, Будимпешта, Унгарија, 1 државен службеник;

- Во организација на Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Франција беа реализирани повеќе кратки стажови на следниве теми:

  - "Организирање на парламентарно работење" од 5 до 30 март 2012, 1 државен службеник;
  - "Улогата на парламентите наспроти државите при одлучувањето на заедницата", од 18-22 мај 2012 година, 3 државни службеници;
  - "Борба против корупцијата" од 12-23 ноември 2012 година, 1 државен службеник;
  - "Комуникација и дипломатија" од 26 ноември до 7 декември 2012 година, 1 државен службеник.

- Во организација на Вестминстер фондацијата за демократија беше реализирана работилница за подготвување на водич за пратениците во Собранието на РМ, од 29-31.03.2012 г. во Маврово, 5 државни службеници.

- Студиска посета во Брисел од 16 до 28 април 2012 година на тема: "Македонија и политиката на ЕУ за животната средина" со финансиска поддршка на Фондацијата Фридрих Еберт, 1 државен службеник.

- Кратко практикантско искуство во Националниот совет на Република Словачка од 10 до 16 јуни 2012 година, во организација на Иницијативата за законодавно зајакнување на Западниот Балкан (ИЗЗЗБ) под закрила на НДИ, во рамките на Регионалната програма за Централна и Источна Европа, финасиски поддржана од Националниот фонд за демократија, чија цел е да се зајакне законодавната пракса преку регионална парламентарна соработка и размена на искуства со парламентите на земјите членки на ЕУ- 1 државен службеник.

- Студиска посета во Конгресот на САД, 15 до 23 декември 2012 година на тема: IКомисиски надзорни расправи", под покровителство на УСАИД, НДИ, ХДП и ИРИ, 2 државни службеници.

- Во организација на Секретаријатот за европски прашања во соработка со Развојна програма на ОН (УНДП):
  - Семинар за пристапните преговори во ЕУ, поглавја 23 Правосудство и фундаментални права и 24 Правда, слобода и безбедност, , 12-13 септември 2012 г, Скопје, 1 државен службеник;
  - Семинар за пристапни преговори со ЕУ за поглавје 22: "регионална политика и координација на структурни инструменти" 12-13 ноември 2012 година, Скопје, 2 државни службеници.

- Во рамки на Твининг проектот "Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна контрола на локално и централно ниво", Министерството за финансии на РМ организира обука за внатрешна ревизија "Напредна +", од 18 до 21 септември 2012 година во Скопје - 1 државен службеник.

- Во рамки на проектот "Поддршка на процесот на спроведување на Охридскиот рамковен договор, преку јакнење на капацитетите за квалитетен превод во државната и јавната администрација", Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Британската амбасада во РМ, организираат повеќемесечна обука за континуиран професионален развој наменет за преведувачи, односно толкувачи во државната и јавната администрација во периодот од септември 2012 до април 2013 година, 17 државни службеници.

- Работилница на тема: "Каталог на работни места", во рамките на проектот "Техничка поддршка за подготовка на каталог на работните позиции и на законот за плати" поддржан од ЕУ, наменета за вработените во организационите единици за управување со човечки ресурси, 8 октомври 2012 година, Скопје - 1 државен службеник

- Циклус обуки за администрација-Подготовка на прописи, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје:
  - Обука за напредно ниво во два циклуса 18-20 октомври 2012 и 15-17 ноември 2012, 1 државен службеник;

- Обука за почетно ниво, во два циклуса, 15-17 октомври 2012. и 12-14 ноември 2012 , 1 државен службеник.

- Регионалната средба на генерални секретари на парламентите на земјите од Западен Балкан, придружувани од шефовите на одделението за управување со човечки ресурси, насловена како "Модернизирано управување со човечки ресурси во националните парламенти",18 и 19 октомври 2012 година, Тирана. Средбата е заеднички организирана од Мисијата на ОБСЕ и Албанскиот парламент.

- Студиска посета на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г. Жарко Денковски и двајца државни советници од Службата на Собранието на Националното Собрание на Француската Република во периодот од 11 до 16 ноември 2012 година.

- Семинар на тема "Зајакнување на капацитетите за буџетски анализи во законодавните домови", Вашингтон, САД од 12 до 21 октомври во организација на House Democracy Partnership во соработка на International Republican Institute, 2 државни службеници;

- Четвртата годишна Конференција на Мрежата на сектори/одделенија за управување со човечките ресурси во државната служба, на тема "Управување со изведбата" (Performance management), 8 ноември 2012, Скопје - 1 државен службеник;

- Конференција на тема: "Да се биде во тек: Подобрување на соработката меѓу државните институции и граѓанското општество во Западен Балкан и Турција", во организација на TACSO (Technical Assistance for Civil Society Organisations, 7-8 ноември 2012 г., Скопје, - 1 државен службеник;

- Конференција на тема: "Обезбедување квалитетно, конзистентно и достапно законодавство преку воедначени номотехнички правила и стандарди, 21 ноември 2012 година, Скопје во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Секретаријатот за законодавство, 2 државни службеници;

- Курс по француски јазик (почетен и напреден) за 22 државни службеници од Службата на Собранието кои работат на ЕУ и мултилатерални досијеа, во рамки на проектот за обука по француски јазик за државни службеници од Република Македонија од страна на Меѓународната организација на франкофонијата;

- Почетен курс по германски јазик за 14 државни службеници од Службата на Собранието, финансиски поддржан од ГЕТЕ Институтот

- Исто така во овој период државни службеници од Службата на Собранието учествуваа и на обуки во организација на Министерството за информатичко општество и администрација. Во периодот беа реализирани следниве генерички обуки на тема:
  - "Основи на Европската унија", Скопје - 1 државен службеник;
  - "Регистар на државните службеници ", 9 март 2012 година, Скопје - 1 државен службеник;
  - "Управување со проектен циклус - А" - Модул 2: "Проектен циклус" 18,19 и 20 април 2012, Скопје - 1 државен службеник;

- "Управување со проектен циклус - Б" - Модул 1: "Управување со проект" 26 и 27 април 2012, Скопје - 1 државен службеник;
- "Управување со човечки ресурси" 31 мај 2012 година, Скопје - 1 државен службеник;
- "Управување кон резултати" 1, 2 и 3 октомври 2012 година, Скопје - 1 државен службеник;
- "Управување кон квалитет" 8 и 9 октомври 2012 година, Скопје - 1 државен службеник;
- Работилница за евалуација на политиките во јавна администрација, во организација на МИОА и РеСПА, 17-19 септември 2012 година во Даниловград, Црна Гора, 1 државен службеник;
- "Антикорупциски мерки и етика во државната служба", 9 ноември 2012 година , Скопје - 1 државен службеник;
- "Конзистентна примена на Законот за електронско управување", 12 ноември 2012 година, Скопје - 2 државни службеници;
- "Конзистентна примена на Законот за јавни набавки", 14 декември 2012 година, Скопје -1 државен службеник.

# 11.2. Податоци од стручно-административен карактер

## Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***




***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



*Експедирани материјали*



## *ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ*

**Вкупно измножени: А4 формат: 278.279 копии**
**А3 формат: 608.758 копии**
**А4 формат печатени: 895.308 копии**



# 12. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Шеснаесетта седница | 09.01.2012<br>10.01.2012<br>11.01.2012<br>12.01.2012<br>13.01.2012 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок | 11,25-19,25<br>12,25-18,05<br>11,25-19,35<br>11,45-13,10<br>12,30-17,25 |
| 2. | Осумнаесетта седница | 13.01.2012 | -петок | 17,25-17,50 |
| 3. | Дваесетта седница | 16.01.2012<br>17.01.2012<br>18.01.2012<br>20.01.2012<br>23.01.2012<br>24.01.2012<br>25.01.2012<br>30.01.2012<br>31.01.2012<br>01.02.2012 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,20-18,05<br>11,15-16,30<br>11,10-19,55<br>11,25-18,35<br>11,50-19,10<br>12,25-19,40<br>12,25-17,50<br>11,25-20,00<br>11,10-20,05<br>13,15-19,15 |
| 4. | Дваесет и прва седница | 03.01.2012 | -вторник | 11,15-11,35 |
| 5. | Дваесет и втора седница п*п* | 26.01.2012 | -четврток | 11,25-18,00 |
